СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

**Април 2023 година**

**С к о п ј е**

# 100 ГОДИНИ - СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2022 ГОДИНА ВО КОЈА**

- **КОМОРАТА ОДБЕЛЕЖА ЕДЕН ВЕК ПОСТОЕЊЕ И ГО СТАРТУВАШЕ ПРОЕКТОТ „КОМОРА НА ИДНИНАТА“;**
- **ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА ДОДЕЛИ ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА КОМОРАТА И ПОВЕЛБА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА ПРЕСТЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ;**
- **ВО РАМКИ НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 100 ГОДИШНИНАТА БРАНКО АЗЕСКИ ИМ ДОДЕЛИ НАГРАДА - ГОЛЕМА ПЛАКЕТА НА ВУЧИЌ, РАМА, ЗАЕВ И КОВАЧЕВСКИ ЗА ЛИЧНОСТИ КОИ НАЈМНОГУ ДОПРИНЕЛЕ ЗА РЕГИОНАЛНА БИЗНИС ИНТЕГРАЦИЈА.**










2022 година одбележавме 100 години постоење на Стопанската комора како предводник на бизнис секторот во државата. Еден век стоиме цврсто зад бизнисот, иако зад нас оставаме период со многу турбулентни ситуации, кризи, подеми и падови на економијата во државата, во која компаниите успеваат заедно со Комората да ги премостат овие во најголем број непредвидени ситуации. Оваа година за прв пат после формирањето на коморскиот систем на овие простори (во 1922 година), го враќаме одбележувањето на 14 јули.



## ЗОШТО ПРОМЕНА НА ДАТУМОТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНАТА ОД КОМОРСКИОТ СИСТЕМ?

***Четиринаесетти јули (14 јули) е посебен ден затоа што тогаш се слави француската буржуаска револуција.*** *Тој датум, означува една голема битка за демократијата, слободата и човековите права. Не било ни случајно, што токму на тој ден,**14 јули, во 1922 година**, се поставени темелите на коморскиот систем на Балканот. Симболики има на секој чекор, но овде е толку видлива, што не треба да се додаде ниту еден збор.*
***Осумнаесетти февруари (18 февруари) 1945 година, пак е датум за почетоците на коморското организирање после втората светска војна.*** *Во најтешките мигови за коморскиот систем на нашата држава, ние го одбравме тој датум затоа што ни изгледаше логичен, бидејќи таа година е првата година од постоењето на независноста на нашата држава и мораме да кажаме дека тоа по малку личеше на присвојување на тој датум во услови на коморски плурализам. Но ние бевме упорни затоа што нашите прослави даваат поттик за нашите понатамошни активности и за вербата на нашите членки во нас.*

Претседателот Азески ќе изјави: „Мислиме дека е време, на 100-годишнината, да ја расчистиме таа дилема и да продолжиме да го славиме **14 јули како заеднички празник на сите наши комори**, поточно на тие што сакаат да учествуваат во тие прослави. Со тоа даваме позитивен пример како треба да се однесуваме кон нејаснотиите“.

Дека 100 годишнината ја одбележавме на уникатен начин (не со прослави туку со дела), потврда е и „Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки“ што Собранието на Стопанската комора ја усвои на истиот датум 14 јули 2022 година а која досега ја потпишаат поеќе од 150 компании и институциите: МАНУ, Универзитет американ колеџ Скопје, Организацијата на работодавачи на РМ, Сојузот на стопански комори на Македонија, трите државни универзитети СВ. “КИРИЛ И МЕТОДИЈ”, “КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” И УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, а Декларацијата ја потпиша и Делегацијата на германското стопанство како застапништво на Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) во Берлин.

# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ, ПОЛИТИКИ, МЕРКИ

СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, НА СЕДНИЦАТА ОДРЖАНА НА 14.07.2022 ГОДИНА, КАКО НАЈВИСОК ОРГАН НА КОМОРАТА, ЦЕНЕЈЌИ ГО СЕВКУПНИОТ АМБИЕНТ СОЗДАДЕН НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН, ТЕШКИТЕ РЕГИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ И СЛАБОСТИТЕ ВО СОПСТВЕНАТА ЗЕМЈА И ВО КОНТЕКСТ НА ПОСТОЈНИТЕ КРИЗИ ОД 2008 ГОДИНА НАВАМУ, ЦЕНИ ДЕКА Е ПОТРЕБНО НА ЈАВНОСТА ДА И ГИ СООПШТИ СВОИТЕ СТАВОВИ НА ПРЕЦИЗЕН И ЕДНОСТАВЕН НАЧИН, ЗА ДА МОЖЕ ДА БИДЕ РАЗБРАНА ОД СЕКОГО. ЗАТОА СЕ ОБЈАВУВА ОВАА ДЕКЛАРАЦИЈА НА 14.07.2022 ГОДИНА, ТОКМУ НА ДЕНОТ КОГА СЕ ОДБЕЛЕЖУВА 100-ГОДИШНИНАТА ОД СВОЕТО ПОСТОЕЊЕ:

1. **Од осамостојувањето на земјата наваму, македонската економија оствари разочарувачки бавен раст.** Во периодот од 1993 до 2021 година, просечно годишно, реалниот раст на бруто домашниот производ изнесува само 1,7%, што не овозможи позначително стеснување на јазот во однос на просекот на Европската Унија. И покрај тоа што јавниот долг на Македонија многу се зголеми, од 23% во 2008 година на 54,9% во март 2022 година, со тоа речиси достигнувајќи го плафонот на својата одржливост, задолжувањето не обезбеди побрз економски раст. Маневарскиот простор за нови задолжувања се стесни, и земјата се соочува со ризикот да стане презадолжена доколку трендот на задолжување продолжи. Македонија не успеа да го реформира својот образовен систем и не продуцира кадри со знаења и вештини што ги бара пазарот и новото време. Во текот на три децении Македонија не успеа да го заокружи квалитетно инфраструктурното поврзување, ниту во земјата ниту со соседните земји. Поради отсуство на конзистентен пристап земјата остана високо зависна од увоз на енергенси, а со тоа и подложна на силни ценовни удари без обезбедена алтернатива.

2. Ваквите неповолни состојби во економијата во значаен дел се должат на нефункционирањето на правната држава, непочитување на пазарните вредности, севкупната политизација на секоја пора од општеството и доминацијата на интересот на политичките партии над државниот интерес. Ова е неодржлива ситуација и на долг рок води кон економска пропаст на земјата. **Затоа бизнисот бара враќање од „партиската“ кон „државната агенда“, која е образложена во следната точка.**

3. **Ако се точни констатациите од точките 1 и 2 на оваа Декларација, тогаш политичките партии во državава треба да склучат еден нов рамковен договор, а тоа е договор за економските реформи, политики и мерки кои треба да се спроведуваат во наредните најмалку десетина години, а тоа да биде остварено во соработка со МАНУ, универзитетите, коморите, синдикатите, невладиниот сектор и медиумите.** Само со ваков пристап бизнис секторот во Македонија ќе може да работи во амбиент кој што е стабилен, предвидлив и долгорочно ориентиран. Во вакви околности, ќе има големи инвестиции на приватниот бизнис сектор, отворање на нови работни места и забрзување на растот на македонската економија.

Оваа декларација, доколку ја прифатат политичките партии, ќе биде понудена за потпишување на сите други добронамерни субјекти кои сакаат прогрес на нашата држава и спречување на одливот на млади луѓе од земјава. СКСМ се одлучи на ваков потег, ценејќи дека мултиплицирањето на низа проблеми во тесен временски период може да го загрози опстојувањето на бизнисите, а со тоа и на Република Северна Македонија.

Собранието на СКСМ како највисок орган на Комората одржа две значајни седници на 18 февруари и на 14 јули. На првата **на 18 февруари**, претседателот Азески се обрати пред членовите на Собранието во врска со 100 годишнината од постоењето на Стопанска комора на Северна Македонија. Тој направи ретроспектива на работењето на Комората, нејзината улога за бизнис заедницата, развојниот пат и значењето на Комората. Притоа, истакна дека Стопанската комора во овој период помина низ два значајни периоди: од 1991 до 2004 година, кога западна во криза и од 2005 години наваму кога доживеа повторно афирмација. Во изминатите 17 години, од 2005 година наваму, се работеше да се врати угледот и значењето на Комората. Се помина низ низа потешкотии, но Комората има доволен капацитет, човечки потенцијал, знаење и умеење за да биде значаен фактор во државата.

Во овој период, преку Комората се изградија и неколку институциите буквално од нула, кои денеска имаат признато место во бизнисот како што се ГС1 Македонија (организација за доделување и управување со бар кодовите за нумерирање на артикли), Македонското кредитно биро, Советот за странски инвестиции, Македонската енергетска асоцијација, Комората на иднината и многу други проекти кои се во тек.

Клучна промена е формирањето на советите со фокус кон развој, иновации и знаења. Овие облици на наше организирање се насочени кон развој на пазарно ориентираните услуги од сите компании во државата. Преку Советите за напредни технологии и за унапредување на квалитетот на производството и на услугите, за унапредување на високото образование и за стратешки истражувања, за унапредување на индустриското производство и на извозот и за унапредување на квалитетот на тренингот и на обуките, ќе стигнеме до неколку клучни придобивки, нови институции (Берза на труд; Институт за извоз; Компанија за консултантски услуги и лобирање; Школа за бизнис-лидери; Суд на честа), проектни активности и многу други.

Се донесе одлука новиот датум за одбележување да е 14 јули, денот кога пред 100 години е донесен законот за формирање на првиот коморски облик на организирање на овие простори. Стопанската комора ќе предложи 14 јули 1922 да биде заеднички одбележуван од сите комори во Македонија.

**На свечената седница на Собранието на 14 јули**, претседателот Азески имаше излагање за Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки. Тој укажа дека прославата на 100-годишнината е во период на тешка економска состојба во државата, која ќе продолжи и во следните месеци и е предизвик и креира несигурност за работењето на компаниите, нешто што го предвидовме. Затоа Комората како и секогаш ќе биде активен и совесен чинител во економските процеси во државата.

Ценејќи ја ваквата ситуација УО на Стопанската комора му предложи на Собранието како највисок орган на Комората да ја усвои Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки.

Со Декларацијата како Стопанска комора уште еднаш ја потенцираме заложбата да се занимаваме со суштински работи, кои се однесуваат на реалната состојба во економијата и што се очекува од нас на краток и долг рок за подобро фунционирање на државата од аспект на правна држава, функционирање на пазарната економија, како и сите принципи кои му овозможуваат на бизнисот остварување на неговата функција, а тоа се нови инвестиции и нови работни места затоа што тоа е опстанок на државата.

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **ЕДИНАЕСЕТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 18.02.2022 година** | • Обраќање на Претседателот Азески во врска со 100 годишнината од постоењето на Стопанска комора на Северна Македонија<br>• Предлог – одлука за заокружување на концептот „Комора на иднината“<br>• Спроведување на Декларацијата за лојалност и високи професионални стандарди<br>• Информација во врска со законското решение за “Недела – неработен ден”<br>• Предлог – нацрт декларација за отпочнување на постапка за пристапување на РС Македонија кон Европската Економска Област (ЕЕО) како дел од напорите на шестте земји членки на ЦЕФТА од Западниот Балкан да пристапат во ЕЕО. |
| **ДВАНАЕСЕТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 20.05.2022 година** | • Излагање на г-дин Мајк Зафировски на тема лидерство и менаџмент<br>• Оценка на состојбите од мулти – кризата и предлог – мерки<br>• Оценка за состојбите изнесена од компаниите-членки<br>• Предлог - мерки за преземање од страна на Комората<br>• Предлог – Извештај за активностите на СКСМ во 2021 година<br>• Финансиски извештај за работењето на Стопанска комора на Северна Македонија за 2021 година<br>• Извештај на Надзорниот одбор за финансиското работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година<br>• Ревизорски извештај за 2021 година<br>• Спроведување на Декларацијата за лојалност и високи професионални стандарди<br>• Предлог активности за спроведување на усвоената Декларација за отпочнување на постапка за пристапување на РС Македонија кон Европската Економска Област (ЕЕО) како дел од напорите на шестте земји членки на ЦЕФТА од Западниот Балкан да пристапат во ЕЕО. |
| **ТРИНАЕСЕТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 14.07.2022 година** | • Декларација за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки<br>• Одлука за пренамена на средства предвидени за организација на прославата 100 - години коморско организирање, во финансиска поддршка за дигитализација на процесите во компаниите<br>• Кадровски прашања |
| **ЧЕТИРИНАЕСЕТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 20.12.2022 година** | • Буџетот на државата и даноците во 2023 година<br>• Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Северна Македонија во 2023 година<br>• Финансиски план на СКСМ за 2023 година |

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **ДЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 20.01.2022 година** | • Одлука за разрешување на членови на Коморскиот сенат<br>• Одлука за именување на членови на Коморскиот сенат<br>• Одлука за отворање на постапка за именување на Претседател, Потпретседател и судии на Судот на честа<br>• Одлуки за внатрешна организација на Постојаниот избран суд – Арбитража<br>• Измена и дополнување на Правилник за организација и работење на Стручната служба на Стопанската Комора на северна Македонија<br>• Одлука одобрување на решенија на претседателот на СКСМ |
| **ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 28.02.2022 година** | • Одлуки за соработка со медиумски организации<br>• Усвоен Извештај од Комисија за финансиски прашања за период октомври 2021-јануари 2022 |
| **ДВАНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 24.03.2022 година** | • Дискутирани се решенија за справување со мулти – кризата, не се донесени акти поврзани со работењето на Комората. |
| **ТРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 19.05.2022 година** | • Одлука за формирање Национална асоцијација за туристички агенции при СКСМ<br>• Договор за стратешко партнерство со ГС1<br>• Измена на акти на Бизнис Центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Охрид<br>• Кадровски прашања<br>• Финансиски прашања |
| **ЧЕТИРИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 23.06.2022 година** | • Декларација по повод 100 годишнината на Стопанска комора на Северна Македонија<br>• Усвојување на пакет за издавање на сертификатна марки во СКСМ<br>• Одлуки за одбележување на 100 годишнината од коморското организирање во Република Северна Македонија<br>• Правилник за измена и дополнување на Правилникот за организацијата и работењето на Стручната служба на Стопанска комора на Северна Македонија<br>• Одлука за разрешување и именување на потпретседател и член на претседателството на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **ПЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 28.09.2022 година** | • Пакет Одлуки за водење и затварање на сметки на СКСМ<br>• Одлука за наградување |
| **ШЕСНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 03.10.2022 година** | • Актуелни состојби со електричната енергија<br>• Постапување по ставови заземени на седницата на УО од 28.09.2022 |
| **СЕДУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 06.10.2022 година** | • Информација за вчерашната седница на Економскиот совет на Владата на РСМ - заземање на ставови за идните чекори на Стопанската комора на Северна Македонија |
| **ОСУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 07.11.2022 година** | • Одлука за измени и дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите<br>• Одлука за измени и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите<br>• Предлог состав на членови на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања |
| **ДЕВЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УО одржана на 15.12.2022 година** | • Програма за работа на Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања<br>• Програма за работа на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките<br>• Решение за назначување на координатор<br>• Овластување за потпишување на договор<br>• Одлука за формирање на Национален совет за извоз (НСИ) при СКСМ |

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Седумнаесетта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 07.02.2022 година:** | • Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2021 година со извештаите на пописните комисии; |
| **Прва седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 09.05.2022 година:** | • Запознавање со донесениот финансиски план на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Информација за надлежностите на Надзорниот одбор, планирани седници на Надзорниот одбор за период март 2022г. - февруари 2023г. и информација за финансиското работење;<br>• Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година;<br>• Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА“ ДООЕЛ - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2021 година; |
| **Втора седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 07.06.2022 година:** | • Разгледување на материјалите, согласно заклучоците на УО на Комората за точката: Иницијатива за склучување на договор за ко-финансирање на средствата од ИПА II програмата за Проектот: „Организирање активности за брз раст на потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија - Газеле“ од страна на Министерството за локална самоуправа |
| **Трета седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 29.07.2022 година:** | • Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Северна Македонија за период 01.01.2022 до 30.06.2022 година;<br>• Предлог-одлука за спроведување на постапка за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Предлог-одлука за утврдување на критериуми за оценка на понудите за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Предлог-одлука за формирање Комисија за избор на независно-ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година;<br>• Јавен оглас за избор на независно ревизорско друштво за ревизија на финансиско-материјалното работење на Стопанската комора на Северна Македонија за 2022 година; |
| **Четврта седница на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, одржана на 12.12.2022 година:** | • Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Северна Македонија за 2023 година; |

# Club100

„Клубот 100“ формиран по повод 100 годишнината од нашето постоење, брои 5 члена од редот на замениците претседатели на Стопанската комора на Северна Македонија. Има водечка улога во менаџирањето на Комората, најрепрезентативен претставник на приватниот сектор во нашата држава и е преговарачки тим на Комората на највисоко ниво, и во домашните и во меѓународните релации. Нивните компании (бизниси) остваруваат годишен обрт од над милијарда евра, вработуваат над 5.300 вработени, остваруваат над 100 милиони евра профит и со години наназад се во врвот на листата на најуспешните компании.

Членови на „Клуб 100“, според член 30а од Статутот на СКСМ, секој поединечно носител на функцијата заменик-претседател на СКСМ се :




*м-р Живко Мукаетов; Хари Костов;   Андреја Јосифовски; Илија Гечев; д-р Кочо Анѓушев*

Во 2022 година одржаа три седници, а во текот на целата година заменик претседателите земаа и индивидуално активно учество во остварувањето на стратешките правци на делување на Комората. Седниците ги одржува во Салата “Клуб 100” која е комплетно реновирана и опремена со најмодерна опрема, мебел и технологија, на иницијатива и со донација од г-дин Андреја Јосифовски.



**Седма седница на Клуб 100**

**08.02.2022**

- Разгледување на информацијата во врска со законското решение "НЕДЕЛА-НЕРАБОТЕН ДЕН"- Предлог за покренување Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, на која се заклучи СКСМ да се обрати со соопштение до медиумите за непазарните упади кои се прават на компаниите во услови на т.н.пазарна економија (минимална плата, недела неработен ден, замрзнување на цените);
- Разгледување на информацијата за поднесената Иницијативата за законско нормирање на холдингот на која се заклучи СКСМ да продолжи комуникација во однос на што побрзо воспоставување на оваа законска измена;
- Информација за финансиска поддршка на македонските компании во имплементација на САП системи која претставува заедничката активност на Комората, Владата на РСМ и „Хелветас", швајцарска интеркооперација со подружница во Скопје во финансиската поддршка на македонски компании во имплементацијата современи дигитални софтверски системи, кои ќе овозможат унапредување на нивното постојно работење преку имплементација на САП- дигитални решенија кој нудат концепт кој ќе им овозможи да прераснат во "Интелегентно претпријатие" (Intelligent Enterprise) и се заклучи дека е од особено значење и во следниот период ќе се утврдат критериумите за апликација и распишување на јавен повик.

**15.3.2022**

**Осма седница на Клуб 100**




- Се разгледа Анализата за можните дополнителни даночни оптоварувања предвидени во Стратегијата за даночни реформи (2021-2025) и се заклучи да се информираат членовите на Управниот одбор и соодветно да се преземат активности од Стручната служба
- Дискусија за состојбите во економијата предизвикани од Руско-Украинските воени дејствија и се констатираше дека состојбите за македонските компании ќе бидат непредвидливи и полоши од последиците од пандемијата. Се очекува раст на каматните стапки, се предвидува недостиг на девизи и раст на инфлацијата. Се предвидува дека цената на струјата нема да падне под 180 евра за мегават час. Цената на гасот за следната година се очекува да е повисока од годинешната. Се предвиди дека лошите т.е негативните трендови значително ќе се почувствуваат за два месеци кај сите компании. Мерките кои се донесени нема да го дадат ефектот, и се заклучи да се преземат активности со кои низ конкретни предлог решенија ќе се помогне на реалниот ректор.

**01.12.2022**

**Деветa седница на Клуб 100**

- Дискусија за актуелните случувањата во врска со енергетската состојба во земјата на која се заклучи мерките предложени од МЕА да се постават како наши барања во насока на обезбедување на предвидливост за бизнисот за цената на енергијата и во 2023 година;
- Сивата економија во македонската економија, односно неформалната економија во периодот на мулти кризни услови мора да е на пиедесталот на барањата од бизнис секторот, претставуван од Стопанската комора на Северна Македонија. Ова особено добива на значење по најавите на Владата за спроведување на даночна реформа која може да доведе до дополнителни даночни оптоварувања за даноночните обврзници во нашата држава, а при тоа не се искористени сите други можности и предуслови кои стојат на располагање на институциите на системот. Дополнително се констатира потребата за

подготовка на сеопфатна анализа за неформалната економија која ќе понуди прецизни предлог мерки и решенија, со дефинирани носители и предложена динамика за надминување на неформалната економија во РС Македонија.

- Се разгледа состојбата со инфлацијата во земјата, кое и за бизнис секторот е исклучително важно. Инфлацијата (септември 2022 / септември 2021 година) изнесува 18,7%, а базичната инфлација, која го исклучува ефектот на поскапување на енергијата и храната, изнесува 8,8%. Значи дека 47% од инфлацијата во посочениот месец не се должи на пораст на цените на храната и енергијата. Со други зборови, речиси половина од инфлацијата не е увезена туку се должи на домашни фактори (пораст на платите, вградување на инфлациските очекувања при формирање на цените од страна на домашните економски субјекти, итн.). Во октомври инфлацијата продолжи да расте (октомври / октомври од претходната година) и достигна 19,8%.

Континуирано на дневна основа Клуб 100 ги следеше потребите на членките, и низ континуиран и ефикасен дијалог со дизајнерите на економските политики своето делување го насочија кон реализирање на утврдени приоритетни потези за создавање можности и амбиент што ќе поттикнат зголемена економска активност на приватниот сектор, но и за надминување на предизвиците од здравствената, економска, финансиска и енергетска криза **преку низа заклучоци, иницијативи, решенија и препораки.**

# КОМОРА НА ИДНИНАТА

**Комората на иднината е куќата на бизнисот каде компаниите го остваруваат своето право да делуваат во насока на подобрување на деловниот амбиент, да се борат за својата конкурентност, вложувајќи во иновативност, напредни технологии, знаење, следејќи ја бизнис логиката, да се развиваат и да остваруваат профит.**

Концептот „Комора на иднината“ кој го поставивме уште во 2019 година, конечно почна во својата целосна форма да делува во 2022та година. Со тоа го ставивме во функција и стратешкиот документ кој преку новиот концепт претставува одговор на потребите на бизнис-заедницата да има силен партнер. Клучна промена во трасирањето на патот кон Комората на иднината е формирањето на Советите со фокус кон развој, иновации и знаења. Секако во услови на се`уште актуелната мулти криза, во која подгревањето на инфлаторните движења, високите цени на електричната енергија, станаа секојдневие Комората дел од своите ресурси ги насочи и кон решавање на проблемите од актуелните теми, а останавме и на патот за третирање на прашањето за образован кадар согласно потребите на бизнисот.

За таа цел 2022 година останавме активни преку разните форми на настани и активности кои ги реализираме, повеќе од 100-тина (прес конференции, трибини, расправи за конкретни теми со компаниите, посета на фирми). Реализиравме над 20 тематски прес конференција. Медиумите беа присутни и на повеќе од 20 настани организирани за конкретна цел, тематски. Се одржаа повеќе од 30-тина состаноци и расправи на конкретни теми од интерес за компаниите со вклучување на претставници од надлежните државни институции. Организиравме над 40 конференции, бизнис-форуми, бизнис-средби, активности во рамки на поектите во кои директно е вклучена Комората:

- ЕЕН мрежата;
- Е4Е – Образование за вработување;
- ПСРИСА - Проектот: “Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција”;
- SeeThe Skils – одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вредни;
- Стимулирање на зелени вработувања: Клучни точки за прекугранични образовни и технолошки иновации (Г.Е.М.С.) во реализација на РК Битола;
- Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI).

Дополнително и серија состаноци на здруженијата според дејности, повеќе од 15 активности во рамки на регионалните комори, над 50 ет работни средби во компании. Во секој број на месечниот магазин ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС се објавуваат текстови за активностите на Стопанската комора на Македонија (над 70 текста).

# КОЛУМНИ, СТАВОВИ И АКТИВНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, БРАНКО АЗЕСКИ

**03.1.2022**

## ПРАЗНИЦИТЕ СЕ ПРАЗНИЦИ, АМА СЕ „КРОИ“ НОВАТА ВЛАДА

**Во триесет години сме имале 19 министри за образование, 17 за економија, 13 за екологија, 13 за земјоделие, 7 за развој (постоело до 2002, „после сме се развиле“)... Се на се, во просек од 18 до 22 месеци. Наздравие празницииве!**



Најпрво да упатам честитки со желби за просперитет во новата 2022 година во која СКСМ слави 100 години од своето постоење и со тоа како најстара институција во државата не обврзува на највисок професионализам, одговорност и посветеност во нашето работење. Токму затоа денеска во првиот работен ден сакам да прокоментирам определени бројки, повторно да афирмирам определени наши ставови и да ги повторам нашите приоритети со цел да послужат како едно од повеќето видувања за тоа како персонално и функционално би требало да изгледа новата Влада, во делот на економските ресори. Нормално, намерата не е да излеземе од своите надлежности туку да помогнеме во градењето на принципите  кои можат да не одведат напред.Прво, соочени со предизвиците за ефикасна борба против корупцијата и сивата економија, од една страна, како и отежнато работење во услови на пандемија од друга страна, свесни сме дека единствено решение кое се повеќе станува актуелно е целосната дигитализација и интегрирање на процесите на издавање дозволи, одобренија, согласности и други документи кои ги издава државната администрација, вклучително и градежните дозволи. Ако сакаме инвестиции во услови на економска криза, можност за поголема следливост и контрола на процесите, како и избегнување на субјективниот фактор при издавање на документите од државните органи, неопходни се одлучни потези на Министерството за информатичко општество и администрација на планот на дигитализација, од една страна, и создавање мала, ефикасна, добро платена и стручна администрација, од друга страна. Оваа цел, не е цел значајна само за бизнисот, туку и за целото општество. Затоа, личноста што ќе го предводи овој ресор, но и поставеноста на Владата кон ова прашање, се особено значајни прашања во овој момент.Второ, доколку не беше пандемијата и кризите (здравствена, економска, енергетска), клучен проблем за бизнис секторот ќе беше образованието. Време е да се ориентираме кон вештините и компетенциите,

поткрепени со практичната обука. Наставата бара мотивирани ученици, а тоа се постигнува преку солидни и квалитетни наставници и модернизирани и опремени училишта. Нефлексибилноста во областа на неформалното образование претставува  сериозна пречка за обезбедување кадар за стопанството и економскиот развој на државата. И, најзначајно, за да може да се реализираат започнатите реформските процеси неизбежно е да се зголемат издвојувањата на средства за образованието од БПД, од сегашните 3,2%  на 5%.Се разбира, не може веднаш, поради состојбите во кои се наоѓа државата поради пандемијата, но можно е со покачување во текот на 5 години и сегашниот Буџет на Министерството за образование и наука, кој за 2021 година изнесува 23.091.104.000 денари да порасне на 36.079.850.000 денари за да се исполни просекот од 5%.  Ваквото барање го оправдуваме со фактот дека средствата што сега се одвојуваат не само што не се доволни, туку се и далеку под просекот предвиден од ОЕЦД кој изнесува 5%. Веројатно за да се остварат барем дел од овие цели, министерот кој раководи со овој ресор треба да има профил кој е спротивен на сите досегашни 19 министри од осамостојувањето, кои во просек останале на функцијата 18 месеци. Можно ли е со ваков просек да се прават темелни реформи.Трето, Министерството за животна средина мора да го предводи човек кој ќе знае да балансира помеѓу заштитата на животната средина и економскиот развој. Една од нашите цели како бизнис-заедница, во тој сегмент е, во тесна взаемна соработка со Владата и со сите засегнати страни да ја подигнеме свеста за важноста од вложување во производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, како и бројните позитивни ефекти од овие проекти врз животната средина и економијата, за што имаме и компаративни истражувања и анализи. Но, прашањето дали државата ќе ги поддржи електричните централи на обновливи извори на енергија или не, е особено битно прашање, особено во услови на нагласена енергетска криза, кога имаме висок степен на нестабилност и неизвесност во работењето на електро-енергескиот систем во државата. За илустрација, околу 21% од сите хидроелектрани во Европа (6400 електрани) се во заштитени подрачја и при тоа, заштитата на животната средина не е доведена во прашање. Затоа, потребно е соочување со бројните предизвици на овој план, меѓу кои и активностите на невладините под мотото „да се зачува животната средина“, ненавременото или неодлучното постапување на институциите по овие прашања и слично, кои треба да бидат во фокусот на вниманието на идниот министер кој ќе раководи со овој ресор.Четврто, за бизнис-заедницата особено значајно прашање е организацијата на економските ресори. Свесни сме дека е прекратко времето за суштинска трансформација на Владата бидејќи се наоѓаме на средина на мандатот, но исто така треба да знаеме дека со интерен договор на потпретседателот на Владата задолжен за економските ресори може да се постигне иста цел, а тоа е секторите земјоделие, прехранбена индустрија и трговија кои се наоѓаат во различни министерства да постигнат функционална поврзаност, со оглед на фактот дека заедно учествуваат со над 20% во БДП. Не помалку значајно прашање се и субвенциите во земјоделието, како прашање кое се повеќе ја отвора потребата од дефинирање на објективни и транспарентни критериуми, кои ќе важат за сите, а државата ќе има целосна слика и отчетност за тоа каде, колку, зошто и на кој начин се субвенционираат различни земјоделски дејности.Петто, Министерството за финансии од каде доаѓа новиот мандатар, треба да биде репер како треба да соработуваат сите министерства со бизнис заедницата. Воспоставената пракса да секој месец на заедничка средба меѓу СКСМ и министерството за финансии се анализира резултатот на поднесените иницијативи е значаен напредок во вистинскиот дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор. Последниот резултат од 7 реализирани иницијативи, 9 во тек и 2 нереализирани, е потврда за високиот професионализам меѓу овие две институции. И, само уште нешто, ако се знае дека е во тек изработка на Стратегија за развој на човечкиот капитал подржана од Светската Банка а креирана од премиерскиот кабинет и Министерството за финансии, тогаш е јасно дека овие практики треба да се пренесат и во работењето на целата Влада.Особено е значајна позицијата на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции. Неговата улога не треба да биде физичка координација туку координација на паричните средства од сите извори наменети за развој на бизнисот со што најлесно ќе се таргетираат приоритетите и политиките на Владата. Нека останат зад нас бирократските (марифетлуци), бидејќи за тој што сака да помогне има и место и време.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80043*

**17.1.2022**

## ГОСПОДИНЕ ПЕТКОВ, БИЗНИСОТ ВЕ ПОДДРЖУВА, НАПРАВЕТЕ „КОМИСИЈА НА ИДНИНАТА“ И РЕШЕТЕ ГО ПРОБЛЕМОТ

**Нам бизнисмените не ни требаат ниту уставни преамбули ниту некакви параграфи за да ги почитуваме Република Бугарија и нејзините граѓани. Ние некого почитуваме доколку прави профит, плаќа даноци и доколку е општествено одговорен.**

Господине Кирил Петков, министер претседател на Министерскиот совет на Република Бугарија, на самиот почеток, како дипломец на „Колумбија“ и на „Харвард“ и како бизнисмен, сакам да ги поздравам Вашите изјави со кои најавувате нов пристап спрема решавањето на споровите меѓу нашите две држави. Тоа е значаен напредок затоа што претходниот пристап ја доведуваше мојата држава во понижувачка позиција, а Вие, сигурно, ќе се согласите дека таква понижена не му треба никому. Малку ли е тоа што Европејците ни се смеат за нивото на економска соработка, кое 30 години е 4,5 до 6 % од вкупниот обем на македонската трговска размена со светот, и за еднoличната структура на трговијата, која може да се наброи на десет прсти: во извозот руди од олово и концентрат, од цинк и од бакар, тутун неизлижен и плосновалани производи од железо, а во увозот масла, нафтени деривати, сурово масло од сончоглед и специјални трансакции и производи што не се класифицирани? Ни се смеат и за четирите часа што ни се потребни со кола да преjдеме 150 километри меѓу двата наши главни града и што 30 години не можеме железнички да се поврземе. Да не зборувам за граничите премини, кои се асоцијација на деветнаесеттиот век. Малку ли е тоа? А сега, наместо да се извлечеме од тој срам, треба да се расправаме со историски комисии за нешто што нашите мигрирани млади генерации во светот воопшто не ги интересира. Дајте утре во Скопје направете комисија за иднината и решете ги овие прашања. Ние во бизнисот конкуренцијата ја победуваме и ја елиминираме, ама не ја понижуваме, затоа што таа може да се врати во друга форма и да ни го прави истото.Зошто Ви се обраќам Вам, а не на нашиот премиер? Ние во бизнисот сме практични луѓе и знаеме кој е кој во политичките „игранки“. Вие сте министер претседател на земја членка на Европската Унија и на НАТО. Земја која има своја независност 150 години, неколкупати поголема од нашата. Тежината на вашиот збор и на вашата проекција да се направи нешто повеќе е одлучувачка. Токму затоа Република Бугарија и Вие како нејзин прв министер сте најодговорни за тоа. Кога би биле на Ваше место, ние денеска не би им робувале на протоколарните агенди. Ние би прашале што би договориле денеска конкретно на економски план за да ја поттикнеме соработката, за да се поврземе железнички, за да направиме автопат, за да отвориме нови гранични премини, за да ги модернизираме постојните, за да ги поттикнеме бизнисмените и за да ја олесниме трговијата. Сето тоа има многу поголема додадена вредност од повторувањето на фразите што нè доведоа дотука каде што се наоѓаме.   Втората причина зошто Ви се обраќам Вам се вредностите на западот кон кој чекориме. Јас совршено добро знам дека анкетите што ги правите во врска со прашањето за почетокот на преговорите со Европската Унија на мојата држава се со ниски бројки. Но западните вредности зборуваат за лидерство во оние моменти кога бројките се едно, а реалноста сосема друго. Оној кој ќе го направи тоа и кој ќе ја преземе одговорноста да оди против бројките, верувајќи во некое друго решение, останува запаметен како лидер, а сите други како министер претседател.Сега малку не за нашата историја, туку за историјата на политичките ветувања врзани за економијата.

- Во согласност со Договорот за економска соработка меѓу владите на двете земји, првата седница на Македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка се одржала на седми март 2019 и оттогаш не е состаната.
- Од 1999 година сме потпишале спогодба за редовен воздушен сообраќај, која и по 22 години не е спроведена.
- Заедничко аплицирање за фондовите за прекугранична соработка и Ваша поддршка при користењето на европските фондови.
- Изградба на втор интерконектор Петрич – Струмица.
- Вложување по 400 милиони евра за изградба и за модернизација на пругата од ваша и од наша страна.
- Апсолутен приоритет на Коридорот 8 и кај нас и кај вас.  Ќе се согласите дека од сето ова многу малку или воопшто не е направено.

Господине Петков, сите ние живееме под исто небо, но немаме ист хоризонт. Широк хоризонт имаат само мал број луѓе. Вие како 51. премиер на Р Бугарија од 1879 година до денес имате историска шанса да бидете првиот што гледа најдалеку на хоризонтот. Ние, како најстара институција во мојата држава, која оваа година слави 100 години и која ги застапува компаниите на доброволна основа, кои создаваат 50,3 % од вкупниот приход и кои имаат 47,6 % нето-добивка и 33,7 % вработени, стоиме на располагање за да помогнеме во тој

правец и за да учествуваме со сиот свој капацитет во процесот кој ќе овозможи во наредните две години да го подигнеме нивото на економска соработка на една милијарда американски долари, а историчарите нека расправаат колку што сакаат затоа што тие имаат време, а нашето време е скапо и се плаќа со големи камати и со разноразни оптоварувања, кои и натаму опстојуваат и кои би било добро да бидат тема на некоја следна средба. Ви посакувам добар престој и успешни разговори и Ви се извинувам ако нешто од ова обраќање биде разбрано поинаку од еден конструктивен предлог.

П.С. Како потврда за нашите констатации за трговската соработка, еве ги и бројките обработени во нашиот аналитички центар во Стопанската комора на Северна Македонија

Вкупната трговска размена во милиони американски долари

| | 1990 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2020 | I-X 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупната трговска размена на РСМ | 2.642 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 15.342 | 16.119 |
| Република Бугарија | 111.6 | 124.5 | 310.5 | 595.9 | 612.9 | 664.8 | 709.1 |
| Структурното учество на размената со Бугарија vis-à-vis истата со светот во % | 4,22 | 3,64 | 5,88 | 6,75 | 5,59 | 4,33 | 4,39 |

Извор: НБРСМ

Извоз-увоз во милиони американски долари

| | 1990 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2020 | I-X 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз од РСМ во Бугарија | 45.12 | 26.94 | 76.1 | 294.03 | 271.91 | 311.1 | 328.6 |
| Увоз од Бугарија во РСМ | 97.64 | 234.41 | 310.5 | 301.96 | 341.18 | 353.7 | 380.5 |
| Дефицит/Суфицит | -23.38 | -70.7 | -158.3 | -7,93 | -69.27 | -42.6 | -51.9 |

Извор: НБРСМ

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80057

21.1.2022

## УО НА КОМОРАТА ДОНЕСЕ ОДЛУКА НА 18 ФЕВРУАРИ НА ДЕНОТ НА 100 ГОДИШНИНАТА ДА ЈА ПОВЛЕЧЕ ИНИЦИЈАТИВАТА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД ЗА НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН ДОКОЛКУ СЕ ЕЛИМИНИРААТ ПРОБЛЕМАТИЧНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ЗАКОНОТ ШТО ГО КОЧАТ РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА КОМПАНИИТЕ



Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски со економскиот тим на средбата со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, членовите на Управниот одбор и најистакнатите стопанственици во државата ја истакна важноста од континуираната соработка, партнерски однос со деловната заедница сè со цел постигнување повисоки стапки на економски раст и решавање на предизвиците од енергетската криза и пандемијата кои се одразуваат на финансискиот капацитет на економијата.Во духот на конструктивната соработка премиерот Ковачевски и претседателот на Стопанската комора Азески се согласија дека на 18 февруари Комората ќе ја повлече иницијативата пред Уставниот суд во врска со законското решение за недела неработен ден и дека во периодот што претстои ќе се најдат сеопфатни решенија за предизвиците околу спроведувањето на законот.Премиерот Ковачевски на средбата со деловната заедница истакна дека фокусот на економијата е приоритет и се осврна на досегашната соработка и важноста од инклузивниот процес за донесување на антикризните мерки кои дадоа добри резултати, 60.000 работни места се заштитени во државата кои што инаку без тие мерки би биле загубени, исто така и ликвидноста на компаниите беше задржана.„Целта на денешната посета практично е продолжување на соработката и затоа состанокот веднаш го правиме во првата недела од изгласувањето на новата Влада и сакам да ве уверам дека ваков тип на средби ќе продолжат без разлика дали тие ќе се случуваат тука или ќе се случуваат во кабинетот на Владата, ние остануваме поддржувач како Влада на приватниот сектор, тоа е курс кој го имаше оваа Влада уште од нејзиното формирање“, рече премиерот Ковачевски во поздравно обраќање пред компаниите членки на комората. На состанокот премиерот Ковачевски,

заедно со владиниот економски тим, вицепремиерот за економски прашања и координација на економските ресори, Фатмир Битиќи, министрите за финансии Фатмир Бесими, за економија Крешник Бектеши, како и за труд и социјална политика Јована Тренчевска дискутираа со раководството на Стопанската комора на Северна Македонија за реализацијата на Планот за економски раст, кој се однесува на забрзување на домашните јавни и капитални инвестиции како и на странските стратешки инвестиции.Во таа насока на работната средба беше посочено дека се работи на Законско заокружување за стимулирање различни форми на вложување во енергетиката, како и за мониторирање на процесите на инвестициите и на ефикасноста на реализацијата, а се зборуваше и за потребата од синхронизирање на процесите на дигитализација во владините институции со цел координирање на процесот. Претставници на деловната заедница ги поздравија заложбите за се поголеми инвестиции во обновливи извори на енергија, унапредување на системот за транспорт на енергијата, инвестициите во инфраструктурата како и важноста од создавање на предвидлив деловен амбиент. Беше укажано дека е потребно законски да се забрза процесот на инвестициските активности пред сѐ во енергетиката како клучен проблем на компаниите.Од бизнисот произлегоа и други предлози како на краток, среден и долг рок да се направат одредени чекори и во насока на надминување на проблемот со енергетската криза.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80060*

**24.1.2022**

## СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЧЕЛО НА ПЛАТФОРМАТА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ

**Платформата е формирана на 9 мај 2018 година во рамките на проектот на УСАИД, во која се вклучени 4 комори за да се зајакне јавно-приватниот дијалог во процесот на подготовка на донесување закони и други прописи поврзани со работењето на бизнисот.**

Харолд Вилсон, британскиот премиер од 70-тите години, ние „комороџиите“ ќе го запаметиме по неговата легендарна изјава во која рекол: „Подобро е Комората да ја имаме како партнер на Владата во конципирањето на законите, отколку како противник во нивната примена“. Но сѐ уште не е роден лидер кој ќе ја каже формулата за тоа, бидејќи јасно е дека тоа танцување меѓу јавниот и приватниот сектор изгледа како еден пар кој повеќе се гази преку чевлите, отколку што танцува. Ако не знаете зашто, тоа е за парите. Прашањето сега е следно: зошто овој принцип не може да функционира како што е запишано. Во светот на ова прашање ќе најдеме илјадници одговори, но ајде ние да ги оставиме компаративните анализи настрана и да видиме како е кај нас.Штом УСАИД почувствувал потреба во 2018 година да го стави ова прашање на маса и да помогне во неговото надградување, сигурно имало причина за тоа. И морам да признам дека со нивна поддршка тоа на некој начин и заживеа. Се сеќавам дека кога и Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) пред 20-ина години започна проект за профункционирање на Асоцијацијата на балканските комори (АБЦ), нѐ натера да сфатиме колку сме далеку на толку близок простор. А тоа го направи на наједноставен начин. На една наша средба ни постави две прашања: колку често се состанувавте пред проектот и како дојдовте на состанокот во Сараево. На првото прашање одговорите беа многу малку или никогаш, а на второто дека во Сараево дојдовме преку Виена и Истанбул. Нивното инсистирање на постоењето на АБЦ нѐ принуди на поблиска соработка, која потоа се надгради со проектот на ЦЕФТА и на Коморскиот инвестициски форум. Така и со Платформата во која се вклучени четирите комори (Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија). Не дека не соработувавме, но Платформата понуди метод на постојана комуникација меѓу коморите, но и на поодговорен однос на Владата, претставена од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и за инвестиции. Средбите се однапред закажани секој месец, последниот петок, методологијата на работа е однапред утврдена, а резултат на сето тоа е завршување на проектот на УСАИД и продолжување со работа на Платформата како постојана институција во интерес на бизнисот.Секогаш си го поставувам прашањето зошто мора некој однадвор постојано да нѐ организира и да нѐ тера на соработка. Во нашиот случај тоа е многу едноставно бидејќи бизнисот е сечиј интерес. Но и во такви услови постои блокада на сфаќањата дека тоа мора да се негува и да се надградува. Затоа го изразувам своето задоволство што

во наредниот период ќе претседаваме со оваа платформа и уверувам дека ќе направиме сè тоа да биде на највисоко професионално ниво и во интерес на севкупниот бизнис во нашата држава.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80061

**28.1.2022**

**АЗЕСКИ ВО КОМОРАТА НА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА РЕПУБЛИКА СРПСКА. ВО „РЕПЛЕК“ ЌЕ РАЗГОВАРА ЗА РАЗВОЈНИТЕ ПЛАНОВИ НА ФАБРИКАТА ЗА ЛЕКОВИ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, денеска ќе ја прими претседателката на Република Српска, Жељка Цвијановиќ, а на средбата ќе се разговара за продлабочување на економската соработка меѓу Република Српска и Република Северна Македонија, со чија Комора (Стопанска комора на Република Српска) има одлични односи во делот на соработката на бизнис-асоцијациите од поранешна Југославија, каде што членуваат двете Комори, и двете со традиција од еден век постоење.Како значаен сервис на стопанството, посветени на создавањето поповолен бизнис и на промовирањето економски капацитет и потенцијал за меѓусебна соработка, коморите од Северна Македонија и од Република Српска имаат потенцијал за интензивирање на трговската размена и за заеднички настап и за освојување трети пазари, а можностите се особено значајни во рамките на регионот на Западен Балкан и на улогата на претседателот Азески како копретседател на Коморскиот инвестициски форум за поттикнување на меѓусебната регионална економска активност.Во соработката со Република Српска особено значаен придонес има компанијата „Пекабеско“ со својата производствена програма, но и другите македонски компании од прехранбениот сектор.Во структурата на размената на Северна Македонија со Босна и Херцеговина се евидентира суфицит во размената на македонска страна, кој за седумте месеци од 2021 година, споредено со истиот период во 2020 г., е зголемен за 154,54 %. Босна и Херцеговина е 25. трговски партнер на РС Македонија во периодот јануари – јули 2021 година. На страната на извозот од Северна Македонија доминираат другите заварени цевки, лековите (кои се подготвени во измерени дози или во форми или пакувања за малопродажба), кварцот (освен природниот песок и кварцитот), плоснатоваланите производи од железо или од нелегиран челик (неплатинирани или необложени, необработувани повеќе од топловаланите), колбасите и сличните производи од месо, како и виното од свежо грозје (освен пенливото вино) и ширата со спречена ферментација со додавање алкохол. Од Босна и Херцеговина најмногу се увезуваат млеко и павлака со содржина на масти над 1 до 6 % од маса, месо и други производи од живина (приготвени или конзервирани), дрво од иглолисници (обработено по должината, со дебелина поголема од 6 мм), дампери за употреба надвор од патната мрежа и други електрични спроводници за напон што не надминува 1000 вати.Во рамките на дневните деловни активности, претседателот Азески ќе ја посети и компанијата „Реплек“, една од нашите домашни компании производители на лекови, во кои дојде до промена на сопственичката структура и на раководството, а целта на посетата се тековната состојба и развојните планови на оваа активна и долгогодишна членка на Комората, сега под водство на извршниот директор Душан Пецовски.„Реплек“ АД Скопје е веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и на медицинска опрема. По 75 години постење, „Реплек“ АД, со помош на сопствени ресурси и капитал, прерасна во една од поголемите фармацевтски компании во земјата. Денес фабриката е современ, оперативен, високостандардизиран производствен капацитет, кој произведува повеќе од 150 лекови регистрирани во нашата земја и на многубројни странски пазари, во согласност со најстрогите барања за квалитет и за безбедност на лековите. Континуирано применување нови технологии во работењето, изградба на нови капацитети, проширување на палетата на производи, зголемување на бројот на

извозните партнери и постигнување поголема економичност е целта кон која постојано се стреми компанијата.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80066

**29.1.2022**

## 3,4 МИЛИОНИ ЕВРА ПОДДРШКА ОД ГЕРМАНСКАТА ВЛАДА ЗА 29 ФИРМИ - ЧЛЕНКИ НА КОМОРАТА ЗА ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ

29 фирми - членки на Стопанската комора на Северна Македонија, преку Коморскиот инвестициски форум, во кој ко-претседатвач е претседателот Бранко Азески, ќе добијат грант од околу 3,4 милиони евра со што ќе го продолжат дуалниот модел на образование со 7 стручни училишта и 1 факултет, за финансирање на инвестиции во опрема и инфраструктура за воведување на дуалното образование и реализација на практичната обука, со цел поголема вработливост на младите и обезбедување обучен и квалификуван кадар подготвен за работните процеси. Комората е свесна дека на ваков начин компаниите создаваат потенцијал за вработување квалификуван кадар, обучен за технологијата, машините и опремата што ги поседуваат и кој знае да ракува со нив. Тоа им овозможува да ги планираат идните инвестиции знаејќи дека имаат потенцијален кадар кој знае како да работи, а со тоа ги намалуваат и трошоците за дополнителна обука за нововработениот кадар.Со тоа заложбата и напорите што ги прави Стопанската комора на Северна Македонија за воведување на дуалното образование како најефикасен модел за подготовка на соодветен стручен кадар според потребите на компаниите и реализација на практичната обука на учениците и студентите во компаниите станува реалност, а финансиската поддршка овозможи повеќе компании да се вклучат во практичната обука и дуалното образование.Средствата за грантот се обезбедени од германското Федерално министерство за економска соработка и развој, а се реализираат преку Германската развојна банка (KfW) и Регионалниот фонд за предизвици како уникатен инструмент за финансирање.





Фондот се спроведува преку Коморскиот инвестициски форум на 6-те земјите на Западен Балкан, кој претставува значајна институција за економската регионална соработка, унапредување на бизнис климата во економиите на Западен Балкан, создавање на заеднички пазар, заеднички извоз и унапредување на конкурентноста во регионот, чија членка е и Стопанската комора на Северна Македонија. Регионалниот фонд располага со 20 милиони евра во форма на грантови за сите 6 земји. Секој еден грант поддржува од 150.000 до 600.000 евра, средства инвестирани во инфраструктура и набавка на машини и опрема, како и изградба или реновирање на работилници и лаборатории во стручните училишта за реализација на практичната обука. Средствата ги добија конзорциуми составени од едно средно училиште и 2 или повеќе компании кои аплицираа на првиот повик со образовни програми за одредени квалификации според потребите на компаниите.На првиот повик учествуваа вкупно 207 апликанти од 6-те земји на Западен Балкан, а од нив 37 конзорциуми се предложени за финансирање. Од нашата земја учествуваа вкупно 30 апликанти, а од нив 8 конзорциуми со своите проекти се предложени за финансирање со приближно 3,4 милиони евра.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80068s

**31.1.2022**

**ДО ВРАБОТЕНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




Денеска секој од вас ќе ја добие на поклон најновата моја книга со наслов „Што ни се случува“, која е производ на една колумна објавена на 27 март 2020 година во неделниот магазин „Фокус“, во која ги предвидов настаните врзани за Ковид-19 кризата и светската пандемија. Тоа беше повод да ги собереме на едно место сите мои колумни, ставови и јавни настапи за уште повеќе да ја докажеме тезата дека Стопанската комора на Северна Македонија секогаш имала став по секое прашање, кое во најголем дел било изнесувано од мене како претседател на најмоќната бизнис асоцијација во државата. Иако оваа книга е иницирана од пандемијата, која е едно од најголемите зла кои сме ги доживеале, таа конечно ја докажа и тезата во која ретко кој веруваше за моќта и снагата на нашата институција. Пандемијата беше и се`уште е најголемото наше искушение, но и најголемата можност да ја докажеме исправноста на нашите политики во изминатиот период кога упорно заедно со сите Вас од нула ја дигнавме Комората до степен на најголемо почитување. Нашата улога во отворањето на коридорите пред почетокот на кризата, учеството во економскиот совет на Владата, функционирањето на Кризниот штаб, вакцинацијата, одржувањето на економските активности, нашата улога во енергетската криза, се работи со кои Комората ќе се гордее во наредните децении. Во исто време ние успеавме да заокружиме и нов концепт на работата создавајќи ја „Комората на иднината“, да привлечеме стотици нови бизнис ликови, регионално да се позиционираме и да станеме незаобиколен фактор во креирањето на економските политики.Но тоа не е можно без Вас, без кадарот, без вработените. Во интервјуто за економскиот магазин „Економија и Бизнис“ што ќе излезе оваа недела, на прашањето што направив јас, кажав дека не ја сменив зградата, туку кадарот. Тој кадар сте Вие, и затоа Комората има иднина. Вие добро знаете дека тој кадар е граден, но тука се и луѓето кои ни се придружија пополнувајќи ги празнините во нашите редови. Читајќи ја оваа книга уште еднаш ќе се присетите на сите овие работи. Е во тој кадар има четири дами кои во изминатиот период од 2005-тата година до денеска токму во припремата за моите јавни настапи дадоа се од себе. Тие личности се меѓу Вас и Вие добро ги знаете и затоа сакам посебно да им се заблагодарам што дел од своето слободно време посветија токму на оваа мисија. Тоа нека биде позитивен пример за сите Вас како професионализмот и посветеноста можат да придонесат за успехот на сите нас.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80070*

**01.2.2022**

**Азески: Да се формира Алијанса на регионално ниво која ќе работи на зајакнување на пазарот на трудот преку КИФ, поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW)**



Обезбедувањето стручен кадар за бизнисот е прашање број еден и така мора да се третира од сите субјекти, не само од државата. Без кадар нема бизнис, без бизнис нема нова вредност, а без нова вредност нема враќање долгови, ниту развој од 4 до 7 отсто за каков што сонуваме, порача претседателот на Стопанската комора и ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум Бранко Азески, во рамки на доделувањето грантови во вредност од 3.5 милиони евра за унапредување на стручното образование поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW) и во соработка со Коморскиот инвестициски форум што се оддржа на 31.1.2022 година во Скопје.Комората, вели Азески предлага, преку македонското дипломатско-конзуларно претставништво во Германија да се испратат млади луѓе кои ќе учат од германските

искуства и потоа, стекнатото знаење да го пренесат и применат тука. Стопанската комора прва го покрена решавањето на проблемот се немање стручен кадар во земјава и од нула ја крена бројката на 211 фирми кои лани склучија договори со школите.Годинава, со германска поддршка, се очекува околу 500 компании да се вклучат во процесот на дуално образование. Тоа е впрочем и наш врвен приоритет зашто пандемијата и кризите ќе исчезнат, но ова е клучно прашање кое мора да се реши. Ако не беа проблемите што ги имаме денес, со пандемијата и енергетско-финансиската криза, ова прашање ќе беше доминантно. Прашањето и е доминантно, но сега е „сокриено“ зад овие проблеми. Владата треба да го стави како врвен приоритет и да направи поместување на средствата од Буџетот за образованието. Ние знаеме дека тоа не може да се направи веднаш, но барем да се распредели во неколку наредни години.Плавите униформи кои ги носеа сите учесници на Првиот национален настан беше идеја на претседателот на Комората Азески, и преставуваше симболика за поддршка на процесот на дуално образование и креирање стручен кадар за потребите на индустријата и техничките струки како еден од клучните предуслови за поддршка на економски развој.  За нашиот назјаначаен трговски партнер и поддржувач треба да направиме повеќе и во црпењето на нивните искуства, а тоа ќе го сториме ако во рамки на нашето дипломатско-конзуларно претставништво испратиме екипа млади луѓе кои ќе ги учат германските искуства, а потоа тука да ги имплементираат. Имаме одличен линк со германските комори, а претставништвото не може да биде третирано како сите останати зашто, сепак, Германија е наш најголем трговски партнер, водечка земја во Европа и нејзината поддршка е многу значајна за нас. Треба да се зголемат капацитетите и да се направи разлика, подвлече Азески по денешниот настан на кој 29 фирми – членки на Стопанската комора добија грант од околу 3,4 милиони евра за да го продолжат дуалниот модел на образование со седум стручни училишта и еден факултет заедно со 7 средни училишта и еден факултет во форма на 8 конзорциуми, за инвестиции во опрема и инфраструктура за стручни училишта и центри за обука во Северна Македонија кои склучиле конзорциум со компании за кооперативна обука на учениците, Поддршката е во различни сектори, машинската струка, прехранбен сектор, хемиска струка и здравствен сектор.Претседателот Азески порача дека од овој заеднички настан за поддршка на дуално образование и за учење преку работа, мора да произлезе иницијатива за формирање Алијанса како процес преку кој на регионално ниво ќе се работи на  зајакнување на пазарот на трудот поддржан од Германската влада, финансиран од Германската инвестициска банка (KFW) и во соработка со КИФ. Но, за тоа да се реализира, потребно е и компаниите да разберат дека мора и тие самите да вложуваат доколку сакаат стручни работници.„Ги одбравме овие компании бидејќи проектите со кои аплицираа беа најубедливи и најрелевантни, како и поради успешната докажана соработка со училиштата. Воедно ги задоволуваат и потребите на пазарот на трудот, односно продуцирање на соодветен кадар. “изјави Фридер Верман, раководител на тимот, Регионален фонд за предизвици„Факт е дека проектите имаат пилот карактер и нема веднаш да го трансформираат целиот систем на средно стручно образование. Сепак, очекуваме дека овие проекти ќе дадат можности и поттик за понатамошен развој на системот за стручно образование и обука со вклученост на Министерството за образование и сите актери во секторот“, рече во своето обраќање Рене Ешеман, директор на канцеларија на Германската банка за развој (KfW) за Косово и Северна Македонија.На настанот присуствуваше и заменик амбасадорот на Германија во Р.С. Македонија, Ото Граф кој ја истакна важноста на соработката помеѓу институтите за стручно образование и компаниите за постигнување на прилагодена стручна едукација која ги опремува младите со вештините и компетенциите кои ги бара пазарот на трудот.„Во земјите од Западен Балкан има висока младинска невработеност, а истовремено компаниите имаат недостиг на работна сила. Овој јаз се јавува поради неприлагоденоста на обуката што младите ја добиваат во стручните училишта на современите технологии и потреби во приватниот сектор. Проектите во доменот на кооперативна обука ќе помогнат во надминување нао овој јаз.“, истакна амбасадорот Граф.Првиот повик за финансирање привлече 205 апликации од конзорциуми меѓу институции за стручно образование и обука и компании од шесте земји на Западен Балкан. Од нив 30 апликации пристигнаа од Северна Македонија, а со одлука на Комисијата за селекција беа избрани за финансирање 8 најуспешни проекти, изјави Балша Ќулафиќ, проект координатор на на КИФ. Вториот повик за грант кој се

обезбедува преку Коморскиот-инвестициски форум и германската Развојна банка, се очекува да биде распишан на крајот од февруари.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80072

**02.2.2022**

**ЈАС НЕ ЈА СМЕНИВ ЗГРАДАТА, ГО СМЕНИВ КАДАРОТ И ТАКА ЈА СОЗДАДОВ КОМОРАТА НА ИДНИНАТА**




**Мега интервју на Претседателот Бранко Азески, во економскиот магазин „Економија и Бизнис“ по повод 100 годишнината од Стопанска комора на Македонија што ќе излезе деновиве...**

Претседателот Азески говори за тоа, дали ќе опстои македонската држава. Вели, „Сигурно ќе опстои. И веројатно тоа е главната причина за нашето заостанување во развојот и слабата активност бидејќи човек кој има алтернатива да друг му ги решава работите не пружа максимум во она што треба сам да го прави. Ако 90% од интелектуалците во една држава викаат дека работите ќе ги реши „калето“, тоа е тежок пораз на самиот себе, затоа што ти однапред си решил да не се трудиш.“На прашањето каде згрешивме, претседателот на Стопанската комора вели „Да мислиш дека не си згрешил е состојба во која ти нема помош. И јас не можам со сигурност да кажам дали грешиме во моментот но, за пред 30 години со сигурност може да се каже дека згрешивме во нашата неодлучност до крај како ќе се поставиме спрема распаѓањето на СФРЈ и предолго тактизиравме со што ја изгубивме предноста да влијаеме на процесите. Сигурно згрешивме и со тоа што на почетокот на градењето на сопствената држава не го повикавме целокупниот македонски човечки капитал во светот да дојде и да се вклучи во градењето на сопствената држава која што ја создадовме после 100-тици години и со огромен број жртви. И трето, со сигурност може да се каже дека згрешивме што не изградивме заедничка платформа за функционирање на државата обременета со разноразни поделби. Што значи ги продолживме делбите а не направивме ништо за да се сплотиме околу неколку фундаментални принципи.Вели и дека големи грешки имаме и во оштествената надградба која треба да е сериозен коректив на власта. Аески вели, „Македонија мора да се сврти од колективните кон поединечните спортови. Нашата структура на економијата која што треба да ги подржува тие проекти е слаба и неможе тоа да го издржи. Поединечните спортови со помали вложувања можат да доведат до повеќе ефекти. Примерот на Новак Ѓоковиќ го докажува тоа. Србија во фудбалот вложи милијарди а никогаш не доби ниту европска а камоли светска титула. Новак Ѓоковиќ со илјада пати помали вложувања на Србија и донесе голема афирмација“.За културата како општествена вредност претседателот Азески со став, „Еден мал народ, кој претендира да влезе во 30-ет члено семејство како што е Европската Унија, он може таму да испорача само култура, а сигурно не производи со подобар квалитет од европските. Нашата држава има илјада годишна културна традиција и искуство и тоа е она што треба да го презентираме и за што треба да се гордееме. Затоа треба и повисок процент во Буџетот од тој што е моментално, бидејќи културните вредности културните добра немаат паричен израз, тие може да се бесценети. Колку повеќе вложуваш во културата, толку повеќе се издигнуваш над другите“.Цел живот другарувам со новинарите и морам да кажам дека меѓу нив има врвни професионалци, посочува во интервјуот престедателот на најмоќната бизнис асоцијација,. Меѓутоа, вели медиумот како бизнис е заробеник на дневно политичките случувања, а со тоа и таквите професионалци го губат својот рејтинг. За мене е јасно дека тие мора да се силен коректив на власта, но, во моментов тоа не се. За нас се силен подржувач и неможам да се пожалам на соработката со нив“.За улогата на невладин сектор во општеството, ќе рече, „Невладиниот сектор наместо коректив стана активен чинител на

поделената држава. За другото не сакам да коментирам. Сите знаеме што е тоа „другото“.Многу повеќе ќе прочитате во интервјуто во печатеното издание на „Економија и Бизнис“

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80074

**11.2.2022**

**Укинување на парафискалните давачки и плаќање на доспеаните обврски кон приватниот сектор очекуваме да бидат следни чекори на Владата**

**Ефикасноста што Собранието, како највисок орган во државата, ја покажа при донесувањето на Законот за минимална плата да продолжи веднаш и со укинување на парафискалните давачки, а Владата да ги исплати доспеаните побарувања кон приватниот сектор**

Во 2010 година кога Стопанската комора на Македонија излезе со новата програма за економски развој, централната проекција беше дека приватниот сектор со таа реформа мора да биде стожер на економскиот раст и да ја апсорбира високата невработеност. Со тоа, ние како најголеми претставници на приватниот сектор, јасно дефиниравме дека поддржуваме зголемување на платите и подобри услови за работа, но јасно укажавме дека тоа може да се случи само доколку државата навреме ги извршува обврските кон приватниот сектор, доколку се укинат парафискалните давачки и се намалат даноците и придонесите. Само така може да продолжи и инвестиционата активност и отворањето на нови работни места.После прашањето на минималната плата и уредување на неделата како неработен ден и покрај забелешките на компаниите, единствено што е можно е овие три барања државата да ги исполни во целост и во што пократок рок, а на тоа би го додале и прашањето со енергетската криза, за која компаниите не се виновни. Виновна е државата (што не изградила стратегија за развој на енергетиката, не инвестирала во енергетски објекти и лошо менаџирала со истите), а товарот паѓа врз приватниот сектор.Стопанската комора на Северна Македонија, како партнер на јавниот сектор, принципиелно поставува едно многу едноставно прашање: Дали сега е вистинското време за решавање на крупните прашања коишто ќе овозможат натамошен развој на бизнисот и ќе ги апсорбираат трошоците создадени со новите законски решенија?Ние мислиме да, бидејќи овие прашања (за парафискалните давачки, навременото исполнување на обврските кон приватниот сектор, вклучувајќи ја и потребата од измена на членот 218 од Законот за извршување, кој и натаму се злоупотребува и за намалување на даноците и придонесите) би довеле до создавање атмосфера потребна за остварување на Програмата за економски раст што Владата ја има проектирано за крајот на борбата со пандемијата.И ние сме за работниците, бидејќи ние ги претставуваме компаниите, а во нив се и работниците и работодавачите. Следствено на тоа, без работниците не може да се одвива процесот на работа, а камоли да се прави профит.И не само тоа, нашата сугестија е средствата за реализација на овие неколку прашања да се бараат во самата државна администрација, каде во секој извештај се наведува нејзината неефикасност и нерационални трошења и на таков начин нема да се оптеретува државата со нови задолжувања. Така, ќе се мотивира за поголема продуктивност и приватниот, но и државниот и јавниот сектор и на таков начин ќе се остварат целите зацртани во новите закони коишто го регулираат прашањето на минималната плата и на неделата како неработен ден.На крајот, сакаме да истакнеме и една работа којашто мора да се има предвид, а е поврзана со нашите интегративни процеси во Европската унија, а тоа значи дека на економските субјекти треба да им се утврдат правилата на игра, но и да им се дозволи потполна слобода во регулирањето на нивното работење. Доколку тоа не се случи, државата на располагање има инспекциски служби, кои можат тоа да го санкционираат. Се на се, ние остануваме партнери затоа што друго не е можно, бидејќи нашата позиција освен дијалог, не подразбира ниедна друга мерка и упорно ќе продолжиме така во интерес на државата и на сите нас.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80085

**14.2.2022**

**ГОСПОДИНЕ ПРЕМИЕРЕ, ПРОВЕРЕТЕ ШТО Е СО ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА „LIFE“**

**Вкупната вредност на програмата е 2,3 милијарди евра за следните 3 години, а се однесува на остварување на целите на ДОГОВОРОТ ЗА ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА, за чија примена Северна Македонија има преземено обврска.**

1.Програмата „LIFE“ на ЕУ е една од клучните европски програми, покрај програмата „Хоризонт Европа“, за периодот 2021 – 2027 година, преку која се финансираат програми од областа на климатските промени, енергетската ефикасност, на транзицијата кон чиста енергија, циркуларната економија и природа и на биодиверзитетот. Од исклучителна важност е Република Северна Македонија да изрази интерес и да пристапи кон европската програма „LIFE“, со што македонските компании ќе имаат можност да аплицираат на повиците кои веќе се објавуваат.Стопанската комора веќе 10 години наназад реализира проекти за енергетска ефикасност на зградите во рамките на BUILD UP SKILLS, преку европските фондови, па како континуитет на овие проекти од исклучителна важност е приклучувањето на Северна Македонија кон програмата „LIFE“. Во тек е повик за проекти што се доделуваат на национално ниво, на сите европски земји кои реализирале претходни проекти, а сè со цел да се поставaт нови таргети до 2050 година. Стопанската комора веќе има поднесено апликација. Останува уште македонските државни институции да ги заокружат процедурите со кои ќе стекнеме право на користење на овие фондови.  Во изминатите години Стопанската комора координираше и спроведуваше неколку проекти на Европската Унија, меѓу кои од особено значење е проектот на ЕУ „Одржливи енергетски вештини во градежништвото“, во рамките на програмата „Хоризонт Европа“, со што ние сме единствената институција во Македонија во рамките на програмата „Хоризонт“ која координира меѓународен проект во кој партнери се 10 меѓународни институции.2.Има едно прашање кое во Комората се третира десетина години, а моите најнови информации зборуваат дека е започната процедурата за негово решавање. Тоа е историскиот член 218 од Законот за извршување, со кој се уредува дека врз предметите и врз правата на државата и на нејзините органи не може да се спроведе извршување наплата на парични побарувања, доколку се тие неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи, предмети и права што се неопходни за дејноста на должникот.Членките постојано нè информираат дека во изминатите години таа одредба на Законот се злоупотребуваше на штета на компаниите, утврдувајќи дека неопходните предмети и права над кои не може да се спроведе извршување се и паричните средства. Забележани беа и апсурдни ситуации во кои средствата наменети за одржување фестивали, за ангажирање консултантски куќи и за изградба на фонтани влегуваа во оваа група. Ваквата пракса директно задира во начелото за правната сигурност и за еднаквата правна положба на субјектите.Работната група која во рамките на Министерството за правда работи на оваа проблематика, а каде што има и наш член, информира дека во работната група е постигнат консензус за регулирање на ова прашање како што предлагаме ние, а кое е во согласност со интересите на бизнисот. Затоа чувствувам слобода да Ви предложам да ги поддржите овие настојувања, кои ќе значат голем напредок за македонскиот бизнис и поттик за успешно работење во овие тешки услови.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80086

**18.2.2022**

**Ангеловска Бежоска – Азески: Мерките на НБ го ублажија ударот на пандемијата врз економијата**



Мерките и политиките коишто ги спроведе Народната банка (НБ) за време на пандемијата придонесоа за ублажување на ударот врз економијата, а потоа помогнаа и во процесот на закрепнување, беше посочено на средбата помеѓу гувернерката на Народната банка, Анита Ангеловска-Бежоска и претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески.Заеднички е констатирано дека Според нив, регулаторната флексибилност за време на пандемијата придонесе за солидна кредитна поддршка по значително намалени каматни стапки, што им помогна на фирмите во премостувањето на предизвиците со ликвидноста.На работниот состанок, како што информираат од НБ, се разговараше околу тековните предизвици со коишто се соочуваат македонските компании. Беше истакната високата поврзаност на домашната економија со Европската Унија, како наш најголем трговски партнер.-Продолжената пандемија влијаше врз ликвидноста на економските субјекти во ЕУ, што постепено започна да се чувствува и кај македонските фирми коишто ги пласираат своите производи на европските пазари, а особено на германскиот. Исто така, постпандемиското закрепнување на европската економија позитивно влијае врз остварувањата и на домашната економија, беше истакнато од Стопанската комора. . Сепак беше истакнато дека непредвидливоста е голема, особено имајќи ја предвид енергетската криза и геополитичките тензии, соопшти НБ.Гувернерката Ангеловска-Бежоска, се додава во соопштението, се осврна на последните макроекономски остварувања, коишто упатуваат на раст на домашната економија согласно со макроекономските проекции но и присутни ризици.-Во однос на ценовните движења беше посочено дека засега нагорното придвижување на инфлацијата се должи главно на фактори поврзани со растот на цените на енергенсите и храната на меѓународните финансиски пазари. Во такви околности, засега монетарната политика е олабавена, за да се овозможи соодветна финансиска поддршка на економскиот раст. Сепак, Народната банка со внимание ги следи движењата и кај домашните фактори, на редовна основа ја преиспитува поставеноста на монетарната политика и е подготвена за соодветна реакција, се прецизира во соопштението.На работниот состанок беше разговарано и за продлабочувањето на соработката помеѓу Народната банка и Стопанската комора, преку поредовно меѓусебно информирање за макроекономските движења, како и за согледувањата на приватниот сектор за економските услови во земјата и во меѓународното окружување.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80092

**21.2.2022**

**Гужва во шеснаесетникот**

**Пандемијата не престана, енергетската криза продолжи, минималната плата се зголеми, за пензиите се преговара, прогресивниот данок се најавува, нешто е блокирано во Собранието, Украина ново воено жариште, цените секојдневно растат...**

Гужва во шеснаесетникот обично се создава при крајот на фудбалскиот натпревар, кога при фрлањето на топката отстрана, во тесниот простор на шеснаесетникот ќе се соберат дваесет играчи и се прави страшна гужва, во која е тешко да се пресуди што, всушност, се случило. Едноставно, има повеќе туркање отколку изведена акција за шанса или за гол. Деновиве чувството на бизнисот е како да се наоѓа во таков шеснаесетник и нормално е вознемирен, зашто може да се постигне гол, но и да се случи прекршок во нападот. Јасно е дека состојбата не е вообичаена. Но, да одиме по ред. Неблагодарно е какво било прогнозирање за пандемијата и за енергетската криза, на која секојдневно се изложени нашите компании. Но јасно и разумно може да се каже дека инфлацијата полека, но сигурно оди напред и дека тоа прашање, дефинитивно, е врзано за идната цена на енергенсите. Значи,

додека се одржуваат или додека растат цените на енергенсите што ги увезуваме, ќе растат и цените на домашните производи и услуги. Нивото и движењето на цените се многу важна тема бидејќи влијаат врз животниот стандард на граѓаните и врз нивната куповна моќ, но и врз ценовната конкурентност на производите и на услугите на компаниите.Дали треба да се зборува јавно за ова прашање, бидејќи тоа може да има одраз и опасност од зголемување на инфлаторните очекувања и влегување во маѓепсаниот круг на пораст на цените, кои се хранат сами од себе?Јас мислам дека треба, но тоа треба да се прави на одговорен начин, смирено, аргументирано и без шпекулации. Аргументираните дискусии можат само да им помогнат на економските субјекти подобро да разберат што се случува и да донесат правилни одлуки.Јас можам да гарантирам дека приватниот сектор, по сè што помина во овие 30 години, има чесна намера да учествува во процесот. Ова го тврдам врз основа на фактот дека по 30 години јасно е деклариран капиталот, познати се неговите вистински сопственици, прележани се детските болести и сосема јасно сопствениците знаат дека во евентуална кризна ситуација не ќе можат фабриките да ги кренат на рамо и да ги однесат надвор од државата. Значи, имаат една опција – да се борат да ја направат својата држава држава во која постојат минимум правила на правна сигурност и заштита, на пазарна економија и на фер однос на Владата и спрема нив и спрема граѓаните.Најголем ризик во овој момент е да не се преземе никаков ризик. Во свет кој се менува со огромна брзина, единствена стратешка грешка е воопшто да не се ризикува. А за некој да повлече таков потег, мора сите учесници во процесот да имаат морален интегритет, кој ќе биде разбран од трите преговарачки страни: и од бизнисот, и од Владата и од граѓаните.Дали е тоа можно кај нас кога јавниот сектор е обремент со огромна неефикасна администрација, граѓаните со ниски примања и со постојана борба за егзистенција, а приватниот сектор со непредвидливост која е огромна опасност за неговиот развој? Можно е само ако точно се знае колкава е опасноста од претходните констатации, затоа што, покрај домашните проблеми, соочени сме и со пренесени проблеми однадвор, кои не зависат воопшто од нас. Мислам дека би било добро овие прашања да добијат и регионално значење, затоа што во вакви кризи, ако си обединет, имаш поголеми шанси да поминеш со помали штети.П.С. Излезе од печат мојата нова книга со наслов ,Што ни се случува?", во која јавно обзнанувам сегменти од јавни настапи, искажани ставови, содржини од дадени интервјуа, напишани колумни, пратени пораки. Бидејќи сме оневозможени да организираме јавна промоција (која е вообичаена) поради актуелните ограничувања предизвикани од вирусот КОВИД 19, ги повикувам сите заинтересирани да наминат во Стопанската комора во петок, 25.2.2022 година, од 12 до 13 часот, за да добијат бесплатен примерок од книгата.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80094

**27.2.2022**

**„ШТО НИ СЕ СЛУЧУВА?“ – НАЈНОВА КНИГА НА БРАНКО АЗЕСКИ**



Во петокот (25.2.2022 година) во Стопанската комора на Северна Македонија претседателот Бранко Азески потпишуваше посвети на својата најнова книга „Што ни се случува?“, која излезе од печат деновиве. Граѓаните имаа можност да добијат бесплатен примерок во кој се изнесени јавните настапи (интервјуа, колумни, говори) и ставови на органите и на телата на Комората за клучните прашања од економскиот живот на државата.Насловот на книгата е извлечен од колумната на господинот Азески објавена на 27.3.2020 година во неделниот магазин „Фокус“, во која тој на прецизен начин ги предвиде збиднувањата и последиците од пандемијата врз економскиот живот. Во таа колумна, анализирано од денешен аспект, се потврдува дека неизвесноста и натаму продолжува, дека државата не може до недоглед да финансира и дека ќе мора да се преземе нешто друго, но и дека во овој двегодишен

период Комората беше на висина на задачата, особено со поддршката за отворање на закочените коридори за снабдување, но и со функционирањето на Кризниот штаб, со секојдневните конференции, со помошта околу вакцинирањето, со предлозите за донесување на владините економски пакет-мерки итн.Сè на сè, книгата потврдува дека државата во овие две години му помогна на бизнисот. Сега е време кога треба да си помогнеме сите заедно, а на крајот ќе дојде време кога бизнисот ќе ѝ помогне на државата.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=80107&lng=1

**08.3.2022**

## ЗА ДА СЕ ПРИМЕНИ ПРОЕКТОТ „ОТВОРЕН БАЛКАН“, ПОТРЕБНО Е СИТЕ НИЕ ДА ГО ПРИФАТИМЕ КАКО СВОЈ, А НЕ КАКО НАМЕТНАТ




Претседателот на Стопанската комора и копретседавач на Коморскиот инвестициски форум, Бранко Азески, на 10. панел во рамките на 29. „Копоаник бизнис-форум“ на тема „Регионалната соработка како предуслов за одржлив раст“ испрати порака дека за да се забрза процесот, мора да се одговори на неколку прашања што го оптоваруваат. Регионалното економско обединување сè уште има многу неодговорени прашања и дилеми на кои земјите од Западен Балкан треба да работат.1.Колку заостануваме зад другите? Пред пандемијата во 2019 година, според „Еуростат“, вкупниот БДП на шесте земји од Западен Балкан бил 101 милијарда евра и сме имале 18 милиони жители на овој простор. За споредба, Чешка во истиот период сама имала 225 милијарди евра БДП со над 10,7 милиони жители, Португалија 214 милијарди евра БДП на 10,3 милиони жители, а Романија 223 милијарди евра БДП на 19,2 милиони жители. 2.Што подразбираме поточно под регионална соработка: можност секоја земја поединечно да се развие или развој на регионот со јасно дефинирани правила на игра?3.Дали различните статуси што ги имаат државите на Западен Балкан можат да го попречуваат процесот (како што е СТО, НАТО, ЕУ итн.)? 4.Каква е улогата на државите во поглед на заедничката инфраструктура, заедничкото железничко поврзување, заедничкото снабдување со гас итн.?5.Која е крајната цел на процесот: дали е тоа создавање некаква царинска унија?6.Дали за странските директни инвестиции ќе изградиме заедничка политика? 7.Дали некој ни пречи на тој пат како бизнис? Да речеме дека ни пречат државите, го кочат тој процес; ние самите го кочиме како компании, но и надворешните фактори го кочат процесот. Ако на овие отворени прашања, за кои сè уште постои потреба од дебати и од разговори, усогласување ставови и политики меѓу државите, им се додадат и економските случувања во светот (пандемијата, која произведе економска и финансиска криза, енергетската криза, како и последните случувања во Украина, за чиј исход засега никој не го знае одговорот), претседателот Азески вели дека влегуваме во неизвесност која е катастрофална за бизнисот. Компаниите во овој момент се наоѓаат во многу тешка позиција, бидејќи ваквите неизвесности се смрт за инвестициските активности и за нивниот развој.Четири дена на балканскиот Давос, организиран од Алијансата на економисти на Србија, под директно водство на претседателот на Српското здружение на економисти, Александар Влаховиќ, под слоганот „Србија 2030: агенда за одржлив развој“, се реализираат вкупно 33 панели со 200 панелисти и со 8 пленарни говори, на кои ќе се дебатира за тековни и за стратешки теми од значење за економскиот развој на Западен Балкан и за поствизијата на новата нормалност.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80121

**09.3.2022**

**До компаниите членки на Стопанската комора на Северна Македонија**

Почитувани,Следејќи ја актуелната состојба во глобалната економоија која на почетокот на 2020 година почна како корона криза предизвикана од Ковид-19 вирусот со сериозни здравствено, економски и општествени проблеми, прераснувајќи во енергетска и финансиска криза, дополнително обременета со последните случувања во Украина, на дневно ниво преку своите членки Стручната служба на Стопанска комората ги следи состојбите во стопанството. Огромни се предизвиците кои се јавуваат во делот на снабдување со суровини (раст на цените на светските берзи, затворање на дел од земјите за извоз на суровинска база, раскинување на постојни договори за снабдување); недостиг и драстичен раст на цените на енергенсите.Во таа насока, Комората со свои официјални претставници е оперативно вклучена во институционалното решавање за интервентно ублажување на последиците кои го засегаат бизнис секторот. За таа цел сакам да Ве информирам дека имаме номинирано свои претставници од редот на членките во Советодавна комисија за спроведување на План за интервенции во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, формирана со Одлука на Владата, а учествуваме и во работата на Економскиот совет при Владата, каде се предлагаат мерки и се конципира државната поддршка за стопанството во овие сложени економско општествени услови.Континуирано во функција е и Платформата за јавно-приватен дијалог со која Стопанската комора претседава во моментов, местото каде се предлагаат измени и дополнувања на системски решенија кои ве засегаат во секојдневното работење. Паралелно остануваме на отворена линија и соработка со земјите од регионот преку Коморскиот инвестициски форум, со цел обединето како регион, заеднички со меѓусебна помош и поддршка да ги надминеме состојбите.Пред 10-тина дена ја промовиравме и новата алатка за адресирање на вашите проблеми во насока на изнаоѓање решенија – секој петок за линк за директна „Онлине“ средба од 12:00 до 13:00 часот, но во вакви услови, на ваше барање оваа линија ја ставаме на располагање секој ден во истиот термин, а интерес за добивање линк за учество може да се достави до: Билјана Пеева-Ѓуриќ оперативен директор, е-адреса: biljana@mchamber.mk.Ваквата директна комуникација со Вас, ќе биде и основ за натамошно постапување на Комората во изнаоѓање соодветни решенија низ институциите на системот. П.С. Да не не фати паника, имаме искуство, смирено.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80124*

**10.3.2022**

**Азески: БАЛКАНСКИТЕ ПРОБЛЕМИ МОЖЕ ДА СЕ РЕШАТ САМО СО ИНИЦИЈАТИВА ОДВНАТРЕ**

**Извор: Косово Онлајн - Azeski: Balkanske probleme može da reši samo inicijativa iznutra - Kosovo Online (kosovo-online.com)**




Политичките елити се адресите на кои се создаваат проблеми на Балканот, а Стопанските комори се мостот кога политичките односи запираат, вели во интервју за Косово онлајн, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија, кој помеѓу другото говореше и за Отворен Балкан, соработката во регионот и причините поради кои на стопанството треба да му се препушти главниот збор.Азески истакнува дека не може да се каже дека на Балканот постои проблем меѓу компаниите и луѓето, но дека постои меѓу политичките и верските елити. За решавање на балканските проблеми, смета тој, ќе биде успешна само онаа иницијатива која доаѓаа одвнатре, а не оние кои се наметнуваат однадвор.Регионалната соработка влегува во нова ера со иницијативата ,,Отворен Балкан". Како ја оценувате оваа иницијатива, дали ќе донесе повеќе регионални поврзувања и какви придобивки од неа ќе имаат Северна Македонија, Албанија и Србија?Претенциозно е да се каже дека јас сум творец на таа иницијатива затоа што за прв

пат на „Копаоник бизнис форум“, кој се смета за српски „Давос“, најголемиот економски собир кај нас, кажав дека ЦЕФТА е мртва и дека треба да се бара алтернатива. За да луѓето полесно разберат, ЦЕФТА е група на земји кои се подготвуваат да влезат во Европска унија. Овде, на мал пазар од пет-шест земји, тестирате дали сте во можност да влезете на пазарот од 30 членки, како што е Европската унија. Тука ги имате сите погодности, а вие создавате негативен биланс. И што да кажам на тоа? Реков тогаш и се крена голема врева. Досега некој преброил дека постојат 72 иницијативи за решавање на балканските проблеми, а ниту една не успеала. Дали знаете зошто? Затоа што доаѓаат однадвор. Само иницијатива која доаѓа одвнатре ќе успее. „Отворен Балкан“ го баравме одвнатре, па се исполитизира во однос на европските структури, а дојде и до одредени разлики во ставовите меѓу Америка и Европа околу овие прашања и сега процесот е закочен - „три на три“.Главниот проблем зошто Западен Балкан не може да функционира е поради тоа што земјите го чувствуваат лидерството од страна на Србија. Алергични се на раководството на Србија. Стари рани од историјата кои нè спречуваат да одиме напред. Ако се појави друг лидер, тогаш може, нема проблем. Но сега ни се чини дека Србија оваа работа посебно ја турка, па навидум се гледа позадината. Што има да се види? Имате ли бројки? Зборувам само во бројки. Ништо друго не кажувам и само ги коментирам бројките. Ние сме единствената институција која нарача студија од Љубљанскиот институт наречена „Што ќе биде со нас ако влеземе во „Отворен Балкан“. Студијата ќе биде претставена на 10 март. Зошто државата не нарача вакво истражување? Сите бараме нешто наоколу, нешто во позадина и не сакаме да го наречеме со вистинското име. Ги гледате ли првичните резултати од иницијативата ,,Отворен Балкан”?Резултатите се гледаат благодарение на авторитетот на претседателот Вучиќ, а не со работата на администрацијата. Самитот „Отворен Балкан“ треба да се одржи во Скопје на 15 и 16 март, но немаме соодветен одговор од администрацијата. До 15-ти ќе биде активна, а потоа ќе се повлече и процесот повторно ќе биде развлечен.Какви се вашите прогнози околу можноста и Косово да се придружи на ,,Отворен Балкан?Јас сум човек кој работи според законската регулатива и кој оди и слуша разговори, а според Резолуцијата 1244 на СБ на ОН, Косово е составен дел на Србија. Фактичката состојба е поинаква, но законската регулатива е таква. Почетна иницијатива е Комората на Косово и Комората на Србија да разговараат заедно во Брисел и јас учествував на тие средби. Меѓу луѓето со кои седам и каде сум на раководни позиции, постои расположение за разговор и постигнување решение. Лидерите во тој процес, работите треба да ги препуштат на бизнисот.Каква перспектива има економската соработка меѓу Северна Македонија и Косово?Немаме никаков напредок, освен што тие беа голем купувач на производите на рафинеријата во Скопје. Тие се луѓе со деловен дух, помобилни се од нас, со поголема иницијатива. Таму се чувствувам како дома, а кога ќе дојдат овде не гледам никаква пречка во институционални рамки. Бидејќи живеам на патот кој оди директно за Косово, гледам дека е фреквентен ден и ноќ, што значи дека бизнисот и луѓето функционираат заедно. Тоа што ги попречуваме на граница, тоа е друга работа. Не можам да ви кажам дека постои проблем меѓу компаниите на Балканот и меѓу луѓето. Постои меѓу политичките и верските елити. Ако отидам во Белград и влезам во Соборна црква и ги почитувам правилата, никој нема да ме застане. Или во џамија на Косово или некаде во Албанија. Ќе ме застанат, нормално, ако не се придржувам до правилата кои таму важат. Но, затоа што сум Македонец и затоа што сум православен, секако не. Па кој има проблем?Имавме тешки политички проблеми со Грција 25 години. Втор трговски партнер и трет инвеститор во Северна Македонија. Илјадници луѓе отидоа таму, без никакви инциденти, без проблеми. И кој има проблем со тоа? Затоа јасно и гласно велам: барајте го проблемот кај политичката елита. Да не доаѓаат во Коморите да бараат проблеми. Во Комората нема никакви проблеми. Ние сме мост кога политичките односи запираат, тука сме да ги премостиме тие проблеми. Вистинската адреса за тоа кој ги создава проблемите на Балканот се политичките елити и тоа дефинитивно сите треба да го знаат.Србија е исклучително важен трговски партнер на Северна Македонија. Какви се прогнозите за економска соработка меѓу двете земји за 2022 година?Имаме одлична соработка со Србија. Како и со сите соседни земји и земјите од Западен Балкан. Тоа се земји помоќни од нас. Бараме пазари и се движиме кон нив и добро соработуваме. Но, тука сме фиксирани, во Бугарија на 670 милиони евра, со Србија на милијарда евра (трговија со роба). Ништо повеќе не може да се направи, немаме

инфраструктура, немаме заедничко присуство на трети пазари, немаме заеднички производи.Какви механизми треба да воведе Северна Македонија за да ги намали штетите направени на нејзината економија, особено сега кога ја имаме украинската криза? Пандемијата веќе затвори 7.000 фирми.Штетата настана затоа што некој не сакал да го слушне она што требало да биде слушнато на самиот почеток. Тоа не беа мои ставови, тоа беа ставови на најголемите институции кои се занимаваат со проценка на состојбите. Тоа е реалноста, бидејќи половина од луѓето на почетокот од Ковид-19 мислеа дека е нестварен, дека не постои. Втората работа е што се мислеше дека државата ќе биде единствениот извор на средства за санирање на проблемите предизвикани од Ковидот, и третата работа е тезата дека после тоа државата ќе најде механизми да ги поврати тие средства, како што беше после воениот конфликт од 2001 година. Мислам дека направивме огромни трошоци и нови задолжувања. Дали ги постигнавме ефектите? Да. Немаше драстично нарушување, но овие 7.000 фирми исчезнаа, а колку има такви кои ја изгубија стопанската активност, што не вложуваа..., тоа се огромни штети направени со нашето однесување.Во една прилика изјавивте дека кризата предизвикана од Ковид ќе има последици најмалку во следните десет години. Како кризата ќе се одрази на земјите од регионот и како ќе влијае на соработката меѓу овие земји?Формулата за структурата на нашата економија е многу едноставна, но никој не сака да ја слушне. Нашето производство е наменето за европскиот пазар, а 80 отсто е наменето само за една држава, Сојузна Република Германија. Од тие 80 отсто за Германија, 80 отсто извезува само една компанија - ,,Џонсон Мети". Може ли државна структура вака да изгледа? Каде е дисперзијата на ризикот? Каде се економските аналитичари и другите кои треба да преземат чекори за намалување на дисперзијата на ризикот. Не работиме на тоа. Од текстилот во кој имавме заем пред 20-ина години, дојдовме до тој степен да денес имаме заеми секаде, во сите дејности. Нема создавање додадена вредност, а штом нема создавање додадена вредност, нема враќање на долговите, па ги пренесувате на следните генерации.Нивото на интелигенција на народот им овозможува да разберат што зборувам, а не се обврзани да го знаат тоа. Практично, соработката во рамките на ЦЕФТА, во рамките на Коморскиот инвестициски форум, во рамките на сите заеднички регионални институции е многу проблематична бидејќи наместо да расте, опаѓа. Ништо заедничко не се прави. На пример, во случајот со Бугарија, 20, 30 години ништо не се инвестира, не се отвора ни еден нов граничен премин, железничката пруга не е завршена, нема автопат, нема авионска врска. И тогаш се прашуваме зошто. Во бизнисот работата е дали можете да ризикувате или не. Веројатно не сме бизнис нација се додека не можеме да преземеме ризични чекори и да ја поддржиме државата, односно да ја натераме да оди по тој пат, бидејќи тоа е единствен начин да се постигне додадена вредност, па затоа соработката со соседите е проблематична.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80127

**14.3.2022**

**ИНТЕРВЈУ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА БРАНКО АЗЕСКИ ЗА ТВ ТЕЛМА**




Претседателот Азески во интервјуто, предупредува на три канали преку кои ќе се пренесе кризата во Македонија како последица на војната во Украина.Прво, преку цената на енергенсите, храната и чиповите, второ преку последиците врз европската економија поради судирот Русија – Украина и трето од трговската размена на С. Македонија со Русија и Украина каде може да настрадаат поединечно фирми кои што работат што за нас како мала економија е многу проблематично. Апелира на дисциплина во спроведувањето на мерките и смета дека е подобро што нема ограничување на цените на артиклите туку на маржите, бидејќи е оставен простор за преговори за измени меѓу трговците и Владата. Азески вели дека е

Завршено времето за дебати. Владата мора да дејствува енергично, затоа што во вакво време секој се спасува како знае и може. Укажува и дека фискалната политика мора да е заснована на начелото на претпазливост и штедење, за да се создаде поголем простор за интервенција на страната на понудата.Претседателот на Стопанската комора зборува и за значењето и потребата од интензивирање на регионалната соработка бидејќи во вакви услови шансите на малите земји се речиси никакви. Ако тука ја додадеме и предвидливоста која очигледно ја нема ѓаволски ќе е тешко да играме еден таков натпревар, вели Азески.Повеќе на линкот на интегралното интервју - https://www.youtube.com/embed/dkpFurCgOZY

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80134*

**19.3.2022**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ АЗЕСКИ – УЧЕСНИК НА ДЕБАТАТА „ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: КАДЕ ОДИМЕ?“




Во рамки на свеченото одбележување на 19 години од формирањето на Американскиот универзитет на Европа – ФОН беше организирана дебата на тема: „Перспективите на високото образование во Република Северна Македонија: Каде одиме?“. Настанот беше модериран од страна на м-р Сефер Цаноски, претседател на Американскиот универзитет на Европа-ФОН кој во своет обраќање повика на отворен дијалог на сите чинители за градење на квалитетен образовен систем кој продуцира кадар кој е побаруван на пазарот на труд.На дебатата во својство на говорници учествуваа, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, заменикот министер за образование и наука, д-р Лулзи Алиу, проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова од Институтот за социологија при Факултетот за филозофија, м-р Марко Ѓоргиевски, директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, проф. Д-р Емил Ѓоргов, директор на Институтот за напредни истражувања при АУЕ-ФОН и Лука Павиќевиќ, претседател на Сојузот на средношколци.Во своето обраќање претседателот Азески истакна дека е горд што во 100-годишнината на Комората таа е репрезент на компаниите кои во своите редови имаат најголем број научници, доктори на наука, инжинери, економисти и инженери, потенцирајќи дека и Комората во овој дел може да се пофали дека во своите редови располага со 40 високообразовани кадри, од кои тројца доктори на науки, осумнаесет магистри и десеттина експерти од сите области што се потребни за нормално функционирање на една современа Комора која ја дели визијата за инвестиција во образованието.Доколку не се случеше мултикризната ситуација која започна со економска криза, па се прелеа во пандемиска, од лани во енергетска, а од годинава и во воена, убеден сум дека образованието и обезбедувањето на кадар ќе ни беа едни од најприоритетните прашања, од кои зависи економскиот перформанс и раст на една држава, изјави Азески.Гледано од аспект на бизнисот за нешто да функционира потребни се три работи: дефинирана цел, стратегија за таа цел и луѓе кои се подготвени да ја остварат целта и користа односно вредноста која се создава од реализацијата на дефинираната цел заклучи претседателот Азески.Американскиот универзитет на Европа – ФОН е првиот приватен универзитет основан во Република Северна Македонија во 2003 година, од своето основање до денес на прв и на втор циклус студии завршиле повеќе од 9000 студенти, а со ребрендирањето од 2020 година дополнително се отвараат можности за интернационализација и пристап на универзитетот кон студенти не само од земјата туку и пошироко.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80145*

**20.3.2022**

## АЗЕСКИ ГО ПРОМОВИРАШЕ ТИМ 40, НОВА ИНОВАТИВНА И КРЕАТИВНА АСОЦИЈАЦИЈА ВО КОМОРАТА



Иако стара според годините на постоење – 100 години – Стопанската комора е исклучително млада и жилава кога станува збор за креирање активности за потребите на компаниите, кои од ден на ден се менуваат во зависност од нивните приоритети и од моменталните барања на пазарот, но и од актуелните случувања на глобален економски план (корона-кризата, економската криза, финансиската криза, скапите суровини и енергенси, како и воениот руско-украински конфликт, кои ги билдаат цените на суровините на светските берзи и доведуваат и до недостиг од суровини, енергенси и сл.). Комората ги препозна тие сигнали навреме и го воспостави концептот на иднината за забрзан економски развој на државата, модел замислен уште во 2010 година. Услови за негово целосно активирање беа создадени во 2016 година, со трансформација на внатрешните процеси, а во 2021 година, во екот на здравствено-економската криза, стана функционален и понуди нова, подинамична и современа комора, ориентирана кон иднината, во која дигитализацијата, напредните технологии и иновациите се основата на стопанскиот развој на државата. За таа цел, и Советот за напредни технологии, како еден од четирите столба што се ставаат во функција на потребите на бизнисот, во интерес на поттикнување на техничко-технолошкиот развој и унапредување на квалитетот на производството и на услугите поврзани со иновации и со напредна технологија, како и со примена на стандарди и на добри деловни практики во работењето, на средината на јуни годинава (како дел од активностите за одбележување на 100-годишнината од постоењето на Комората) ќе ја реализира Годишната конференција, со акцент врз три сегменти: промоција на мерките поврзани со напредните технологии, промоција на компаниите кои користат напредни технологии и промоција на Комората како субјект кој ги поврзува и ги развива онака како што е предвидено во стратешкиот коморски документ.Визионерското размислување и следењето на светските текови и трендови Комората ги потврди и со Наградата за дигитален шампион за 2021 година од Светската трговска организација (WTO), Меѓународната стопанска комора (ICC) и од Меѓународниот центар за трговија (ITC) за Проектот „Платформа за дигитализација на процесите и издавање е-документи“, потребни на компаниите во надворешно-трговското работење, како уште една во низата награди кои ги потврдуваат инцијативноста и креативноста на Стопанската комора повеќе од 15 години наназад. Во 2006 година добивме Награда за најдобар портал во рамките на EUROCHAMBER. Во 2013 година бевме прогласени за најдобра комора во регионот. Во 2019 година „Медиа солушн“ ни додели Награда за портал на годината. Значи тоа е еден континуиран процес.Комората на иднината го продолжува континуитетот на дигитализација. Советот за напредни технологии добива партнер во развивањето на процесот, т.н. ТИМ 40, новата форма на здружување во Комората, чиј претседател во следните 4 години ќе биде Жарко Димитриоски од маркетинг агенцијата „Еден на еден“.ТИМ 40 ќе работи на тоа да ги обедини младите претприемачи и преку новите трендови и практики, во условите во кои функционираат помладите генерации со различна перспектива на гледање на работите, да внесе свежина и нови трендови на менаџирање и на дејствување, заради изнаоѓање решенија и заради следење успешни практики. „Еден на еден“, „Директ медија“, „Вертиго“, „ИВМ нетворк“, „Фригоколд“, „Тиго“, „Кликни-јади“ и „Точка“ дополнително ќе придонесат во развојот и во промоцијата на претприемачкиот дух, како еден од клучните двигатели за иден економски развој.ТИМ 40 ги има мојата поддршка и поддршката на Комората бидејќи и политиката на најстарата и најмоќна бизнис-асоцијација, во годината во која слави 100 години постоење, покажува и докажува дека само со афирмирање и со приклучување на помладите генерации, со нивната иновативност и креативност, има потенцијал да се внесат свежина и нови трендови на менаџирање и на дејствување.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80146

**21.3.2022**

**Кризата ќе покаже колкав е капацитетот на македонската држава - интервју на претседателот Азески за емисијата Трилиниг**



Претседателот на Стопанската комора на Македонија – Бранко Азески во интервју за Трилинг вели дека уште на 27 март 2020 година, во колумна објавена во Фокус на една страна објаснил што ќе значи пандемијата за светот. „Сето тоа влече корени од 2008 година, од тогаш сме во кризна ситуација, но околностите беа потценети“, смета Азески.„Актуелниот миг е специфичен, сериозен судир, секако полесно ќе се совлада ако имаме држава со капацитет. Уште се залагаме некој друг да ни ги решава прашањата“ смета тој.Азески за последиците од руско-укранскиот конфликт врз македонската економија вели „Мора да одиме кон гасификацијата, треба да повлечеме што повеќе гас низ цевката што ја спушта цената и нас не прави конкурентни. Економијата наша е свртена пред се кон Европа, кон Германија. Ако останат санкциите кон Русија, таму ќе се намали економијата, а ќе се намалат и нарачките кон нас, пред се од компаниите кои работат во ТИРЗ“.„Може да страдаат и мали компании кои соработуваат со Русија, односно Украина – ќе згаснат“ вели тој. Линк до целиот разговор - https://www.youtube.com/embed/b2winL2UfNg

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80148*

**21.3.2022**

**АЗЕСКИ И ЧАДЕЖ ВО КОНТРОЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ**

**На 29 март ќе ги посетат Прешево-Табановце (Србија-Северна Македонија) и Ќафасан-Ќафе Тане (Северна Македонија-Албанија) за да видат лично како функционира регионалната иницијатива Отворен Балкан**



На денешната средба во Стопанската комора на Србија, Чадеж и Азески го поздравија поставувањето на таблата Отворен Балкан на граничниот премин Прешево-Табановце, која на компаниите кои имаат систем за овластување ОЕО им овозможува побрз транспорт и премин без одлагање.„Целта на иницијативата „Отворен Балкан“ е да се забрза протокот на стоки и да се создаде единствен пазар на труд, што ќе создаде подобри деловни услови и ќе придонесе за поголем економски развој и подобар животен стандард“, се согласија Чадеж и Азески. Тие исто така посочуваат дека билатералната соработка меѓу двете земји и двете комори, како и регионалната соработка во рамките на Отворениот Балкан и Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ ЗБ 6) е најдобриот начин да ги заштитиме нашите економии од глобалната криза предизвикана од ситуацијата во Украина. По повод обиколката на преминот, претседателите Чадеж и Азески ќе се сретнат и со бизнисмени од Србија и Северна Македонија.Претседателите на двете комори истакнаа дека бизнис асоцијациите се секогаш отворени за поддршка на стопанствениците за успешно да се надминат сите деловни предизвици и што поскоро да се остварат предностите што ги нуди Отворениот Балкан.Беше посочено дека малите и средни претпријатија (МСП) од Северна Македонија и Србија, составени од 30 избрани компании од земјоделско-прехранбената индустрија (со фокус на органското производство и циркуларната економија), ќе бидат дел од заедничката делегација на Бизнисмени од Западен Балкан Мостар од 5 до 7 април.Иницијативата за поинтензивна соработка на Западен Балкан во 2019 година ја покренаа тројца лидери - српскиот претседател Александар Вучиќ и премиерите на Албанија и Северна Македонија Еди Рама и Зоран Заев со цел слободно движење на стоки, услуги,

луѓе и капитал. според моделот на ЕУ. Иницијативата покрената под името Мини Шенген е преименувана во Отворен Балкан и отворена е покана за сите во ЗБ да и се придружат.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80151

**24.3.2022**

**АЗЕСКИ ВО УСЛОВИ НА НАЈТЕШКАТА МУЛТИ КРИЗА ГИ ПОВИКА НА КОНСУЛТАЦИИ ТИМОТ ЖЕНИ, БИЗНИС ЛИДЕРИ**

**Разговорот покажа дека е потребно создавање нова Алијанса за поддршка на државата во справување со мулти кризата со акцент на неколку приоритети**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија оствари средба со истакнати жени претприемачи, бизнис лидери, сопственици на компании членки на Комората. Се разговараше за исклучително сериозната економска состојба која добива размери на мулти криза, со сериозна непредвидливост и неизвесност како резултат на глобалните случувања. Заеднички беше констатирано дека за надминување на амбиентот во кој функционира домашната економија потребно е сите да ги засукаме ракавите, да се обединиме во нова Алијанса за поддршка на државата во справување со мулти кризата со акцент на неколку приоритети. Приоритетно е потребно преземање чекори во образованието, администрацијата, со итно поврзување и дигитализација на процесите на министерствата во една целина, и решавање на проблемот со корупцијата.Активностите кои сега би се преземале може да помогнат во интервентно надминување на состојбите што секој ден како нови проблеми се појавуваат во работењето на компаниите, но структурното поставување на промените во државата ќе бидат основ за сериозно и правилно справување со криза во некои следни периоди.Во изминатите 10-тина дена од страна на стручната служба на Комората реализирана е комуникација со над 160 компании кои укажуваат на следните проблеми.  Голема неизвесност и проблеми поради драстичниот раст на цените на градежните материјали на глобално ниво кои се менуваат од ден на ден што го доведува во прашање склучувањето и реализацијата на договорите за јавни набавки. Проблемот со енергенсите и сложени постапки за инвестирање во фотоволтаици. Поради технички пропусти кои не зависат од самите компании во реализација на обврските (се активираат меници на компании кои аплицирале за финансиска поддршка во рамки на Јавниот повик за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост КОВИД 19 периодот објавен од Министерството за економија. СЕ бара поддршка за замрзнување или одлагање на каматните побарувања по примерот на ковид кризата, да се укинат сите ограничувања во однос на сертификатите за слободна посета на угостителските објекти, ПЦР тестови за странски туристи за влез во државата, за да се поттикне раст во секторот туризам и угостителство и во повеќе врзани сектори на кои туризмот има директен и индиректен позитивен ефект.  Итна  потреба за корекција на ЗРО за недела неработен ден, намалување на притисокот од интензивните инспекциски контроли кои на места го оптоваруваат и онака сложеното работење и опстојувањето на компаниите и сл..Размислувањата и предлозите на истакнатите жени претприемачи, менаџери на сериозни позиции во македонските компании е од особено значење во вака сложени услови на водење бизнис бидејќи потврдена е улогата и моќта на носење успешни одлуки од жените како бизнис лидери. Тоа го покажува и учеството на жените во структурите и формите на делување на Комората кои се присутни со над 25%, и 65% во апаратот на Комората.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80157

**28.3.2022**

## Медиумско претставување на активностите преку Стручната служба на Комората во услови на мулти кризна ситуација

Во услови на глобалните општествени случувања (здравствена криза, економска криза, финансиска криза, проблеми со недостиг и драстичен раст на цените на разни видови суровини и енергенси на светските берзи, надополнети со воениот конфликт во Украина), домашната економија се соочува со голема непредвидливост, а компаниите секојдневно алармираат за проблемите со кои се соочуваат.Согласно реализираната комуникација со над 160 компании во изминатите 10-тина дена, од страна на Стручната служба на Комората, детектирани се повеќе различни проблеми со кои тие се соочуваат. Со цел да им се излезе во пресрет во услови на оваа мулти кризна ситуација, која според најавите на бизнис секторот ќе има дополнителни негативни влијанија во домашната економија во периодот што следува, вчера (24.3.2022 година) го информирав Управниот Одбор на Комората дека преку Стручната служба во следниот период ќе биде спроведена медиумска активност за запознавање и информирање на јавноста за проблемите со кои се соочуваат компаниите но и за предлозите и решенијата кои ги нуди Комората, со мое лично обраќање како Претседател на Стопанската комора.За таа цел, активноста насловена ИМА ЛИ РЕШЕНИЕ ЗА МУЛТИ-КРИЗАТА? На дневна основа ќе се спроведува со следната динамика:Секој ден, во 12:00 часот ќе се снимаат мои видео обраќања на одредена тема за која компаниите укажуваат дека преставува проблем во нивното работење и истиот ден ќе се проследуваат до медиумите за објава;Податоците (предлог тема, кратка информација и други потребни податоци за одреден проблем кај компаниите) ќе се подготвуваат од страна на вработените – задолжени лица за работа со Здруженијата според дејности, и истите ќе се проследуваат до Оперативниот директор Билјана Пеева-Ѓуриќ, најдоцна до 13:00 часот во текот на денот. Истите податоци според приоритети ќе се доработат и ќе бидат испратени до потпретседателот м-р Зоран Јовановски до 16:00 часот.Материјалот за конкретна тема/проблем се испраќа до кабинетот на претседателот на Комората, односно до потпретседателот м-р Зоран Јовановски, кој до 10:00 часот следниот ден истиот ќе го дополни со информација за досега преземени активности по конкретниот проблем од страна на Комората и/или предлог решенија за истиот.Координатор на целата медиумска активност ќе биде Даниела Михајловска Василевска, менаџер во стручната служба и одговорна за ПР активностите на Комората.Со цел успешна реализација на планираната активност, очекувам целосно посветено и активно вклучување на сите вработени во Комората, согласно вашите задолженија за да во овие тешки времиња бидеме вистинска поддршка на бизнисот, што е наша основна цел и задача.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80162*

**28.3.2022**

## АЗЕСКИ – НАД 160 КОМПАНИИ АЛАРМИРААТ ЗА ПРОБЛЕМИ ВО ПОВЕЌЕ СЕКТОРИ ПОРАДИ МУЛТИ КРИЗАТА. НАЈАЛАРМАНТНО ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО

**За надминување на амбиентот во кој функционира домашната економија потребно е сите да ги „засукаме ракавите“, да се обединиме во нова Алијанса за поддршка на државата во справување со мулти кризата со акцент на неколку приоритети.**




Цениме дека е потребно да отвориме серија од неколку прес конференции на кои ќе ја искажеме моменталната состојба која владее во реалниот сектор, бидејќи во соработка со 160 компании со кои имаме дневна комуникација добиваме се повеќе алармантни и загрижувачки информации кои се обидуваме да ги обработиме и да ги проследиме до јавниот сектор, и на тој начин да си помогнеме сите.Управниот одбор на СКСМ во четвртокот одржа своја седница за да ги констатира алармантните состојби и пораката што ја испраќа

до јавниот сектор е дека во вакви моменти искуствата наши покажуваат дека информациите до кои доаѓа приватниот сектор треба да бидат приоритетни и најзначајни бидејќи нивното сигнализирање и мерките кои се преземаат имаат огромно значење во временската димензија во која се поставени. Просто и едноставно кажано не можеме да чекаме да ги видиме статистичките податоци па дури потоа да правиме некакви интервенции, туку треба да се верува на секторот кој јасно и гласно ги добива тие во секојдневната комуникација.Дека сме во право во однос на оваа работа и мислиме дека тоа е правиот пат е и најновата компаративна анализа што доаѓа од нашиот најголем трговски партнер Сојузна Република Германија која е од петокот, пред два дена а која кажува дека според анализите на Економскиот институт од Минхен се очекува падот на германското стопанство во наредниот период да биде од 15 % поради недостиг на суровини најмногу во автомобилската индустрија, што значи дека почнуваат да се остваруваат нашите прогнози изнесени уште пред еден месец дека ако дојде до ваква ситуација кај нашиот најголем трговски партнер, последици ќе има и врз македонското стопанство. И денес тоа го имаме како последица бидејќи дел од работниците седат дома и не работат а проблем е што не се работи во повеќе смени. Зборуваме во име на 594.243 лица, вработени во приватниот сектор. Само за споредба, во јавниот сектор по сите основи работат само 18 % од луѓето, така што мислам дека е јасна тенденцијата за што зборуваме, во чие име зборуваме и каде треба да се насочат активностите.Денеска информираме преку претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите за едни од најсериозните проблеми со кои се соочуваат градежните компании во услови на криза.Изјава Андреа Серафимовски, претседател на Здружение то на градежништвото индустријата на градежни материјали и неметалите при КоморатаСо оглед на намаленото учество на градежништвото во Бруто-домашниот производ од 0,5 процентни поени и со оглед на бројот на вработени во однос на што има тренд на опаѓање и над 2.000 откази, како и во услови на работење за време на тешка здравствена, економска и воена криза, а што е поважно во услови на ниска реализација на капитални инвестиции и лошо и споро администрирање на сите проблеми при реализација на тие инвестиции, проблемот со зголемување на цените на градежните материјали не може да се изостави и мора да биде решен одма и сега . Сите ќе бидеме одговорни доколку во веднаш не почнеме да го решаваме тој проблем со оглед на тоа дека последиците од истиот би биле катастрофални и би влијаеле катастрофално на еден од најголемите стопански сектори во државата.Импликации од овој проблем има во сите сфери, а најмногу во доменот на јавните набавки. Кај тековните јавни набавки и проекти кои повеќе години се реализираат, проблем е што компаниите работат во услови на непроменети цени пропишани во договорите, а онаму каде што има пропишано клизна скала истата не функционира, односно не ги одразува зголемувањата на цените во реалноста.Кај оние капитални проекти кои се пропишани и евалуирани но не се започнати, проблемот е што цените кои се пропишани и евалуирани повеќе не се исти со оглед дека од ден на ден се зголемуваат.А трета и најголема импликација е неизвесноста во која градежништвото се наоѓа при настап на новите јавни набавки и проблемот дека условите по кои се пропишуваат тие се оние услови кои ги имавме една, две, пет и десет години, т.е. во услови кога нормално се живееше и работеше.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80163*

**01.4.2022**

**ПРЕКУ СТРУЧНИ АНАЛИЗИ ДО ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ПРИМЕНЛИВИ ЗА БИЗНИСОТ И ВО ИНТЕРЕС НА ДРЖАВАТА**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, денеска оствари средба со менаџментот на „Пивара Скопје“ АД, на која учествуваа министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими, како и претставници од Министерството за економија.На работната средба се разговараше за деловниот амбиент по почетокот на здравствено-економската криза, за проблемите со кои се соочува компанијата во моментов, како и за коморските активности преземени во изминатиот период за поддршка на членките во услови на мултикриза. Притоа, беа отворени одредени прашања во насока на подобрување на бизнис-регулативата во индустријата за производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци и на сокови, кои се во надлежност на двете министерства.Како што беше оценето од присутните, соработката меѓу компаниите и министерствата е на високо ниво, а денешната работна средба претставува продолжување на дијалогот на бизнис-секторот со Владата на РСМ по повеќето законски измени, со цел решавање одредени проблеми. Преку изработена анализа менаџментот на „Пивара“ АД Скопје ги презентираше последните показатели за движењата во продажбата на алкохолни пијалаци во земјава и можните предлози за унапредување на регулативата.Инаку, компанијата, која е една од најстарите и најреномирани членки на оваа институција, годинава прославува сто години од своето постоење, јубилеј кој се совпаѓа со одбележување на стогодишнината од формирањето на Комората. Изминативе неколку години, па сѐ до денес „Пивара Скопје“ АД ја зацврсти својата доминантна позиција на домашниот пазар, сериозно се наметна на пазарите во регионот, одбележа четвртина век континуирани признанија на Monde Selection за квалитетот на своите производи и продолжи пријатно да ги изненадува потрошувачите со новитети, кои на традиционално високиот квалитет и на препознатливоста на брендовите им дадоа белег на модерното време во кое живееме.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80170

**02.4.2022**

**ЦЕНАТА НА СТРУЈАТА ЌЕ ЗАВИСИ ОД БЕРЗАТА СЕ ДОДЕКА НЕ ОБЕЗБЕДИМЕ ПОГОЛЕМО СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО**

Не постои друг начин како да се обезбеди поевтина струја во овој момент освен по пазарна цена на берза, поради големата флуктуација на цените, вели претседателот на Македонската енергетска асоцијација проф. д-р. Кочо Анѓушев.„Никој не се осмелува да даде фиксна цена за подолг временски период и таквата состојба ќе продолжи и во одреден период, се додека практично не се создаде ситуација во која ќе може да се нуди електрична енергија од сопствено производство. Само производителите можат да дадат гарантирана фиксна цена во одреден период, се друго е проблематично“, вели претседателот на МЕА.„Македонската економија троши 400 мегавати електрична енергија. Доколку некој сака да обезбеди годишна цена или да има годишни договори на година дена со фиксни цени, единствена можност тоа да се направи е преку берза, но за да се работи преку берза потребно е да се купи струјата за година дена однапред. Мора да сме свесни дека, за македонската економија да може некој да ја гарантира цената или да ја кредитира по фиксна цена однапред, потреби се околу една милијарда евра фиксна сума денеска. Но не постои субјект што тоа може да го обезбеди. Затоа сите нудат HUPEX цени и обезбедуваат електрична енергија врзана со плаќања кои ги сведуваат снабдувачите на брокери. Во меѓувреме индустријата има проблем што не може да ги формира цените на своите производи, бидејќи кога има варијабилна цена на некој од компонентите кои влегуваат во цената на чинење на производот на дневно ниво, не можете да се формира стабилна цена на производ“ вели АнѓушевВо овој момент во услови на раст и дневно

флуктуирање на цената на електричната енергија на берза, најпогодени се компаниите кои во цената на производот имаат значаен удел не електричната енергијата, како во металургијата каде струјата учествува со околу 40 до 50% или во металната индустрија каде учеството е околу 15 %, но и други значајни дејности кои имаат сериозен удел во домашната економија и креирањето на БДП

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80172

**05.4.2022**

**АЗЕСКИ НА 23. МЕЃУНАРОДЕН МОСТАРСКИ САЕМ**



Најголема и најбројна бизнис-манифестација во регионот со 50.000 посетители. Хрватскиот премиер Пленковиќ, српската премиерка Брнабиќ и босанскиот премиер Новалиќ, како и унгарскиот министер за надворешни работи, Петар Сиарто, денеска ќе бидат во друштво на бизнисмените од регионот. Дваесет и третиот меѓународен бизнис-саем во Мостар, кој ќе се одржи во периодот од 5 до 9 април 2022 година, е една од најважните саемски манифестации во Босна и Херцеговина според бројот на изложувачи и на посетители. Мостарскиот саем е дел од мрежата на Здружението на изложувачи од Југоисточна Европа (ЕАСЕЕ).Унгарија, како земја партнер на овогодишниот саем, ќе ги претстави своите економски потенцијали и можности за соработка. На Саемот ќе учествуваат голем број изложувачи, доминантно од Австрија, Германија, од Турција, Полска и од Израел како потенцијална земја партнер. Присутни се и излагачи од Кина, предводени од технолошкиот гигант Huawei.Саемот ќе биде збогатен со конференции на регионално и на меѓународно ниво, од областа на животната средина, земјоделството и прехранбениот сектор, како и потенцијалот за развој на туристичките дестинации во периодот на постковид, со Б2Б-средби и со образовни настани, нудејќи им на учесниците единствена понуда и комбинација од саемски и од конференциски настани на едно место. Планирани се и тематски денови, а секој од нив ќе понуди придружна содржина поврзана со одреден сектор од економијата, што ќе им донесе уште подобра можност на учесниците да одржат конкретни деловни состаноци и да го подобрат бизнисот.По Саемот во Тирана во декември 2021 година, Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан (КИФ ЗБ6) организира заеднички штанд и во Мостар за 30 избрани мали и средни претпријатија (МСП), кои ќе бидат дел од заедничката делегација што ќе учествува на 23. Меѓународен бизнис-саем во Мостар од 5 до 7 април 2022 година. Во рамките на штандот на КИФ ќе учествуваат компании од земјоделскиот и од земјоделско-прехранбениот сектор.На заедничкиот штанд на КИФ ЗБ6 компаниите учесници од регионот на Меѓународниот бизнис-саем во Мостар ќе имаат можност за средба со шесте големи малопродажни синџири/дистрибутери (по еден од секоја економија од ЗБ6) што ќе учествуваат во програмата. Меѓусебни деловни средби на компаниите од регионот, како потенцијални партнери, но и можност за учество на обуки по мерка за одржливо производство и потрошувачка на храна, во согласност со стратегиите и со стандардите на ЕУ, и за да ги претстават своите промотивни материјали.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80176

**06.4.2022**

**КИФ по втор пат организираше заеднички саемски настап на компании од шесте земји на Западен Балкан**




Ко-претседателот на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Бранко Азески, и потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Елена Милевска Штрбевска, се домаќини на 23 Меѓународен бизнис саем што се одржува во Мостар, заедно со претседателот на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, Ахмет Егрлиќ. Ова е втора саемска манифестација (после Саемот во Тирана што се одржа во декември минатата година) на која стопанските комори од регионот од шесте земји на Западен Балкан имаат заеднички настап, преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ). Мостарскиот саем е една од најпрестижните манифестации во регионот и секоја година собира најголем број бизнисмени, премиери и претставници на сите важни институции од регионот. Во разговорите со претставниците на КИФ и на Коморите, со оглед на актуелниот момент на мултикриза, се разговараше за интензивирање на регионалната соработка, која е реален одговор на потребата за намалување на нивниот негативните ефекти врз работата на компаниите. Штандот на коморите и на КИФ го посети и г-дин Сташа Кошарац, министер за надворешна трговија и економски односи на БИХ.  Со Шемсудин Дедиќ, министер за земјоделство, водостопанство и шумарство на БиХСташа Кошарац, министер за надворешна трговија и економски односи на БИХОваа година на Мостарскиот саем учествуваат 39 компании од земјите на Западен Балкан, меѓу кои и четири македонски компании, а за нивното учество трошоците се покриени од страна на КИФ.  Коморскиот инвестициски форум е основан како асоцијација на шесте национални комори од регионот на Западен Балкан, со цел да се интензивира регионалната економска соработка и да се покренуваат заеднички активности кои се од интерес за бизнис-заедницата од регионот. КИФ претставува повеќе од 350.000 компании од регионот на Западен Балкан, претежно мали и средни претпријатија, настојувајќи да отвори нови можности за посилно вмрежување на деловните заедници во регионот преку отстранување на преостанатите пречки за развој на регионалната економска соработка и подобрување на деловната и инвестициската клима на пазарите во регионот на Западен Балкан.На Мостарскиот Саем се одржаа B2B средби на компаниите учесници, кои претежно беа од секторите земјоделство и прехранбена индустрија, информатички и телекомуникациски технологии, туризам, градежништво и метална и електро-индустрија.Презентации пред заинтересирани партнери за соработка  Компаниите учесници од регионот на Западен Балкан, на штандот на КИФ одржаа и свои презентации пред заинтересираните партнери од земјите од регионот и пошироко.Со македонските компании Гранд фудс корпорација од Марино, Скопје и Алахрам груп СкопјеВчера во Сараево претседателот Азески и потпретседателката Милевска Штрбевска имаа разговори со раководството на Надворешно-трговската комора на БиХ - партнер на Стопанската комора на Северна Македонија во сите регионални проекти. Во разговорите се прецизираа обврските за наредниот период, кој ќе помине во силен налет на кризата и ќе остави последици врз бизнисите кои ги претставуваат.Вкупната трговска размена на Северна Македонија со Босна и Херцеговина во 2021 година изнесува 194,2 милиони долари, со раст од 18 % споредено со 2020 година. Извозот изнесува 112,3 милиони долари, со раст од 24%, додека увозот изнесува 81,8 милиони долари, со раст од 11% во споредба со минатата година. Истиот тренд на трговска размена се задржува и во 2022 година, а најзастапени производи во извозот се лекови, цевки, месни преработки, вино, конзервиран зеленчук и електрични акумулатори, додека во увозот од БиХ се млекото и млечните производи, месни преработки, слатки, и производи од дрвната индустрија.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80178*

**12.4.2022**

## ОВА НЕ Е ВРЕМЕ ЗА СТРАТЕГИИ ТУКУ ВРЕМЕ ЗА ДА ПРЕЖИВЕЕМЕ




Драстичниот раст на цените а некаде и недостиг од суровини неопходни за производство во земјава што е проблем и во глобални рамки, вклучително и цените на енергенсите, руско-украинскиот конфликт, како продолжение на Ковид кризата, наметна сериозна неизвесност и непредвидливоста на ситуацијата, што се заканува со нарушување на ликвидноста на компаниите и затворање и отпуштања на вработените. Ова е општиот впечаток кој беше констатиран на работната средба што претседателот Бранко Азески, ја одржи со претседателите и потпретседателите на Регионалните комори при Стопанската комора од Битола, Прилеп, Кавадарци, Штип, Струмица и Кичево. На средбата, претставниците на Регионалните комори ги изнесоа видувањата и сознанијата за состојбите во компаниите од регионот кој го претставуваат и согласно анализите направени во Комората по сектори се отвори дискусија за секој од проблемите. За компаниите членки на Комората независно на кој регион припаѓаат, најголем проблем е скапата струја поради што сметките им се зголемени и до три пати, а поскапувањето и на нафтата јаљ дига цената на транспортот, што делува до драстичен пораст и на крајната цена на производот. Фирмите едногласно бараат брзи постапки на локално ниво за инвестиции во фотоволтаици со кои ќе супституираат дел од скапата увезена струја, субвенционирање на компании кои произведуваат стратешки производи - производители на основни прехранбени производи, и поддршка на енергетските домашни компании за поголемо производство на електрична енергија од домашно производство како би се обезбедила поевтина струја за стопанството. Во делот на градежништвото, рак рана останува проблемот со веќе склучени подолгорочни договори преку системот на јавни набавки со фиксни цени, што ги прави проектите неодржливи и води до колапс на градежните фирми пред се во нискоградбата како стожер на градежниот удел во домашната економија. Проблемот со јавните набавки е проблем и за компании од останатите сектори (прехранбениот, метална и електро индустрија и сл.). Од регионалните комори укажуваат дека тековни проблеми со сериозни долгорочни последици има во секој сектор. По опсежната дискусија, претседателот на Стопанската комора Бранко Азески констатираше дека ова не е време ниту за промена на стратегии, туку е време на преживување. Никој не може да предвиди што ќе се случи со цената на гасот и енергенсите ако продолжи руско-укрианскиот конфликт, никој не знае ни колку ќе трае, а тоа доведува до тешка неизвеност. При тоа посочи дека Владата може да го зајакне секторот, да направи нешто што би им помогнало на компаниите побрзо да дојдат до дозволи за инвестирање во фотовголтаици, да можат да се приклучат на системот пред доаѓањето на зимата кога енормно ќе им се зголемат трошоците. Приоритет би ставиле на ова прашање зашто би дало најбрзи ефекти и тука ќе бидат убедувањата во наредниот период. Можно е фирмите да почнат да се откажуваат од инвестициските активности, што носи кон пад на економската активност. Излезното решение е да и помогнеме сите на државата, но да видиме дека и државата сака да си помогне себе си. Само партнерски може да се надминат проблемите вели Азески. Сега треба да се свртиме кон капиталот, кон кој работникот е составен дел и треба да се каже дека со скромна поддршка може да оствари најголеми ефекти, констатира претседателот на Стопанската комора. Истовремено порачувајќи дека заради некаква сигурност на бизнисот во следниот период државата мора да предвиди стабилна даночна политика. Комората предупредува и дека допрва следува одливот на работна сила кон туристичките дестинации во регионот и пошироко, што ќе биде дополнителен проблем за бизнисот и причина за ослабнување на нашиот пазар. Капиталот, е оној што во овој момент може да успее заедно со административните институции да ја надмине кризата.Ваквите средби во Комората ќе продолжат во наредниот период во ист состав со цел заеднички да се следат состојбите на ниво на цела државата и во насока на предлагање решенија кои ќе бидат од интерес за компаниите за надминување на кризата која сигурно ќе потрае.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80192

**18.4.2022**

**КРИЗИТЕ ПОКАЖАА КОЛКУ Е ВАЖНА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА**



Во својство на ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум – КИФ, претседателот на СКСМ Бранко Азески, на работен ручек со претседателот на Црна Гора Мило Ѓукановиќ, разговараше за клучните прашања поврзани со регионалната економска соработка, и перспективите за продолжувањето на процесот на воспоставувањето на заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, кој во изминатата година не се реализираше со посакуваната динамика. Средбата е во пресрет на состанокот на Бизнис Платформата Западен Балкан-ЕУ (основана со цел да обезбедува континуиран и структуриран дијалог меѓу носителите на одлуки на ЕУ и бизнис заедницата од регионот), кој Коморскиот инвестициски форум го организира следната недела во Брисел, во присуство на комесарот Вархеји и различните директорати во Европската комисија, претставници на Регионалниот совет за Соработка, Секретаријатот на ЦЕФТА, Транспортната заедница и Еурочембрес. На состанокот ќе се дискутира за клучните очекувања и барања на бизнис заедницата од регионот, по една ипол година од спроведувањето на Акцискиот план за заеднички регионален пазар.Претседателот Азески го информираше претседателот Ѓукановиќ и за активностите во рамки на Регионалниот фонд за предизвици, и вториот повик за доставување на апликации кој беше затворен минатата недела, а кој во рамки на КИФ е координиран до Стопанската комора на Црна Гора.Во следниот период Коморскиот инвестициски форум ќе ги продолжи активностите на Регионалната програма за добавувачи, при што за селектирани компании од регионот ќе биде понудена техничка помош за дигитализација и за пристап до финансии, во насока на зголемување на нивните капацитети и полесно вклучување во регионалните и глобалните ланци на снабдување, за компаниите кои се дел од базата на добавувачи во платформата која ја изготви КИФ (market-access.wb6cif.eu).Во текот на месец мај ќе биде одржана и регионалната конференција и Б2Б средби „Креирање на заеднички туристички производ“ во Требиње, Босна и Херцеговина. Во текот на следниот месец ќе биде распишан и повикот за Регионалните награди кои Коморскиот инвестициски форум ги доделува за компаниите кои придонесуваат за унапредување на регионалната соработка во Западен Балкан, и со своето работење поставуваат нови стандарди на полето на дигитализацијата, иновациите и технолошкиот напредок.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80205*

**19.4.2022**

**РАБОТНА СРЕДБА КАЈ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УНИЈАТА НА ТУРСКИТЕ КОМОРИ И СТОКОВИ БЕРЗИ (ТОББ) ХИСАРЧИКЛИОГЛУ**




Претседателот на СКСМ Бранко Азески во улога и на ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум – КИФ на работна средба со претседателот на Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ) Рифад Хисарчиклиоглу, на која ќе разговара за идните активности на КИФ и соработката со ТОББ.На средбата ќе бидат разменети мислења за состојбите со кои се соочува економијата во глобални рамки по здравствената и економската криза на која се надоврза и енергетската, главно предизвикана од руско украинскиот конфликт, што во целост наметна мулти кризна состојба во светот.Азески и Хисарчиклиоглу ќе разговараат и за можноста вработени од Стопанската комора на Северна Македонија да ги завршат докторските студии на престижниот Универзитет за економија и

технологија ТОББ ЕТУ во Анкара, а еден дел да заминат на стручно усовршување во одделот за меѓународна соработка и извоз. Работната средба претседателот Азески ќе ја искористи и за официјализирање на користењето на турското претставништво во Брисел за потребите на СКСМ.Во рамки на посетата на Турција планирани се средби и со претседателот на турско-македонскиот деловен совет при ДЕИК Билал Кара и група бизнисмени.Регионалната деловна активност на претседателот Азески и ко-претседател на КИФ започна вчера со работен ручек со претседателот на Црна Гора Мило Ѓукановиќ, на која се разговараше за клучните прашања поврзани со регионалната економска соработка, и перспективите за продолжувањето на процесот на воспоставувањето на заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, кој во изминатата година не се реализираше со посакуваната динамика. Средбите се во пресрет и на состанокот на Бизнис платформата Западен Балкан-ЕУ (основана со цел да обезби континуиран и структуриран дијалог меѓу носителите на одлуки на ЕУ и бизнис заедницата од регионот), кој Коморскиот инвестициски форум го организира следната недела во Брисел, во присуство на комесарот Вархеји и различните директорати во Европската комисија, претставници на Регионалниот совет за соработка – (РСС), ЦЕФТА Секретаријат, Транспортната заедница и Еурочембрес. На состанокот ќе се дискутира за клучните очекувања и барања на бизнис заедницата од регионот, по една ипол година од спроведувањето на Акцискиот план за заеднички регионален пазар.Вчерашната средба на Азески во Црна Гора освен 15-тина домашни медиуми ја пренесоа и црногорските медиуми „Антена М“, порталот „Побједа“ и „ЦРМ“.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80207

**20.4.2022**

### АЗЕСКИ ВО АНКАРА ДОБИ СИЛНА И КОНКРЕТНА ПОДДРШКА ЗА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОРУМ И ЗА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Претставништво во Брисел за Комората, бесплатна едукативна поддршка за вработени во СКСМ и долгорочен договор за соработка со Коморскиот инвестициски форум**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески и претседателот на Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ) Рифат Хисарчиклиоглу, на работната средба во Анкара договорија неколку долгорочни заеднички деловни активности. Пријателскиот однос на Хисарчиклиоглу кон Стопанската комора и пред се кон претседателот Азески и неговите лични заложби се потврдија и овој пат.1.Комората по повод 100 годишнината добива две канцеларии во турското претставништво во Брисел за потребите на СКСМ, со целокупната логистичка поддршка за непречено континуирано функционирање, и покриени финансиски трошоци за истите. 2.Двајца вработени во Стопанската комора бесплатно ќе ги завршат докторските студии на престижниот Универзитет за економија и технологија ТОББ ЕТУ во Анкара.3.Двајца вработени во Стопанската комора бесплатно ќе заминат на стручно усовршување во одделот за меѓународна соработка и извоз во Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ).4.Во улога на ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум Азески со Хисарчиклиоглу договори на 14 јули 2022 година во Охрид да се потпише договор за долгорочна соработка помеѓу регионалната бизнис асоцијација КИФ со седиште во Трст, формирана со имплементацијата на заклучоците од „Берлинскиот процес“ и Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ), највисокото правно лице во Турција кое има 365 членови во форма на локални стопански комори, индустрија, трговија и индустрија, поморска трговија и стоковни берзи во 81 провинција и 160 окрузи во Турција. во насока на развивање и продлабочување на деловните активности помеѓу двете бизнис асоцијации.На средбата во Анкара претседателот на Комората Азески и претседателот на Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ) Хисарчиклиоглу, разменија мислења за состојбите

со кои се соочува економијата во глобални рамки по здравствената и економската криза на која се надоврза и енергетската, главно предизвикана од руско украинскиот конфликт, што во целост наметна мулти кризна состојба во светот. Во таа насока денеска се реализира и деловна средба со група истакнати бизнисмени од Турција.Регионалната деловна активност на претседателот Азески и ко-претседател на КИФ започна во понеделникот со работен ручек со претседателот на Црна Гора Мило Ѓукановиќ, на која се разговараше за клучните прашања поврзани со регионалната економска соработка, и перспективите за продолжувањето на процесот на воспоставувањето на заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, кој во изминатата година не се реализираше со посакуваната динамика.Во понеделник (25.4.2022 г.), претседателот ќе биде панелист на 5. Јахорина Бизнис форум со повеќе од 550 домашни и странски бизнисмени, кој се одржува под покровителство на претседателката на Република Српска, Жељка Цвијановиќ, на панелот – „Отворен Балкан" како единствен претставник на Коморите од регионот.Средбите и активностите се во пресрет на состанокот на Бизнис платформата Западен Балкан-ЕУ (основана со цел да обезбеди континуиран и структуриран дијалог меѓу носителите на одлуки на ЕУ и бизнис заедницата од регионот), кој Коморскиот инвестициски форум го организира следната недела во Брисел, во присуство на комесарот Вархеји и различните директорати во Европската комисија, претставници на Регионалниот совет за соработка – (РСС), ЦЕФТА Секретаријат, Транспортната заедница и Еурочембрес. На состанокот ќе се дискутира за клучните очекувања и барања на бизнис заедницата од регионот, по една ипол година од спроведувањето на Акцискиот план за заеднички регионален пазар.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80208

**03.5.2022**

## КОМЕТА МОЖЕ И ДА НЀ ОДМИНЕ, НО СТРУЈАТА ЌЕ НЀ ДРМА – 4.10.2021 г.; СТРУЈАТА НЀ ДРМА ПОВЕЌЕ ОД ОЧЕКУВАНОТО – 3.5.2022 г.

### Европската Унија повторно дава приоритет на Источното партнерство (Украина, Молдавија и Грузија), наместо на Западен Балкан



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

99

**4.10.2021 година**
**Скопје**

**НАСЛОВ - КОМЕТА МОЖЕ И ДА НЀ ПРОМАШИ, НО СТРУЈАТА „ЌЕ НЀ ДРМА" ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД**
**Поднаслов – Корона вирусот ни стана сопатник и него го решаваме со вакцини, но што треба да направиме за она што се најавува со струјата, прочитајте во продолжение на текстот.**

*Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија*

Искуствата од досегашните вакви глобални проблеми нѐ поттикнуваат однапред да предложиме мерки кои ќе ја превенираат ситуацијата.

**Прво,** подигањето на домашното производство на електрична енергија е сигурно базичната мерка која може да изврши најголема превенција.

**Второ,** Регулаторната комисија за енергетика да дејствува за да се престане со манипулативното откажување на договорите со конкретни мерки, кои ќе вклучуваат јавно објавување и одземање на лиценците.

**Трето,** што побрзо мора да се излезе со јасна прогноза како ќе се одвиваат работите понатаму, како би можело тоа да биде вградено и во проекциите на самите компании за следната година.

**Јас можам да гарантирам дека Комората и сега, како и во пандемијата, ќе биде стопроцентно со своите членки и дека ќе ги помага и застапува во секој момент и тие треба да се сигурни дека тоа, и ќе се случи.**

Како и многупати досега, СКСМ навремено, прецизно и јасно укажува на проблемите со кои ќе се соочиме, затоа што е јасно дека таа ги добива првите информации што ја отсликуваат реалноста со голема прецизност. Така е и со кризата со енергенсите, за која на 4.10.2021 година сме напишале:	Бидејќи е јасно дека кризата со електричната енергија останува и натаму (цената на струјата денеска, 3.5.2022 г., е 218,5 евра), а се приближуваат, односно се подјадуваат деновите до почетокот на новата грејна сезона, СКСМ дефинира дека мора да се дејствува во два правци.I.Да се зголеми домашното производство на електрична енергија за што предлагаме:1.Да се размисли за докапитализација на АД „ЕСМ" преку издавање државни обврзници или акции на домашни физички и правни лица за прибирање соодветни финансиски средства, кои би се користеле исклучиво за изградба на нови капацитети за производство на електрична енергија и под строг надзор на државата. На тој начин целокупното општество ќе биде заинтересирано за успешно работење на овие производствени капацитети и би го придвижило и пазарот на средства кои сега едноставно се чуваат во банките или се трошат за купување недвижности, особено станови во Скопје (што може да се забележи од најновиот попис), во услови кога не постои квалитетна берза во земјава или други видови финансиски пазари.2.Да се иницира изградба на други енергетски објекти во соработка со ЕСМ,

ЕВН и со стопанствениците, преку соодветни удели, и изградба на поголеми енергетски постројки – надградба во комбинирана гасна електрана во „Неготино“ и во „Осломеј“; постепена замена на термоелектраните во Битола со гасни електрани во комбиниран циклус; изградба барем на една пумпно-реверзибилна електрана од 100 до 120 MW за да може да се складираат евентуални вишоци на произведена електрична енергија преку пумпање вода од долниот во горниот воден резервоар; изградба на проточни хидроелектрани на Вардар, ХЕЦ „Бошков Мост“, Брана „Луково Поле“ и сл.3.Инвестирање во фотоволтаици за сопствени потреби на компаниите. На тој начин се избегнуваат проблеми од типот на може или не може да се направи приклучок кон дистрибутивната мрежа; се избегнува договор со дистрибутерот кој треба да ја купува енергијата и притисоци околу цените во еден и во друг правец – од дистрибутерот спрема компанијата и обратно и од производителот на електрична енергија од ФВ спрема дистрибутерот.4.Субвенционирање во дел од трошоците за струја за компаниите кои произведуваат стратешки производи – производители на основни прехранбени производи, но и субвенционирање на другиот дел од индустријата.II.Да се направи заштеда на електрична енергија и нејзина рационализација. Државата итно да донесе наредба на каков начин ќе се спроведе тоа. Во март 2021 г. компаниите плаќаа 60 евра/MWh, а оваа година во март – 280 евра/MWh. Трошокот за струја е зголемен за 4,5-пати. Во регионот во овој момент Македонија, Косово и Албанија се целосно оставени на отворен пазар. Србија до јули гарантира 75 евра/MWh, во Босна цената на струјата е 69 евра/MWh, Грција прави субвенција на индустријата од 130 евра /MWh, а Бугарија има варијабилна формула, која може да оди до 120 евра /MWh субвенции, така што македонското стопанство станува неконкурентно, а тоа порано или подоцна ќе се одрази сериозно врз нивното натамошно работење. Секој следен ден загубите на компаниите ќе бидат сè поголеми ако во меѓувреме не се преземе нешто. Затоа Комората порачува дека конечно мора да се направат дополнителни напори за обезбедување што поголемо и економски прифатливо решение за домашно производство на електрична енергија, паралелно со сериозни активности во доменот на зголемувањето на енергетската ефикасност, како во делот на производството на електрична енергија така и во делот на нејзината потрошувачка и на нејзиното рационално користење.П.С. Минатата недела некако срамежливо до мене стигнаа информации дека надлежниот Директорат за добрососедство при Европската комисија дава налог сите сили на Директоратот да се насочат спрема земјите на Источното партнерство, иако истиот тој Директорат е надлежен и за Западен Балкан. Источното партнерство е синоним за соработката со три земји – Украина, Молдавија и Грузија. Едноставно и просто, тие земји сега се ставаат на брзиот воз кој се движи кон Брисел. Мислам дека ако ова и се оствари, разочарувањето на Западен Балкан кон Европската Унија ќе биде огромно. Исто така, морам да укажам и на непрофесионалниот однос на еврокомесарот Вархеји, кој, иако уредно поканет и со прифатена покана од него, како учесник на состанокот на Бизнис-советот на Коморскиот инвестициски форум (28.4.2022 г.), во последен момент нè извести дека од неопходни причини на Балканот нема да присуствува на средбата. Многу е несериозно едно толку високо позиционирано лице во Европската Унија по вторпат да прави грешки кои оставаат траги во нашата меѓусебна соработка. За појаснување, Бизнис Советот во Статутот на КИФ е најрепрезентативното тело, кое врши контрола врз работењето и врз примената на проектите кои се врзани за Коморскиот инвестициски форум.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80217*

05.5.2022

**Регионалната соработка во фокусот на Азески**

**Посета на Кипарската комора како претседавач на АБК, заеднички проектни активности со грчките комори, учество на Конференцијата на OECD во Париз**




Во рамките на регионалните иницијативи, кои претставуваат алатка за проектиран излез од мултикризната ситуација, делегација на СКСМ, предводена од претседателот Бранко Азески разговараше со раководството на Кипарската трговско-индустриска комора, која оваа година претседава со Асоцијацијата на Балканските комори.Стопанската комора на Северна Македонија е една од иницијаторите, основачи и активните членови на Асоцијацијата на балканските комори - АБК (основана на 17 септември 1994 година во Мангалија, Романија) со основна цел создавање слободна трговска зона на Балканот. Членки на АБК покрај Стопанската комора се и Унијата на стопански комори на Албанија, Надворешно-трговската комора на БиХ, Бугарската трговско-индустриска комора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија, Унијата на трговски комори и стокови берзи на Турција (ТОББ), Стопанската комора на Црна Гора и Стопанската комора на КосовоГенералните собранија на АБК, се одржуваат два пати/еднаш годишно и се прилика за размена на информациите за стопанските состојби во земјите-членки и средби со претставници на Влади на земјата домаќин, се упатуваат Декларациите во Владите и релевантни меѓународни организации со конкретни иницијативи за подршка на бизнисите преку унапредувањето на деловниот амбиент.Со оглед на фактот дека во нашиот регион егзистираат неколку иницијативи, денешната средба се искористи да се фокусираат приоритетните теми кои нема да се преклопуваат со прашањата кои се третираат во рамките на КИФ и Отворен Балкан. Првата конференција на АБК која ќе се одржи оваа година во мај, ќе биде фокусирана на искуствата и проекциите за излезот и опоравувањето на националните економии од Ковид кризата, додека на втората конференција на АБК во декември ќе се дискутира за искуствата во соработката на земјите членки на оваа асоцијација, и тоа оние кои се дел од ЕУ со земјите кои претендираат да бидат членки на ЕУ.Потпретседателката на Комората д-р Елена Милевска Штрбевска го посети одделот за издавање меѓународни трговски документи (АТА карнети и сертификати за потекло на стоки). Кипарската комора во оваа област планира дигитализација на процесите со примена на block-chain технологија. Исто така, беа разменети искуства околу арбитражата, пришто беше посочено дека кипарската комора нема посебна арбитражна институција во својот состав, туку во трговските договори најчесто се предвидува арбитражата при Меѓународната трговска комора во Париз (ICC).Посетата на Кипарската трговско - индустриска комора е одличен пример за модерна комора која кадровски, технички и функционално ги има усогласено своите капацитети со современите потреби на бизнисот.Во кипарската економија доминираат услужните дејности од областа на финансиите, ИТ-секторот и туризмот.Во текот на утрешниот ден дрлегацијата на СКСМ во Солун ќе оствари средба со партнерските комори од северниот дел на Грција, на која ќе се разговара за заедничките проектни актовности во наредниот период. Во сите досегашни разговори на регионално ниво, единствен е заклучокот дека националните економии на балканските држави немаат доволен капацитет да се справат со последиците од кризите и да проектираат натамошен развој и затоа се повикуваат сите бизнис асоцијсции во регионот да ги интензивираат своите активности и барања за поддршка од владите во сопствените држави и меѓународните финансиски институции кои мора во оваа ситуација да помогнат, како би се задржале бизнисите и работните места, а со тоа во подоцнежниот период да можат и бизнисите да помогнат на сопствените држави.Следната дестинација на барање поддршка е Париз, каде раководството на Коморскиот инвестициски форум ќе разговара, во рамки на конференцијата на OECD, со неколку значајни меѓународни организации.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80223*

**13.5.2022**

**АЗЕСКИ СО СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ВО ПРИЛЕП И ВО БИТОЛА**

Во рамките на засилените активности преку непосредни контакти со бизнисмените, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, денеска во Битола ќе разговара со раководствата на регионалните комори во Битола и во Прилеп. Состојбите налагаат контактите да бидат секојдневни бидејќи ситуацијата се менува од ден на ден. Сепак, основните приоритети опстојуваат и натаму и ќе бидат во фокусот на интересирањата. Дефинирање модел за поддршка за потрошената електрична енергија бидејќи безусловно најголем проблем за сите компании е скапата струја, поради што сметките им се зголемени и до трипати, а поскапувањето и на нафтата ја подигнува цената на транспортот, што придонесува за драстичен пораст и на крајната цена на производот.Олеснување и намалување на времетраењето на административните постапки за градежни дозволи за поставување фотоволтаици за сопствено производство, за да се обезбеди за краток период поевтина струја.Континуираниот раст на цените на суровините на светските берзи ги поскапува крајните производи и негативно се одразува врз конкурентноста на македонските производи на странските пазари.Моделот на јавните набавки, кој, поради фиксните цени, ги прави проектите неодржливи и кој води до колапс наа компаниите од градежниот сектор, а во другите дејности (прехранбената, металната и електроиндустријата и сл.) се најавува откажување на тендерите или носење одлуки да не се учествува на јавните набавки.Стабилна даночна политика до крајот на годината заради обезбедување каква-таква сигурност за бизнисот во услови на голема неизвесност и непредвидливост. Паралелно со актуелните интервентни приоритети за бизнисот во услови на глобална мултикриза, на средбата ќе стане збор и за регионалните капитални проекти, кои мора да бидат приоритетно дефинирани затоа што се во интерес на развојот на целата држава.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80236*

**23.5.2022**

**ПИШУВАЊАТА НА ХАРИ КОСТОВ ЗА ПРОБЛЕМИТЕ НА ДРЖАВАТА – АБЕ, АЈДЕ, ПУЛИ СИ ЈА РАБОТАТА...**

**Доколку компетентен човек зборува за нефункционирањето на правната држава, кое има директен одраз врз економијата, не може тоа да се заврши со охридскиот уличен жаргон „абе, ајде, пули си ја работата“.**

Најновата анкета на Стопанската комора за проблемите со кои се соочува бизнис-секторот во постапките пред администрацијата јасно потврдува дека ни се потребни сериозни реформи.Месеци наназад, во интензивна комуникација со компаниите, слушнав стотина предлози за надминување на актуелната мултикризна ситуација.






Денеска ќе издвојам само еден, кој го слушнав во Битола, каде што, во контекст на средувањето на работите на пазарот на трудот, компаниите бараат да се иницира забрана за политичко дејствување на младите до 30 години, бидејќи нивните искуства зборуваат дека во Македонија вработувањето на

младите во јавната администрација е во директна врска со нивниот партиски ангажман и со тоа тие млади луѓе не се мотивирани да одат во приватниот сектор, кој треба да е главниот генератор на нивниот напредок.Навидум необичен предлог, но интригантен, особено ако се погледнат фактите дека во јавниот сектор имаме дури 1.332 институции, во кои се вработени повеќе од фантастични 144.000 лица. Овие податоци ја отвораат пандорината кутија во Македонија, од која излегува буџет од 4,4 милијарди евра, за кој сигурно натамошните анализи ќе покажат дека е клуч за „силување на приватниот сектор“ од политизираната држава, а за споредба погледнете ја изјавата на британскиот актуелен премиер, Борис Џонсон, од минатата недела. На враќање од Битола не можев да не се сетам на еден човек, банкар, политичар, ловец, критички расположен и духовит во коментарите. Се разбира, зборуваме за Хари Костов. Денеска ќе ги анализираме неговите јавни настапи, но првенствено од аспект на економските прилики во просторот помеѓу лесно изречените слободни кажувања и тешките ставови изнесени во јавните настапи, односно во просторот помеѓу „само бурек да се јадело“ и „не бидува ништо од ова“, па сè до проблемите со задолженоста на државата, целокупната јавна потрошувачка и јавните работи, неопходноста од рационализација на државната администрација, потребата од борба против корупцијата и потребата од промена на приоритетите на државата.Во исто време, додека приватно „јаде бурек“, а понекогаш јавно изнесува сериозни ставови за сериозни прашања, тој на своето работно место во Банката, во меѓусебните комуникации, ги приближува ставовите со монетарната власт – НБРМ – но во јавноста нив никаде ги нема. За чудо, омилен е кај фирмите затоа што во пракса, за разлика од сите други банкари кои ги консултираат централите или, пак, чекаат од сложените компјутерски системи да го исфрлаат одговорот ДА или НЕ, тој бргу ги носи одлуките за кредитните барања од компаниите.Тоа ме поттикна да ги проанализирам неговите малобројни јавни настапи и тие ме доведоа до неколку интересни факти.1.Во оставката од позицијата претседател на Владата до Собранието на Република Македонија од 15.11.2004 година, Хари Костов истакнува дека во Владата не постои усогласеност и практично тимско работење за вистинско остварување на стратешката цел на Република Македонија и смета дека еден од коалициските партнери својата улога и местото во Владата ги разбира погрешно. Тој тогаш во својата оставка истакна дека не е подготвен за неефикасно работење на Владата, условување и за блокирање на реформските процеси во политичката и, пред сè, во економската сфера поради некои дневнополитички договарања. Во врска со оваа тема, во своето излагање на 20-годишнината од Охридскиот рамковен договор (лето, 2021 година, по 17 години) смета дека, ако е точна констатацијата дека ОРД е веќе исполнет, тогаш политичките партии во државава треба да склучат еден нов рамковен или само договор, а тоа е договор за економските реформи, политики и мерки кои треба да се спроведуваат во наредните најмалку 10-ина години, а тоа да биде остварено во соработка и со науката и со бизнисот. Во однос на ова прашање, постои во целост доследност во постапките и во јавно изнесените ставови. Хари и во 2004 година, а и во 2021 година упатува на неопходноста од консензус околу економските реформи.2.Тој во интервјуто со наслов „Колку ќе трае кризата“ во „Утрински весник“ во април 2009 година истакна дека мора во целост да се премине кон преиспитување и кон драстично намалување на целокупната јавна потрошувачка, со рационализација и со елиминирање на сите трошоци и проекти кои не се неопходни, а јавните работи да се фокусираат на инвестирања во производствени капацитети, во енергетска и во патна инфраструктура, која овозможува подобри услови за стопанисување и која потоа самостојно ќе се финансира и ќе носи приходи. Ако се следи внимателно, иако се ретки настапите, јавно изнесените ставови на Хари Костов се постојани, односно неговите залагања се идентични од почетоците, па и во текот на сиот негов работен век. Поразително е тоа што темите околу кои тој ги гради ставовите се сè уште актуелни. Тогаш повикуваше на аранжман со ММФ и укажуваше на потребата од формирање фискален совет, па и валутен борд (јас мислам дека и самиот тој денес признава дека валутниот борд е погрешно протолкувана формулација) за да се намали експлозијата од задолженост на Македонија.3.Во излагањето по повод дваесетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, летото 2021 година , Хари Костов констатира дека „буџетот во 2004 година изнесуваше 1,6 милијарди евра, а оваа година тој изнесува над 4,4 милијарди евра. Во меѓувреме, ниту стопанството ниту стандардот на населението не се пораснати за трипати.

Притоа, буџетот се финансира, во значаен дел, со задолжувања, а најголемиот дел оди за плати на администрацијата и за социјални трансфери, што остава многу мал дел за капитални инвестиции, а тие, пак, ниту една година досега не се реализирани во целосен износ“. Тој смета дека постои неопходност од драстична рационализација на државната администрација, со подобри плати за намалената администрација, и да престане да се користи за вработување на партиските припадници. Така, буџетите во континуитет растат, јавните работи заостануваат, расте администрацијата, која зема плата од буџетот, јавниот долг порасна над 60 % од БДП и сè уште политичките договори се пред економските прилики во државата.4.Поднасловот јасно кажува дека спрема вакви концизно изнесени ставови од компетентен човек мора да се има друг пристап, да се отвори дебата и да се сослушаат сите страни, сите институции и сите лица, затоа што никој не може да биде толку паметен да тврди дека неговите решенија се најдобри. Најлесниот начин е да се каже „абе, ајде, пули си ја работата“, но тој охридски жаргон во сериозните државни работи треба што побргу да исчезне.П.С. 1 Најновото анкетно истражување на Комората за проблемите со кои се соочува бизнис-секторот во постапките пред администрацијата покажува дека:повеќе од 60 % од анкетираните компании се среќаваат со пречекорување на законските рокови, непрофесионалност, нестручност, со неажурност, непочитување на пропишаното работно време, со сложени и долги постапки за концесии, нефункционирање на едношалтерскиот систем, но и со отежната телефонска и електронска комуникација. Роковите најчесто ги пречекоруваат Министерството за транспорт и врски, Управата за јавни приходи, Управата за имотно-правни работи и Царинската управа;40 % од анкетираните компании сметаат дека веднаш треба да се преземат дејства во процесот на дигитализација на административните услуги;45 % од анкетираните компании сметаат дека треба да се востанови стручна и ефикасна администрација;15 % од анкетираните компании сметаат дека треба да се примени систем на наградување и на казнување за да се подобри ситуацијата;светла точка во услугите компаниите гледаат во Централниот регистар на РСМ (43 %), Управата за јавни приходи (22 %) и во Царинската управа (16 %).П.С. 2 Господине Костов, јас Ве поттикнувам и натаму јавно да ги изнесувате своите ставови, но и јавно да одговорите на прашањето дали суштинските прашања од интерес на државата можат да се решат со оставка или со макотрпна работа во системот кој е единствено признат, а тоа е парламентарната демократија, или, пак, како што рекол поранешниот британскиот премиер Черчил, „парламентарната демократија е најлош облик на владеење, но подобар не познавам“.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80247*

**25.5.2022**

## ОТВОРЕН БАЛКАН ЌЕ БИДЕ ОД ИНТЕРЕС ЗА БИЗНИСОТ, МАКАР И ДА ОСТАНАТ САМО ДВЕ ЗЕМЈИ

**Синоќа, како тема на денот, на телевизијата Euro news Србија, гостуваше претседателот Азески, заедно со Ненад Ѓурѓевиќ, советник на претседателот на Стопанската комора на Србија (ПКС), кадешто се анализираше вчерашната расправа на „Open Balkan“ форум**




Ние со 18,5 милиони жители, шест земји од Западен Балкан, пред почетокот на пандемијата имавме 111 милијарди БДП. Чешка со 10,7 милиони жители има 215 милијарди. Што сакаме повеќе како причина да почнеме да се приближуваме и да почнеме нешто конкретно да работиме? 30 години ни беа потребни. Нека се отворат границите за бизнисмените, овде се работи за бизнис, не за политика, рече Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија.Министерот за градежништво, сообраќај и инфраструктура, Томислав Момировиќ посочи дека создавањето на единствениот пазар, почитувајќи ги сите различности, не е веќе идеализам, туку реалност и потреба на бизнисот.Ненад Ѓурѓевиќ, како конкретна придобивка од овој процес, ги посочи спогодбите потпишани меѓу трите земји, Србија, Северна Македонија и Албанија, во областа на земјоделството, слободниот пазар на труд и интегрираните системи за електронски услуги. Посочено беше дека

граѓаните од овие зеемји можат да поминуваат граница со лична карта, а на следниот самит на Отворен Балкан, што ќе се одржи во Македонија, ќе започне процесот на издавање единствени идентификациони картици. со кои работниците од трите земји на Отворен Балкан би имале пристап до сите пазари.Милош Николиќ, Либек; Бранко Азески, СКСМ; Томислав Момировиќ, министер и сопственик на „Мона“ и Ненад Ѓурѓевиќ, ПКС.Момировиќ е еден од двајцата сопственици на познатиот бренд „Мона“, кој покрај модната индустрија, ја разви и туристичката дејност. Има 39 години, успешен стопанственик и министер на еден од најважните ресори во Владата на премиерката Ана Брнабиќ.Во заклучните согледувања, како да се соочиме со отпорот за реализација на оваа иницијатива, Азески истакна дека, како што во градежништвото постојат три важни работи: локација, локација и локација, така во овој процес постои потреба од имплементација, имплементација и имплементација. Макар и на две или три битни прашања.Берлинскиот процес, „Отворен Балкан“ и евроинтеграциските процеси на сите земји кои се дел од овие иницијативи се комплементарни, а не спротивставени процеси и претставуваат чекор напред кон придобивките од регионалното економско поврзување, како клучен приоритет, беше заклучено на Форумот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80249

**30.5.2022**

**ОРДЕН ЗА ЗАСЛУГИ НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА КОМОРАТА, ПОВЕЛБА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА АЗЕСКИ**

**Конечно големо и заслужени признание, кое денеска ќе ни биде доделено во друштво на еден од најголемите економисти во светот, нобеловецот Пол Кругман**




Во обраќањето до членките изминатиот период најавив дека до одбележувањето на 100-годишнината од формирањето на Комората ќе има 5 активности кои ќе оставаат печат на моќта и на улогата на коморското дејствување. Тоа и се случи.На сликава го гледате телопот од доделувањето на наградата „Дигитален шампион“ во организација на Светската трговска организација (WTO), Меѓународниот центар за трговија (ITC) и на Меѓународната трговска комора (ICC) на 2 декември во Женева.Честитајќи им во писмото до членките и до вработените, најавив дека до одржувањето на прославата по повод 100-годишнината од Комората ќе има уште 5 вакви признанија. И тоа и се случи.1. Во една од најтешките години Комората оствари најдобри резултати во своето работење, кога почна и примената на концептот Комора на иднината.2. Државата нè поддржа со триста илјади евра (300.000) за компаниите за процесот на примена на SAP-системите.3. Првпат користевме средства од ФИТР за поддршка на конкурентноста и на изозниот потенцијал на компаниите.4. Имаме 6 исклучително значајни меѓународни проекти.5. Меѓу нив е и денешното врачување на одликувањата од претседателот на РСМ, Стево Пендаровски, кој на СКСМ ќе ѝ додели Орден за заслуги на РС Македонија, а мене лично Повелба на Македонија, исклучително високо рангирани признанија, со кои се зацврстува позицијата на нашата институција.Тоа е потврда дека активностите што ги реализираме како бизнис-заедница се исклучива во интерес на бизнисот, како стожер на економскиот и на севкупниот просперитет на државата. Но тоа е и голема одговорност за идните генерации кои ќе ја предводат Комората. Затоа ова нека е поттик како треба да работиме понатаму. Некако стана традиција јавно да ги објавуваме и честитките за одредени поводи. На 26 мај 2022 година присуствував на приемот што го приреди Амбасадата на Велика Британија по повод дијамантската прослава на кралицата Елизабета II, што значи 70 години откога е на тронот на британската империја. Ѝ го честитам јубилејот и ѝ посакувам уште долг живот и многу јубелеи. Сакам прв јавно да им честитам на претседателот на Србија, на премиерот на Албанија и на тогашниот премиер на Македонија, Зоран

Заев, како први добитници на награда по повод 100-годишнината од Комората за регионално лидерство, за иницијативата „Отворен Балкан“. На крајот на минатата недела остварив средба со неговото блаженство, поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот охридски и македонски, г. г. Стефан, со дел од раководството на Комората, и лично му упатив честитки за одлуките на Вселенската патријаршија за прифаќање на МПЦ-ОА во канонското единство и на СПЦ за автокефалност на македонската црква.Признанието доаѓа во вистинскиот момент од сите православни цркви и од Вселенската патријаршија. И црквата и Стопанската комора (која одбележува 100 години постоење), две големи институции, имаат големи поводи за одбележување оваа година. Најстарата бизнис-асоцијација и Македонската православна црква имаат континуирано заемно разбирање, почитување и поддржување со децении. Во Белград учествував на Форумот „Open Balkan“, на кој, покрај на дебатата за перспективите и за нужноста од регионална бизнис-интеграција, учествував и на ТВ-дебатна емисија со Ненад Ѓурѓевиќ, советник на претседателот на Стопанската комора на Србија (ПКС), каде што се анализираше расправата на Форумот „Open Balkan“. На покана на турскиот амбасадор во РС Македонија, Хасан Мехмет Секизќок, присуствував на прием по повод Неделата на турската национална кујна во светот. Средбата беше повод и за разговори и за иницирање следни бизнис-средби, но и за развивање на соработката преку организирање конференции, трибини и преку учество на модерниот Форум за agro food во Истанбул. Во тек е и реализирање на активностите договорени на средбата со претседателот на Унијата на турски комори и стокови берзи, Рифад Хисарчиклиоглу, во април во Анкара, која ќе се заокружи на 14 јули 2022 година во Скопје (на одбележување на 100-годишнината на Комората), со потпишување договор за долгорочна соработка меѓу регионалната бизнис-асоцијација КИФ и Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ), највисокото правно лице во Турција, кое има 365 члена во форма на локални стопански комори – индустрија, трговија и индустрија, поморска трговија и стоковни берзи – во 81 провинција и во 160 окрузи во Турција. Во понеделникот (23.5.2022 година) објавив став, а повод беа јавните настапи на Хари Костов, за кого сметам дека е компетентен човек од аспект на позициите на кои бил, пред сè како банкар и како политичар, поради економските прилики (проблемите со задолженоста на државата, целокупната јавна потрошувачка и јавните работи, неопходноста од рационализација на државната администрација, потребата од борба против корупцијата и потребата од промена на приоритетите на државата). Ставот останува актуелен, а поради сериозноста и поради тежината не може да се прераскаже со една реченица. Ако не сте го прочитале, ве повикувам да го сторите тоа – Вести / Стопанска комора на Северна Македонија (mchamber.mk) Единаесеттиот Самит на Македонија 2025, место за дебати на формални панел-дискусии, но и на неформални средби, како мотив за размена на идеи и на ставови.Во рамките на панел-дискусијата за „Отворен Балкан“ отворив неколку дилеми и прашања до двајцата говорници, премиерите на Србија и на Северна Македонија, Брнабиќ и Ковачевски. Прво, дали можеме да сметаме дека „Отворен Балкан“ е надворешна или внатрешна иницијатива, бидејќи досега сме имале 72 неуспешни надворешни иницијативи за регионално здружување. Второ, битно е како го разбираме проектот – како интерес на секоја земја за одделно да го зголеми извозот и за да го намали увозот или како интеррегионален процес во кој сите заедно како регион би добиле. Трето, дали иницијативата „Отворен Балкан“ ќе заврши како царинска унија или ќе продолжи и со други регионални иницијативи. Четврто, перцепцијата на странските инвестиции за Западен Балкан како еден регион. Ако имаме решение и чекори за овие прашања, резултатот, секако, ќе биде раст на БДП на регионот, што ќе биде мотив плус за политичка поддршка на бизнис-идеите. Во рамките на седницата на Собранието на Стопанската комора, познатиот македонски иселеник Мајк Зафировски (беше во Македонија по повод единаесеттото издание на Самитот на Македонија 2025) одржа говор пред членовите, ставајќи акцент врз предизвиците и врз можностите што ги носи секоја криза, укажувајќи на важноста и на моќта на бизнисот како основна клетка на економијата, но и на улогата на Владата, која треба да ги олесни функционирањето и напредокот како на бизнисите така и на граѓаните. 6.12.2021 година, гостин во „Еден на Еден“: „Денеска имаме чест да имаме јак гостин. Ќе му се обраќам на ти, публиката нека ми прости. Се знаеме добро и сме седеле бајаги. Тој е човек со факти, тој не барата со лаги. Го знае секој бизнисмен, дали се стварно олигарси.

Ако го праша, ќе рече – не бе, брат, само фарси. Во епизода денес не е ниту Петко ниту Станко, еден и единствен, тој е Азески Бранко". Многу е тешко човек да зборува сам за себе, но вакви активности како во изминатиот период можат да се остварат само ако си посветен, ако ги знаеш целите и ако времето го трошиш на нивно остварување. Добро е ако некој го препознава тоа – некој со ордени, а некој со стихови. П.С. Еве и нешто ретро, врзано со денешните настани. На почетокот на својот мандат претседателот Пендаровски ја посети Комората и разговаравме за тоа како може при остварувањето на својата функција да придонесе за промоција на македонскиот бизнис.Колку убава слика од 2007 година, на која се заедно Црквата (МПЦ-ОА), Академијата, универзитетите и Комората. Тие релации и ден-денес функционираат беспрекорно.СКСМ отсекогаш водела сметка да ги награди лицата кои го заслужуваат тоа. Еден од нив е и претседателот на Унијата на турските комори и стокови берзи (ТОББ), Рифат Хисарчиклиоглу. Еден од моите најголеми коморски пријатели и поддржувач на нашата комора ќе се закити со признанието по повод 100-годишнината од Комората. Бизнис-лидер во регионот, кој најмногу придонел за интензивирање на регионалната коморска соработка.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80252

**31.5.2022**

**Претседателот Пендаровски на свечената церемонија по повод доделувањето Орден за заслуги и Повелба на Република Северна Македонија**

**На свечена церемонија одликувани Пол Кругман и Стопанска комора на Северна Македонија со Орден за заслуги за Република Северна Македонија и Повелба на Република Северна Македонија на Бранко Азески**



Почитуван Професоре Кругман, Почитуван господине Азески, Ценети членови на Стопанската комора на Северна Македонија,Дами и господа, Денеска имам голема чест да одликувам две личности и една организација кои имаат особени заслуги за економската мисла, но и за економската дејност, на глобално и на национално ниво. Во присуство на еминентниот професор по економија Пол Кругман и докажани македонски бизнис лидери од Стопанската комора на Северна Македонија, на чело со нивниот претседател Бранко Азески, не би сакал да навлегувам во економски теми што припаѓаат во нивната сфера на теоретска експертиза и практично делување, но, би сакал со вас да споделам неколку генерални опсервации околу контекстот во кој ги доделуваме овие признанија. Минуваме низ период на голема неизвесност поради бројните и испреплетени кризи што меѓусебно се зајакнуваат. Пандемијата на Ковид-19 и руската инвазија на Украина предизвикаа рецесија, енергетска криза и ценовни шокови на глобалните пазари. Се очекува јавниот долг, инфлацијата и цените на производите да продолжат да растат. Се продлабочува нееднаквоста меѓу државите и внатре во државите. Како мала и отворена економија, која е дел од глобалниот трговски и финансиски систем, ние сме посебно ранливи на овие процеси. Периодов што многумина го нарекуваат совршена бура не соочува со две групи на прашања. Прво, како се најдовме во оваа бура? Фактот дека за време на пандемијата, најбогатите во светот го дуплираа своето богатство зборува дека некои важни лекции од глобалната економска криза од 2008-та година не се научени. На пример, дека е лесно да се преземаат големи ризици со туѓи пари, или дека пазарот е подобар во создавањето профит отколку во неговата дистрибуција. Второто прашање е што треба да направиме за успешно да излеземе од оваа бура? Во каква вредносна рамка треба да функционира економскиот систем за да биде поотпорен на симултани кризи, а, стопанството полесно да ги издржи шоковите? Според мене, нема дилема дека стожерот на таа вредносна рамка треба да бидат граѓаните и јавниот интерес. Една од целите наведени во преамбулата на македонскиот устав е дека државата се конституира со цел “да се обезбеди социјална правда, економска

благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот." Оттука, нашата цел не е само да ја пребродиме кризата, туку од неа да излеземе со засилен економски развој, намалена невработеност, зголемена продуктивност и конкурентност на националната економија. За да го постигнеме ова, нам ни се потребни знаењето и експертизата на врвните теоретичари како што е професорот Пол Кругман, кој со децении неуморно го покажува патот до одржлив и инклузивен економски раст и развој. Како глобален интелектуалец, тој се залага за концептот на релативно еднакво општество, поддржано од институции што ги ограничуваат екстремите на богатството и сиромаштијата. Тој верува во демократијата, граѓанските слободи и владеењето на правото и е гласен критичар на социјалната неправда и злоупотребата на политичката моќ. Овие вредности се клучни за оправување на македонската економија, за успех на македонските компании, за благосостојба на македонските граѓани, конечно, за квалитетот на македонската демократија. Но, за да биде делотворна, теоријата мора да биде применета во практика, од страна на државните институции и приватниот сектор. Индустриите и компаниите се вистинските двигатели на економијата. Денеска имаме чест да ја одликуваме нашата најстара стопанска комора која годинава ја прославува стогодишнината од основањето. За важноста на Стопанската комора на Северна Македонија зборува фактот дека компаниите-членки генерираат половина од вкупниот приход и речиси половина од нето добивката во приватниот сектор, а, секој трет вработен во приватниот сектор е вработен во овие компании. Стопанската комора е активен партнер на државата во остварување на заедничката цел, а тоа е економски просперитет како еден од предусловите за стабилност на целото општество. Со нас денес е и господинот Бранко Азески, кој веќе 17 години е на чело на Стопанската комора и кој има голема заслуга во нејзиното издигнување и вмрежување во регионот и Европа. Како претставник на комората, тој беше истовремено и конструктивен критичар и партнер на државата во справувањето со економските последици од пандемијата. Господинот Азески, заедно со Стопанската комора, имаше важна улога во консултативниот процес на изработка на Рамката за развој МКД 2030 што ќе биде промовирана наредниот месец. Овој документ е дело на теоретичари и практичари кои заедно ги дефинираа приоритетните области во кои треба да вложуваме за државата на среднорочен план да стане подобро место за живот и работа. Имајќи ги во предвид нивните заслуги и постигнувања, чест ми е да ги одликувам Професорот Пол Кругман и Стопанската комора на Република Северна Македонија со Орден за заслуги, а господинот Бранко Азески со Повелба на Република Северна Македонија. Ви благодарам. Видео материјал: Обраќање на претседателот Пендаровски: https://youtu.be/2HM26BgTrJw Инсерти: https://youtu.be/AAhhBDcfJOo

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80255*

**31.5.2022**

**Презентирана Програмата Executive MBA на Rome Business School Белград (РБС Белград)**



Во присуство на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, потпретседателката м-р Анета Трајковска и претседателот на УО на НЛБ Банка, м-р Бранко Грегановиќ, во соработка со Rome Business School од Белград, директорот м-р Србољуб Марковиќ, пред присутните ги презентираше модулите и можностите што ги нуди Executive MBA програмата.„РБС Белград" е меѓународен бизнис-универзитет со седиште во Белград, акредитиран од Rome Business School од Италија. Универзитетот во Рим е членка на PlanetaFormacion y Unervesidades, меѓународна мрежа создадена во 2003 година од De Agostini и од Групацијата Planeta, која претставува синоним за посветеност не само на компаниите туку и на универзитетското образование и на стручната и доживотна обука.Програмата MBA е наменета за сите професионалци, менаџери и претприемачи кои имаат цел да се здобијат со дополнителни вештини и компетенции, кои не само што се потребни за успешни деловни потфати туку се и клучни за сите оние кои веруваат во етички пристап во работата.Програмите се прилагодени во

согласност со работните обврски на студентите, со тоа што предавањата се одвиваат еднаш месечно за време на викендите. Со завршувањето на Програмата студентите се здобиваат со 60 меѓународно признати ЕКТС-кредити и со двојна диплома.Изборот на една од програмите на „РБС Белград“ е инвестиција во иднината, бидејќи на студентите им овозможува вистинско корпоративно искуство и деловно опкружување, преку стратешки насоки, иновативен пристап и преку висококвалитетна содржина.Повеќе информации во врска Програмата можете да најдете на следниот линк Rome Business School - Belgrade (rbs.mba).

[https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80259](https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80259)

**07.6.2022**

**БИЗНИСМЕН И ЏЕНТЛМЕН**



Кога во 1983 година одекна веста дека на чело на „Тетекс“ од Тетово, на местото на легендарниот Стојан Ѓорчевски, кој 24 години раководеше со текстилниот комбинат, доаѓа директорот на „Енергетика“, Глигорие Гоговски, многумина ги вртеа главите во неверување, затоа што во социјализмот тоа не беше нормална ротација. По три години од директорувањето со овој значаен стопански капацитет, господинот Гоговски веќе беше во фотелјата на претседателот на Владата на Македонија, како прв бизнисмен во нејзината историја. Имаше само 43 години. Дојде тивко, а од политичката функција си отиде, исто така, тивко и во бизнисот одработи уште полни 31 години. Имав чест, како претседател на Младинската организација на Македонија и на Југославија, да соработувам со овој господин, кој со работа започнуваше во 6:30 ч. наутро и кој секогаш беше деловно облечен според најнова мода. Го паметам по неколку работи. Прво, имаше свој став кој јасно го декларираше: „Или вака или се враќам во ’Тетекс’“.Второ, имаше неограничена упорност во изведувањето на проектите, и покрај огромните отпори. Пример, донесувањето на Законот за предвремено пензионирање со 60 години.Трето, не тактизирајќи политички, во својот мандат ги донесе сите значајни акти што ја трансформираа државата од социјализам и федеративен статус во пазарна економија и сопствена држава. Тој за нас младите од тој период како да даваше надеж за некаков напредок во услови кога заедничката држава се распаѓаше на сите основи. Кога тој процес заврши, мирно се врати на својата позиција во „Тетекс“ и продолжи да работи со исто темпо. Сум се сретнал со него стотина пати и секогаш беше одмерен, енергичен и самоуверен. Со моето доаѓање во Комората повторно ни се вкрстија патиштата и, како и претходно, секогаш беше професионален, прецизен и јасен.Глигорие Гоговски беше човек и како и секој жив човек имаше и свои мани. Но тие мани беа минорни во однос на големите работи што ги направи и за бизнисот и за државата. Токму затоа, и како мој пријател, но и како активен член на Комората, заслужува почит.

[https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80267](https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80267)

09.6.2022

## АЗЕСКИ ИМ ДОДЕЛИ НАГРАДА - ГОЛЕМА ПЛАКЕТА НА ВУЧИЌ, РАМА, ЗАЕВ И КОВАЧЕВСКИ

**Иницијативата за единствен пазар преку создавање економска зона која дополнително ќе ги подобри политичките и економските односи и ќе ги зајакне врските меѓу народите и бизнисите, е препознаена и наградена од Комората и заслужува највисока почит**



Прв пат во својата едно вековна традиција на постоење Стопанската комора на Северна Македонија доделува награда за личности кои најмногу допринеле за регионална бизнис интеграција, изразувајќи на тој начин длабока почит кон креирањето на регионалната иницијатива „Отворен Балкан“.Досега имало повеќе иницијативи за натамошен регионален развој на овие простори, но завршиле неуспешно. Сите тие се надворешни иницијативи. Отворен Балкан е концепт кој е подржан токму од внатре, од политичките лидери во земјите кои се дел од процесот, но уште повеќе од компаниите кои имаат нужна потреба за поблиска соработка, поврзување, заеднички настап на трети пазари, како интра-регионален процес од кој економски бенефит ќе има целиот регион.Искрените заложби на претседателот на Република Србија Александар Вучиќ, премиерот на Република Албанија Еди Рама, поранешниот премиер на Република Северна Македонија со мандат 2017 – 2021 година Зоран Заев, актуелниот премиер на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски кој ги продолжи заложбите за натамошно развивање и креирање на Иницијативата за единствен пазар преку создавање економска зона која дополнително ќе ги подобри политичките и економските односи и ќе ги зајакне врските меѓу народите и бизнисите, е препознаена и наградена од Стопанската комора и заслужува највисока почит.Во таа чест, врз основа на член 25 од Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија и Одлука за определување на награди што ќе бидат доделени по повод 100 годишнината од постоењето на СКСМ од 28.02.2022 година, Управниот одбор на Стопанската комора на Северна Македонија, на седницата одржана на 19.05.2022 година донесе: Одлука за доделување на Награда на Стопанската комора на Северна Македонија за личности кои најмногу допринеле за регионална бизнис интеграција на Александар Вучиќ, претседател на Република Србија; Еди Рама, претседател на Владата на Република Албанија; Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија (2017-2021) и д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија

Наградата се доделува за особен придонес кон креирањето и продолжувањето на регионалната иницијатива насловена како „Отворен Балкан“, која има за цел да го промовира и да го развива капацитетот на регионот, преку имплементирање на четирите слободи (слобода за движење на луѓето, стоките, услугите и капиталот).Наградата опфаќа Голема плакета во чест на одбележување на 100 години од формирањето на Стопанската комора.

Господинот Александар Вучиќ, претседател на Република Србија по втор пат добива високо признание од Комората. Тој е човекот кој на 29 јули 2021 година доби награда од Стопанската комора на Северна Македонија за помошта што ни ја пружи кога ни беше најпотребна за вакцинацијата на бизнис заедницата не само кај нас туку и во регионот. Господинот Вучиќ е претседател кој не само што на зборови туку и на дела ги реализира регионалните проекти како основ за подобар бизнис амбиент во целиот регион. Да изградиш автопат кон Македонија, да модернизираш пруга кон Македонија, да градиш автопат за Црна Гора и уште два за Босна и Херцеговина и уште еден за Бугарија е пример без преседан на балканските простори и пример кој мора да биде награден.

Премиерот на Република Албанија Еди Рама, е човекот кој е најголемо изненадување во бизнис круговите. По вокација уметник, по разбирање на бизнисот достоен имплементатор на бизнис логиката и уште регионален лидер е исто така дело за респект и почит.Изградбата на инфраструктурни објекти (автопатишта, централи, хотелски капацитети, ланци на маркети), може да се нарече само уметност на бизнисот кој господинот Рама добро знае дека е единствено врзно ткиво на Балканот и гаранција за нов напредок.

Зоран Заев во својот мандат како претседател на Владата на Република Северна Македонија покренувајќи процеси од големо значење за нашата држава совршено добро разбра дека македонската економија без регионална димензија нема шанси за успех. Со тоа ги отвори видиците на нашите компании надвор од границите на државата, а пред се во соседните земји и остави аманет до сите нас, тој пристап да продолжи и понатака нормално водејќи сметка и за интересите на сопствената држава. Тоа негово дело го продолжува и актуелниот премиер Димитар Ковачевски, кој совршено ја продолжи регионалната иницијатива како голема шанса за нашата мала земја и со тоа уште еднаш се потврди тезата дека двајца бизнисмени на чело на Владата еднoподруго е ретка но значајна работа. Стопанската комора е најголемата и најмоќна бизнис асоцијација во државата. Капацитетот и потенцијалот на Комората се огромни. Во своите редови ги има 10-те најпрофитабилни компании, 10-те најголеми извозници, 10-те најголеми производители и 10-те најуспешни бизнисмени. Коморите во светот опстанале 400 години, Стопанската комора - 100 години и тоа е најголема потврда за традицијата, моќта, визијата. Бидејќи наградите не се само признание, тие се и поттик, ние како бизнисмени ги поттикнуваме да продолжат како досега затоа што бизнисот е тоа што води напред, се друго останува на историјата.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80269*

**20.6.2022**

**„ЧИЧКО", НИШТО ОД БИЗНИСОТ!**

**СТРУЈАТА КОНСТАНТНО НÈ ДРМА ВЕЌЕ 9 МЕСЕЦИ, А ЌЕ НÈ ДРМА И НАТАМУ**

1. СОСТОЈБАТА КАКО И СЕКОГАШ – ЛЕСНО ДЕФИНИРАНА

На 4 октомври 2021 година во една колумна јавно го отворив прашањето за тоа што се случува со струјата по напливот на информации во Комората за масовно откажување на договорите за снабдување. Причините сега се минато: зелената агенда во Европа и намалувањето на енергијата; релативно ниското производство од ветерните централи; брзиот пораст на пазарите во изминатиот квартал; огромниот пораст на цената на природниот гас на светските берзи. На тоа се надоврзаа и војната во Украина и инфлацијата, па започнаа проблемите, кои, веројатно, ќе траат подолг период. И уште еднаш, констатацијата изречена по стоти пат, упатена до Владата и до надлежните органи: **слушајте го гласот на бизнисот, тој е шест недели пред статистиките.**

И за да нема дополнителни прашања, предлози во шест точки

**Прво,** подигнување на домашното производство на електрична енергија е, сигурно, основната мерка која може да изврши најголема превенција.

**Второ,** Регулаторната комисија за енергетика мора да биде на висина на задачата и енергично да дејствува за да се престане со манипулативното откажување на договорите, со конкретни мерки, кои ќе вклучуваат јавно објавување и одземање на лиценците, не само на компаниите туку и на нивните сопственици, со трајна забрана за вршење ваква дејност.

**Трето,** бидејќи се наоѓаме во период кога компаниите ја проектираат својата позиција за наредната година, што побргу мора да се излезе со јасна прогноза како ќе се одвиваат работите натаму, за да може тоа да биде вградено и во проекциите на компаниите.

**Четврто,** и на обичните луѓе совршено им е јасно дека цената на енергенсите директно влијае врз цената на производот и на услугата, а со неконтролираниот пораст на цените на производите и на услугите лесно може да настанат проблеми и на макроекономски план.

**Петто,** оваа наша иницијатива никако не смее да се сфати како некакво драматизирање за состојбите, туку како транспарентност неопходно потребна за вакви појави, кои не зависат од нас, туку од случувањата кои се надвор од нашата моќ.

**Шесто,** искуствата од пандемијата нè учат дека во вакви кризи секој се ориентира спрема себе и дека меѓународната солидарност е второстепена.

2. РЕЗУЛТАТОТ, КАКО И СЕКОГАШ, ПРОБЛЕМАТИЧЕН

Преку Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ) добиени се податоци за цената на електричната енергија во регионот на Западен Балкан. Во Босна и Херцеговина цените се разликуваат во зависност од тоа дали станува збор за Република Српска (53 EUR/MWh) или за Федерацијата БиХ (74 EUR/MWh). Се очекува цената во Република Српска да се зголеми за 50 %, така што би дошло до своевидно изедначување на цените на целата територија на БиХ. На Косово цената на електричната енергија за стопанството се движи од 7 до 9 евроценти за KWh, во Црна Гора околу 5-6 евроценти за KWh, а во Србија околу 7,5 евроценти за KWh. Во Северна Македонија цената е врзана за HUPEX (Hungarian Power Exchange), па различни фирми, во зависност од потрошувачката и од големината, добиваат различни пакет-понуди од снабдувачот, но просекот на цената е цената на ХУПЏ-маржата (3-5 %).

Врз основа на контактите на Стопанската комора на Србија со домашните трговци на електрична енергија, кои ги следат пазарните цени на европскиот пазар, цената на струјата на пазарот за референтните берзи во евра по мегават час се следниве: Унгарија – 241 евро за третиот квартал од 2022 г., 275 евра за четвртиот квартал од 2022 г. и 232 евра за цела 2023 г.; Германија – 207 евра за третиот квартал од 2022 г., 254 евра за четвртиот квартал од 2022 г. и 221 евро за цела 2023 г. Ова се податоци за *market price* – продажба на големо.

**Цената на електричната енергија, рамковен распон, EUR/MWH (евра по мегават час)**

| | **Актуелна цена** | **Очекувања 2022** | **Очекувања 2023** | **Напомена/Извор** |
|---|---|---|---|---|
| Германија | 200 – 210 | 210 – 250 | 200 – 230 | База, пазарна цена актуелна на 14 јуни 2022 |
| Унгарија | 230 – 240 | 240 – 280 | 220 – 240 | База, пазарна цена актуелна на 14 јуни 2022 |
| Албанија | 90 – 110 | 100 – 120 | 110 – 130 | КИФ |
| БиХ | 55 – 75 | 55 – 75 | 80 – 100 | КИФ |
| Косово | 70 – 90 | 70 – 90 | 90 – 110 | КИФ |
| Северна Македонија | 200 – 240 | 230 – 270 | 220 – 240 | КИФ |
| Црна Гора | 50 – 60 | 50 – 60 | 80 – 100 | КИФ |
| Србија | 70 – 80 | 120 – 180 | 120 – 180 | Анкетно истражување меѓу фирмите |

**Напомена:** За Германија и за Унгарија се дадени очекувањата на пазарот ( *open market*), а за регионот се дадени очекувањата на компаниите кои се снабдуваат по субвенционирани цени (во Србија се поголеми очекувањата кога се зборува за идниот раст на цената, во однос на бизнисите од регионот, освен за Северна Македонија, каде што цената за стопанството ја одредува пазарот).

Сега повторно ли по охридски ќе викаме „ај нека си ја пули работата“ или ќе направиме нешто со што ќе се изедначиме со компаниите од другите земји од Западен Балкан во однос на ова клучно конкурентско прашање?

**Знам и за депресираната цена на електричната енергија во изминатите 30 години; знам и за пропустите во раководењето со електроенергетскиот систем; знам и за внатрешните проблеми. Но знам дека компаниите не се виновни за ништо од тоа. Затоа, без разлика на сите овие оправдувања, мора да се впуштиме во акција, бидејќи ова станува клучно прашање за опстанокот на македонскиот бизнис. Зошто? Затоа што и врапчињата знаат дека цената ќе оди нагоре, а со тоа ќе се намали и онака слабата конкурентност на македонските производи.**

П.С. Да влијаеме врз цените на суровините на светскиот пазар не можеме. Да измислуваме топла вода со нов модел на јавни набавки, исто така, не можеме. Но да ги промениме работите во Министерството за транспорт и врски и во локалните самоуправи околу постапките за издавање фотоволтаици, тоа сигурно можеме, исто како што можеме да ги намалиме и трошоците во работењето на ЕСМ и да го подигнеме производството. Во тие рамки треба да ги бараме и модалитетите за помош на компаниите. Без тоа нема ништо од бизнисот.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90282*

**21.6.2022**

**„Приоритети се борбата против непријавената работа и корупцијата, итна дигитализација на јавната администрација и реформа на парафискалните давачки“**

**Клучните прашања за подобрување на бизнис климата Азески ги гледа во неколку конкретни точки и вели дека Комората подготвила приоритети за кои има дискусии и согласност од Владата, но слабо оди имплементацијата.**

Бранко Азески е претседател на Стопанска комора на Северна Македонија (СКСМ), институција која еден век ги застапува најголем дел од бизнисите во земјата. Клучните прашања за подобрување на бизнис-климата ги гледа во осум точки, а вели дека комората има подготвени приоритети, за нив има дискусии и владина согласност, но затајува имплементацијата. Интегралното интервју на 'Prioriteti su borba protiv rada na crno i korupcije, hitna digitalizacija državne uprave i reforma parafiskalnih nameta' - Poslovni dnevnik Економските последици од војната во Украина на големо се чувствуваат и во Македонија. Посочивте три канали преку кои се пренесува кризата. Кое се тие?Тие канали се: Преку цената на енергенсите, храната и чиповите, преку последиците врз европската економија поради судирот Русија -Украина и од трговската размена на Македонија со Русија и Украина. Фактот што клучните производи како природен гас, нафта и пченица доаѓаат од Русија и Украина, е само потврда за веќе зголемените цени за широка потрошувачка, без разлика дали трговската размена е директно помеѓу Македонија и овие две земји или преку канали на ЕУ. Уште повеќе загрижува фактот дека индиректните ефекти преку влијанието на конфликтот врз економијата на ЕУ имаат потенцијал да го намалат извозот и инвестициите (кон и од ЕУ), да ги намалат дознаките на нашите иселеници во ЕУ, а со тоа и расположливиот доход на домаќинствата во Македонија и личната потрошувачка. Високиот пораст на цените ја поткопува куповната моќ на населението во ЕУ, што ќе се рефлектира во помала побарувачка за наши производи и услуги. Од стопанството најзасегнати се градежната индустрија, автомобилската индустрија, која произведува автомобилски компоненти, металургијата. Истакнавте и дека справувањето со актуелната криза ќе биде ѓаволски тешко. Какво решение сугерирате?Во СКСМ констатиравме дека се потребни мерки за решавање на одредени проблеми за одржување на ликвидноста на приватниот сектор, прво преку дефинирање модел на поддршка за потрошената електрична енергија. Потоа преку прилагодување на концептот на јавните набавки; административни постапки за градежни дозволи за поставување фотоволтаици за сопствено производство се многу долги, што оневозможува на краток период обезбедување поевтина струја. На крај да запре носењето Закони по брза постапка која го усложнува бизнис амбиентот на компаниите.Фискалната политика мора да е заснована на начелото на претпазливост и штедење, за да се создаде поголем простор за интервенција на страната на понудата. СКСМ бара до крајот на годината да не се менува даночната политика, навремено да се враќа ДДВ-то и навремено да се сервисираат обврските на јавниот сектор

кон приватниот. Ако не беше корона-кризата и војната во Украина, кој ќе беше најголемиот проблем на бизнисот и економијата во Македонија?Македонската економија веќе подолго време трпи последици од недоволен број квалификуван и стручен кадар како последица на долгогодишната неусогласеност на вештините и компетенциите кои се нудат од образовниот систем. Извештајот на ЕК потврдува дека 80% од невработените се долгорочно невработени поради недостаток на вештини, а анализите на СКСМ покажуваат дека 65% од компаниите се соочуваат со недостаток на стручен кадар. СКСМ пред 6 години почна конкретни активности за воведување дуалното образование како најефикасен процес за подготовка на соодветен стручен кадар. Фокусот од училницата е префрлен на стекнување знаења и вештини во компаниите и учениците се обучуваа според технологијата, машините и опремата кои постојат во компанијата, се стекнуваат со работни навики и се запознаваат со функционирањето на компанијата. Компаниите сами го подготвуваат кадарот за да одговара на нивните потребите и одговорноста за неподготвеност на кадарот ќе биде нивна. Но, реализацијата на реформските процеси бара отстранување на законските пречки и зголемување на средства за образование од БПД - од сегашните 3,2% на 5%. Со наша активна инволвираност дуалното образование стана реалност, уписната политика се креира со бизнис заедницата, се работи нов Законот за стручно образование и обука, 1400 ученици повеќе се запишале во стручното образование, вкупно 221 фирма се вклучени во стручното образование оваа учебна година (во новиот Конкурс за упис за следнатата учебна година во дуалното образование се вклучени околу 500 компании), СКСМ обучи над 450 ментори од компаниите за практична обука, 7 стручни училишта и 1 факултет со 29 компании и модернизирани машини и опрема започнаа реализација на практична обука на учениците, со грант од 150.000 до 600.000 евра од Германската банка за инвестиции (KFW) обезбеден преку Комората и КИФ. Во тек е и вториот повик за обезбедување на грантот, обезбедени 2.200 стипендии за учениците запишани во дуалните паралелки во средните училишта во месечна висина од 3.500 денари. Функционира ли пазарната економија во Македонија, има ли бизнис клима?Ако се следат фактите за георграфската и геостратешката местоположба, но и бројките од меѓународни финансиски и аналитички центри, констатацијата е дека земјата има политики кои ја рангираат како поволна бизнис дестинација со функционална пазарна економија. Сепак, овие политики не дадоа целосна структурна трансформација. Затоа итно се потребни реформи за да се олесни движењето на ресурсите до најпродуктивните можности и да се заврши структурната трансформација на Македонија. Иако успехот на земјата во привлекувањето странски директни инвестиции ориентирани кон извоз ѝ овозможи да се интегрира во некои глобални синџири на вредности, таа не беше во можност ефикасно да ја искористи својата стратешка локација. Забрзувањето на структурната трансформација и промовирањето на усвојувањето на технологијата и иновациите ќе стануваат сè поклучни додека Северна Македонија дејствува за да избега од замката со среден приход и да постигне статус со високи приходи. Клучните прашања се слабостите во трговската и транспортната поврзаност и интеграцијата на синџирот на вредност, како и недостатоците во политиката на конкуренција и инвестиции, деловната регулатива, капацитетите на фирмите, пристапот до финансии и дигиталната поврзаност, а сето тоа се надополнува со недостигот на вештини за работна сила. Има ли Македонија стратегија за забрзан економски развој? Каков е односот Држава - Комора - Бизнис?Комората ги има дефинирано приоритетите на бизнисот на краток и подолг рок и има зацртано и дека мора да успее да го промени односот на државната администрација кон компаниите, чувствувајќи ги како партнери, на кои мора да им се помогне, да се едуцираат и надградуваат, а не како досега да се „чекаат на кривина" и да се казнуваат. За поддршка на македонското стопанство за подигнување на продуктивноста и конкурентноста на македонските компании, ние поддржуваме континуиран дијалог меѓу дизајнерите на економските политики и бизнис-секторот. Колку е моќна Комората да влијае при донесувањето на големите одлуки за унапредување на економијата, на стопанството?СКСМ е најстара, најмоќна и најрепрезентативна бизнис асоцијација во државата. Годинава кога одбележуваме 100 години постоење можеме гордо да кажеме дека членките на Комората обезбедуваат 50,3% од приходот, 47,6% од нето добивката и 33,7% од вработените во приватниот сектор. Комората во своите редови ги има 10-те најпрофитабилни компании, 10-те најголеми извозници, 10-те најголеми производители, 10-

те најуспешни бизнисмени, а во својот апарат ги има и 10-те најдобри коморски кадри во државава и уште толку регионални експерти, што докажува дека има капацитет да биде во служба и на бизнисот и на државата. Да се свртиме и кон иднината, кои се клучните приоритетите на Комората од кои зависи бизнис-амбиентот во Македонија?Комората има подготвени приоритети, за нив има дискусии со владини институции, има согласност за реализација, но затајува имплементацијата. Тие се: Борба со сивата економија и со корупцијата со мерки за унапредување на работењето на Управата за јавни приходи; Интегрирана, целосна и итна дигитализација на процесите на државните служби; Реформирање на системот на парафискалните давачки и сузбивање на сивата економија во електронската трговија; Брза гасификација со изградбата на национален гасоводен систем, поврзување со регионалните гасоводни системи и изградба на дистрибутивните системи за природен гас за стопанството како краен потрошувач; Директна поддршка на извозните компании и финансиската поддршка на инвестициите и создавање услови да се неутрализираат опасностите од селење на домашниот капитал во странство заради користење помош која ја нудат земјите од соседството; и Брзи процедури за издавање на градежните дозволи за инвестициите од бизнисот, ако сакаме инвестиции во економска криза. За еден век постоење, кои клучни моменти од делувањето на СКСМ би ги издвоиле?Како човек кој 17 години гордо стојам на чело на оваа институција, а цели 32 години сум дел од активностите во коморското функционирање, цврсто верувам во моќта на СКСМ како институција за која има реална потреба. Коморите опстанале 400 години, нашата 100 години и тоа е голем доказ дека треба да се бориш и да направиш Комора на иднината. Јас тоа го направив. Преку Комората изградивме и серија институциите буквално од нула, како што се ГС1 Македонија , Македонското кредитно биро, Советот за странски инвестиции, Македонската енергетска асоцијација и многу други проекти кои се во тек. Изработивме стратешки документ и создадовме концепт „Комора на иднината“, кој претставува одговор на потребите на бизнис-заедницата да има силен партнер. Клучна промена во трасирањето на патот кон Комората на иднината е формирањето на Совети со фокус кон развој, иновации и знаења. Се што работиме е препознаено и од највисокиот државен врв. Неодамна го примив Орденот за заслуги на РСМ за Стопанската комора, а јас лично бев одликуван со Повелба од претседателот на државата Стево Пендаровски. Тоа е и голема одговорност за идните генерации кои ќе ја предводат Комората.Неодамна го примив Орденот за заслуги на РСМ за Стопанската комора, а лично бев одликуван и со Повелбата на претседателот на државата што ми ја врачи лично претседателот на државата Стево Пендаровски. Ова е голема одговорност и за идните генерации кои ќе ја водат Комората.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90284*

**01.7.2022**

**ЕУ И НИЕ, БУГАРИЈА И ТИЕ ... (бриселски бирократи)**

**КОЈ КОГО „МАФЛОСУВА“, ТИЕ НАС ИЛИ НИЕ НИВ. ЧЕКОР НАПРЕД, ТРИ НАЗАД, КАКО РАКОВИТЕ ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО ОД МОЕТО ДЕТСТВО КОИ ИСЧЕЗНАА ВО НАЛЕТОТ НА ТЕХНОЛОШКИОТ НАПРЕДОК И УНИШТУВАЊЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

1. Објавено во мојата најнова книгата „Што ни се случува“, јануари 2022 г.Насоките на ЕУ се, создавање регионален пазар на Западен Балкан, кој ИНТЕГРИРАНО треба да се поврзе со Европската унија преку Европската Економска Заедница - ЕЕЗ (инструмент за економско поврзување на земји од интерес на ЕУ кои не се, и веројатно нема да бидат нејзини членки). Иако ние, како држава, ги имаме исполнето минималните копенхашки критериуми кои се основ за било каков почеток на преговорите ЕУ, очигледно се плаши да не интегрира (внимавајте), поради слабите капацитети на бриселската администрација во која е заглавена, што значи не блокира поради капацитетите на нашата администрација, а признава дека е заглавена од нејзината администрација. Весела математика, пар екселанс „par ekselans“.А зошто навистина заглави бриселската администрација?1. Блокиран е буџетот за финансирање на рамковните програми за иновации и конкурентност.2. Доцнат програмите „ХОРИЗОНТ“, „ИПА 3“ и пограничните програми кои требаше да почнат во 2021 година.3. Унитарното

владеење во одредени сегменти на ЕУ создаде отпор кај поедини земји, како што се Полска и Чешка.4. Сѐ потешко се носат одлуки со консензус.Сѐ на сѐ, причините дека ние треба да ги решиме најпрво билатералните спорови се само изговор за пролонгирање на процесите.Она што ние треба да направиме е, највнимателно да ги прочитаме пораките и ги прифатиме забелешките забрзувајќи ги процесите посочени во извештајот, затоа што е очигледно дека сами не можеме да се справиме со овие предизвици и тој дел од патот мора да го поминеме под менторство на Европската комисија, без разлика дали ќе станеме нивна членка или не.

2. Изјава во емисијата ТОП ТЕМА на ТВ Телма, 3 ноември 2021 г.Јас со целата моја интелигенција, со целиот мој бекграунд и багаж не знам што е проблемот со Бугарија. Не знам што е ниту со Грција. Но се крена цел свет, сите знаеме дека е непринципиелно но ете им направивме ќеиф. Дали треба да им правиме ќеиф на сите на Балканот како мечката Божана.Јас не знам што проблем има Бугарија со нас, за бизнисот да решава некакво прашање. Во социјализмот се имаше перцепција дека не сме ја сакале Бугарија па затоа пруга не сме правеле. Но фактот е дека не сме правеле пруга од економски причини. Параметрите покажуваат дека таа пруга до пристаништето нивно до Бургас 90% поминува на бугарска територија, а 10% на македонска. Значи утре од приходот за транспортот 90% ќе одат кај нив, 10% ќе доаѓаат кај нас. Е затоа не се правела пругата. Не затоа што некој имал политика кон Бугарија. Во меѓувреме, македонските и бугарските граѓани ја минуваат границата и комуницираат, јас кога поминувам граница кон Бугарија не сум оптоварен, се чувствувам како да сум во својата земја. Не знам што е проблемот за да губи бизнисот време и тоа да биде услов за влез во Европската Унија. Не знам што бараат тие и меѓународната заедница од нас. Мислам дека таа работа треба веднаш да престане и да се реши. Нека расчисти Европската унија што не и функционира администрацијата и програмите од кои ние се финансираме и што добиваме помош на лажиче. Нека ги расчисти состојбите во нејзината гломазна администрација. Јас не гледам никаков проблем во односите со Бугарија. П.С. Двете мои изјави за односите со Бугарија и членството во Европската Унија дадени во изминатиот период, јасно и недвосмислено укажуваат каде лежат проблемите. Прво, кај нас во земјите од Западен Балкан. Ние мора како ТОП ПРИОРИТЕТ да ја поставиме економската интеграција и да покажеме и докажеме дека имаме капацитет да настапиме обединето, како и сите други региони во Европа. Второ, во редовите на Европската Унија која упорно го блокира процесот на отпочнување преговори затоа што е жртва на својата неконтролирана бирократија.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90297

**04.7.2022**

**Свето Пивара, Нако Кожара, Страшо Гранит, Штерјо, Минчо, Симе, Пашата, Туџар, Џобе ....**

**Во монографијата на Стопанската комора на Македонија се опфатени околу 500 личности кои биле или се`уште се значајни за коморското организирање и работење. Околу 270 личности се наведени со име, презиме и компанија, на 209 страни.**




Стопанската комора на Северна Македонија оваа година слави 100 години од своето постоење. По тој повод, подготвивме Монографија за личностите и настаните кои ги одбележаа последните 25 години.Монографијата содржи интересни податоци за сите најзначајни активности кои го одбележале опстојувањето на Стопанската комора на Македонија низ годините (со назив Стопанска комора на Северна Македонија од март 2021 година), а посебен фокус е ставен врз личностите значајни за бизнисот во Македонија, компаниите кои биле или сеуште се дел од најголемата и најбројната бизнис-асоцијација, низ призмата на добиените коморски награди во последните 25 години, од кога последен пат била издадена коморска монографија. Овој дел, којшто е суштински за монографијата, претставува извонредна можност да се пристетиме на сите личности кои вградиле дел од својот живот во

развојот на македонската економија.Во монографијата ќе прочитате за Шутурко, Гоце Кам, Самарџија, Драги Милошевски, Петар Спасески, Кутревски Пекабеско, Хари и Бишев, Нанчо, Зарче, Јаким и Најденко, Клубот 100 – Живко Алкалоид, Андреја Макпетрол, Гечев ИГМ, Кочо, Доне, Петер Штефан, Шевки Ренова, Даути, Мизо, Аргир и уште многу други бизнис-лидери, препознатливи, како на домашниот, така и на светскиот пазар, кои оставиле силен белег во стопанството и истовремено биле активно вклучени во коморското секојдневие, затоа што биле свесни за улогата на Комората, како сплотувач на бизнисите.Во монографијата на Стопанската комора на Македонија се опфатени околу 500 личности кои биле или сеуште се значајни за коморското организирање и работење. Од нив, околу 270 личности се наведени со име, презиме и компанија, а околу 230 личности и со фотографија на 209 страни.Коморскиот систем е една голема разгранета мрежа низ целата земјина топка. Нема земја или поголем град каде што нема стопанска комора, затоа што бизнисот и капиталот се присутни насекаде, а како резултат на тоа, потребна е бизнис асоцијација која ќе ги сполотува бизнисите, ќе ги штити бизнис интересите и ќе се залага во име на бизнис заедницата.За сите интересни моменти од коморското битисување ќе прочитате во Монографијата на Стопанската комора на Македонија, којашто ќе биде официјално претставена на јавноста на денот на Комората - 14 јули 2022 година, на прес-конференција на Комората.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90300*

**05.7.2022**

**БУГАРСКАТА ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКА КОМОРА ЈА ЦЕНИ ПОЗИТИВНАТА УЛОГА НА МАКЕДОНСКАТА КОМОРА И НЕЈЗИНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**

**Ова го истакна Цветан Симеонов, претседател на Бугарската трговско- индустриска комора во неговото обраќање по повод 100-годишниот коморски јубилеј**



За Азески 100 годишнината од Комората претставува мост на две генерации, мост каде завршува ерата на една поискусна генерација и започнува ерата на новата генерација. Во периодот на заедничкото функционирање на органите на Комората, младата генерација имаше можност да учи од искуството на постарата, која помина низ транзицискиот период и многу премрежја кога се поставуваа правилата на игра во македонскиот бизнис и економија. Слободно можам да кажам дека во тој период постарата генерација успеа да ја наметне и да ја поттикне соработката меѓу јавниот и приватниот сектор во креирањето на макроекономската политика и економскиот систем. Во периодот што следува, младата генерација ќе внесе нови стандарди и правила во функционирањето на приватниот сектор и Комората.Четиринаесетти јули (14 јули) е посебен ден затоа што тогаш се слави француската буржуаска револуција. Тој датум, означува една голема битка за демократијата, слободата и човековите права. Не било ни случајно, што токму на тој ден, 14 јули, во 1922 година, се поставени темелите на коморскиот систем на овие простори. Симболики има на секој чекор, но овде е толку видлива, што не треба да се додаде ниту еден збор.„Што би била културата без нејзините поддржувачи? Дали без мецените низ вековите не би биле осиромашени за голем број уметнички ремек дела?“ се зборовите на светски познатиот пијанист Симон Трпчевски , зборувајќи за поддршката на Стопанската комора на Северна Македонија.За актерот Сашко Коцев, соработката со Комората е откривање на еден сосема нов свет , и дел од живеењето, нему непознат дотогаш, но сепак многу присутен и важен за општеството. На 95-годишнината, вели, не изџжал да не праша дали има некој кој присуствувал на нејзиното основање.Претседателите на стопанските комори од регионот неизмерно ја ценат нашата комора, што покажува дека коморите дејствуваат и кога политичките елити ставаат кочници...Таков е

примерот со Унијата на коморите на Република Грција, со која СКСМ Комората имаше одлични односи за време на решавањето на 30 годишниот спор. Но, тука е и нашата улога во воспоставувањето на дијалог помеѓу српската и косовската комора.„Бугарската стопанска комора мошне ја цени конструктивната и позитивна улога на Стопанската комора на Северна Македонија во основањето на Асоцијацијата на балкански комори (АБК), како и при соработката меѓу нашите Комори во рамки на АБК, на полето на трговска арбитража и на бројни заеднички проекти. Би сакал исто така да ја искористам пригодата да им честитам на Управниот одбор и лично на г. Бранко Азески за развојот на организацијата и постигнувањето на овие одлични резултати.“, наведува Цветан Симеонов, претседател на Бугарската трговско-индустриска комора.Г-дин Михај Дарабан, претседател на Стопанската комора на Романија пак нагласува дека Стопанската комора на Романија и Стопанската комора на Северна Македонија имаат долга и успешна приказна којашто имаат намера и понатаму заедно да ја пишуваат и создаваат. На истата линија околу соработката со Комората е и г-дин Александар Влаховиќ, основачот на балканскиот Давос – Копаоник бизнис форумот, како и Горан Свилановиќ, специјален советник на претседателот на СКСМ за регионална соработка и поранешен министер за надворешни работи во Владата на СР Југославија. Секогаш пофални зборoти за соработката со Комората има и големиот коморски лидер од Турција, Рифат Хисарчиклиоглу, кој е и потпретседател на европската коморска асоцијација Eurochambres. Во Монографијата ќе прочитате и што рекоа за Комората и личности кои се далеку од бизнисот, но имаат своја тежина и улога во општествениот и јавниот живот, со кои СКСМ секогаш има одлични релации, како Неговото блаженство, архиепископот Охридски и Македонски Господин Господин Стефан, скопскиот бискуп и струмичко-скопски егзарх Монс. д-р Киро Стојанов, струмичкиот митрополит г-дин Наум, претседателот на МАНУ, акад. Љупчо Коцарев, д-р Владимир Глигоров и др. Тука се и најпознатите регионални бизнисмени Бранко Роглиќ, Дејан Јовановиќ и уште многу други.Не изостануваат честитките и признанијата за Комората како сериозен партнер во многу проекти и иницијативи и со најзначајните наши соработници – директората на УЈП, Сања Лукаревска, директорката на Царинската управа, Славица Кутиров и гувернерката на НБРСМ, Анита Ангеловска- Бежоска, министрите од економските ресори Крешник Бектеши и д-р Фатмир Бесими, вицепремиерот Фатмир Битиќи, премиерот Димитар Ковачевски, поранешниот премиер Зоран Заев, како и претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски.Ако се набројат сите личности и институции кои се пријатели на Комората, ќе треба да испечатиме уште едно издание, но сигурно сите знаат дека со тоа не се докажува позицијата и затоа во утрешниот прилог ќе го претставиме делот за Комората на иднината, од кој ќе се види дека ние совршено добро знаеме дека треба позицијата да ја докажуваме секој ден, секој момент, а за тоа имаме и стратегија, и човечки ресурси и мрежа со која гарантираме дека ќе бидеме во функција на компаниите.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90302*



**05.7.2022**

**АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА ФИТР**

**ПРОДОЛЖУВА СОРАБОТКАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА СО ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

И во услови на мулти-криза Стопанската комора на Северна Македонија продолжува да ги иницира активностите кои водат до поттикнување на иновативноста и конкурентноста на компаниите. За таа цел претседателот Бранко Азески придружуван од в.д. оперативниот директор за развој, иновации и знаења, м-р Михајло Донев оствари средба со директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, д-р Фестим Халили.На средбата беше поздравена досегашната соработка помеѓу двете институции, за што говори успешно реализираниот проект „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и

машинскиот сектор, преку подобрување на производните и на технолошките способности на извозно ориентираните МСП“, преку кој беа набавени 23 машини и дополнителна опрема за 4 компании во директна финансиска поддршка во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој со поддршка од Светската банка, во вредност од половина милион евра.Претседателот Азески ги презентираше заложбите на Комората и регионалните иницијативи кои се реализираат во рамки на Коморскиот инвестициски форум со кои се обезбедува техничка помош за пристап до финансии и дигитализација за компаниите од шесте земји на Западен Балкан, како и заедничкото саемско претставување на компании од регионот на најважните бизнис настани во регионот. Азески исто така посочи дека Стопанската комора во изминатите години е насочена кон реализирање на проекти кои креираат користи за компаниите и го олеснуваат нивното работење, што дополнително ја оправдува целта на Комората да биде глас на бизнис заедницата.Директорот Халили истакна дека Фондот за иновации и технолошки развој преку своите активности нуди поддршка за компаниите преку финансирање на најдобрите и одржливи бизнис идеи и проекти. Халили додаде дека ФИТР ќе биде првата акредитирана институција кон Зелениот климатски фонд од Западен Балкан. Преку Зелениот климатски фонд ќе се обезбедуваат финансиски средства за зајакнување на ангажманот на приватниот сектор во климатската акција за реализирање на приоритетите согласно Парискиот договор, Целите за одржлив развој и остварување на обврските за клима во рамките на претпристапниот процес на Европската Унија.Помеѓу двете страни беше договорена комуникација на дневно ниво со која компаниите навремено ќе се информираат за сите активни повизици, во насока на дополнително афирмирање на инструментите кои овозможуваат раст и развој на компаниите, истовремено двете страни покажаа подготвеност за заедничко аплицирање на проекти, земајќи го предвид искуството и капацитетот на двете институции во креирање и имплементација на проектни активности кои водат до додадена вредност за македонската економија.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90303*

**08.7.2022**

**ДА НЕ СЕ ЗАБОРАВИ**

**Што се случи и како дојде до преструктуирањето на Комората? Кој и кога не напушти? Кој остана со нас? Кои нови форми ги создадовме? Кој произлезе од Комората?**










Кои нови форми ги создадовме? Коморски сенат, Клуб 100, Совет за напредни технологии, Совет за унапредување на индустриското производство и извозот, Совет за унапредување на квалитетот на високото образование и стратешките истражувања, Совет за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките, Советот на странски инвеститори, Македонската асоцијација на рударството , Македонската енергетска асоцијација, Судот на честа, Тим 40 ... За сите нив ќе прочитате во Монографијата по повод

100-годишниот коморски јубилеј.Во Монографијата ќе прочитате и за сите незаборавни мом енти од работата на Стопанската комора на Северна Македонија, вклучувајќи ги нејзините реорганизации, кој не напушти, кој ни се придружи, а и кој остана верен на Комората.Во 2004 година се виде дека ниту заживеа новиот плурален коморски механизам, ниту Стопанската комора успеа да се одржи на нозе. Барајќи решение, во септември 2004 година се донесе одлука да се формира Одбор за трансформација на Комората, кој многу темелно ја прифати таа работа и ги водеше работите. Успеа да ја реконституира Комората, според одредбите на новиот закон од декември 2004 година, по којшто најголем дел од членките се вратија или се задржаа. 2004 година- Одбор за суштинска трансформација на Комората Сава Димитрова, АД „Европа“ Скопје;Бранко Азески, „Хит Плус“ ДООЕЛ, Скопје;Трајче Леов ДООЕЛ „ Леов компани“ Велес;Шефки Идризи, ДОО „Ренова“ Тетово;Исак Шеху „Кнауф Радика“ Дебар;Стојан Давчев ДООЕЛ “Дасто“;Јорго Ќука „Охис“ Скопје;Раде Трајковски, ДОО “Мис Глобус” Скопје. Изненадување беше дека традиционалните дејности останаа најдоследни на Комората, го прифатија новиот начин на работа и веднаш почнаа со активности. Такви се металургијата, рударството, градежништвото, земјоделието, текстилната индустрија...Но, имаше и такви кои во тешките моменти не напуштија. Ние можеме да зборуваме сè, можеме да најдеме оправдание за сè, но тргнувајќи од основните вредности коишто постојат во животот и во општеството, кога требаше тие да и помогнат на Комората, тие избегаа. АТАМ, ХОТАМ, МАСИТ, Здружение на банкарството...Тоа не смее да остане незабележано, затоа што Комората е институција која е организирана на еснафски принцип. GS1 Македонија, позната по бар-кодовите, Македонското кредитно биро, Организацијата на работодавачи на Македонија - ОРМ, Пакомак.... ова се организациите, кои произлегоа од Комората, но никако не ја намалија важноста и значењето на Стопанската комора на Северна Македонија, како репрезент на бизнисот во Македонија, туку напротив, уште повеќе ја зајакнаа сликата за Комората како симбол на обединување, но и како „расадник“ на нови идеи, форми на дејствување, бизнис-услуги и активности кои ги поврзуваат бизнисмените од земјава и регионот со бизнисмените од било која страна на светот. Постојаниот избран суд – Арбитража, и пред 30 години, и денес, континуирано е при Комората како постојана арбитражна инстситуција која дава поддршка во решавањето на споровите меѓу деловните субјекти, во согласност со важечките Арбитражни правила.Можеби понекогаш неосетно или невидливо, друг пат агресивно и отворено, но секогаш Комората имала и ќе има своја улога во развојот на македонската економија.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90310

**14.7.2022**

## СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА, КАКО НАЈВИСОК ОРГАН, ЈА УСВОИ ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ, ПОЛИТИКИ И МЕРКИ

**Стопанската комора одбележа 100 години коморско дејствување денеска, на 14 јули, кога во 1922 година е формирана првата коморска организација на нашата територија.**




Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија, на седницата одржана на 14.7.2022 година ( на денот кога во 1922 година е формирана првата коморска организација на нашата територија ), како највисок орган на Комората, ценејќи ги севкупниот амбиент создаден на меѓународен план, тешките регионални проблеми и слабостите во сопствената земја, и во контекст на постојаните кризи од 2008 година наваму, ја усвои ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ, ПОЛИТИКИ И МЕРКИ.На прес-конференцијата по повод свеченоста за одбележување 100 години коморско работење, претседателот Бранко Азески, во присуство на раководниот тим и на дел од експертскиот тим на Стручната служба на Комората, пред медиумите ја

образложи Декларацијата (Декларација аудио), која, доколку ја прифатат политичките партии, ќе им биде понудена за потпишување на сите други добронамерни субјекти кои сакаат напредок на нашата држава и спречување на одливот на млади луѓе од земјава. Притоа Азески ги информираше медиумите за следново:ð Зошто декларација во овој момент?- Како комора цениме дека е ова критичен момент на мултикризната ситуација во која се наоѓаме, а таа е политичка, енергетска, здравствена и финансиска.- Компаниите се наоѓаат во исклучително тешка ситуација, како домашните така и странските компании кои се организирани во рамките на Стопанската комора.- СКСМ е водечка бизнис-организација со огромен потенцијал и сметаме дека нејзиниот глас изразен преку Декларацијата треба да се слушне и да се почитува, затоа што во него е содржано мислењето на илјадници компании и на илјадници водечки кадри во државава и создава најголема вредност во општеството.ð За моменталната ситуација претседателот на Комората вели дека од осамостојувањето на земјата наваму македонската економија оствари разочарувачки бавен раст.Ø Од 1993 до 2021 г. просечно годишно реалниот раст на БДП изнесува само 1,7 %, што не овозможи позначително стеснување на јазот во однос на просекот на Европската Унија. Јавниот долг се зголеми од 23 % во 2008 година на 54,9 % во март 2022 година, со тоа речиси достигнувајќи го плафонот на својата одржливост, па земјата се соочува со ризикот да стане презадолжена доколку продолжи трендот на задолжување.Ø Македонија не успеа да го реформира својот образовен систем и не произведува кадар со знаења и со вештини што ги бараат пазарот и новото време.Ø Во текот на три децении Македонија не успеа да го заокружи квалитетно инфраструктурното поврзување, ниту во земјава ниту со соседните земји.Ø Поради отсуство на постојан пристап земјата остана високо зависна од увоз на енергенси, а со тоа и подложна на силни ценовни удари, без обезбедена алтернатива. ð „Комората“, вели Азески, „врз основа на оцената изнесена во претходниот став, смета дека е можно да се доведе во прашање функционирањето на државата“.Неповолните состојби во економијата во најголем дел се должат на нефункционирањето на правната држава, непочитувањето на пазарните вредности, севкупната политизација на секоја пора од општеството и на доминацијата на интересот на политичките партии над државниот интерес. Затоа бизнисот бара враќање од партиска кон државна агенда (да запрат фиктивните вработувања во јавниот сектор, да се стави стручниот кадар пред партиските вработувања, да се ревидира потребата од постоење 1322 државни институции со армија од партиски вработени итн.).ð За таа цел, за бизнисот да функционира како што треба и за да ја остварува својата функција, потребно е :1. Единствен пат – евроатлантски интеграции2. Без оглед на исходот од преговорите со ЕУ, да се донесе заеднички акциски план за формирање работни тимови за преговори3. Да се работи на обезбедување: институционална држава; правна држава; пазарно ориентирани услови; почитување на човековите права и слободи.СКСМ се одлучи на ваков потег ценејќи дека мултиплицирањето на повеќе проблеми во тесен временски период може да го загрози опстојувањето на бизнисите, а со тоа и на Република Северна Македонија.На прес-конференцијата на медиумите им беа поделени и примероци од МОНОГРАФИЈАТА за лицата и за настаните од македонскиот бизнис кои ги одбележаа последните 25 години од 100-те години коморско работење. Азески информираше и дека средствата првично планирани за прослава по повод 100-годишнината во износ од 6 милиони денари ќе бидат уплатени на сметката на Фондот наменет за финансиска поддршка на процесите за дигитализација во компаниите при Комората , во кои учествуваат и Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската интеркооперација „Хелветас“, по што ќе се даде пример и за приоритетите на нашето дејствување во наредниот период. Градејќи го коцепт на “Интелегентно претпријатие” (Intelligent Enterprise) Стопанската комора на Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и Хелветас Швајцарска Интеркооперација, Подружница во Скопје преку заеднички учество во Фондот наменет за финасиска поддршка на процесите за дигитализација во компании даваат свој активен придонес, со кој влијаат на продуктивноста, конкурентноста, на зголемување на ефикасноста, на вработувањата и ефективноста во бизнисот. Извојувајќи сопствени средства во реализација на еден од врвните приоритети ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА, Стопанската комора на Северна Македонија како “Куќа на бизнисот”, денес веќе стара еден век, е во функција на својата задача, на целите и на визијата. Градејќи го концептот “Комора на иднината” дава активна поддршка и на дело покажува дека работи во

интерес на своите членки, помагајќи им во зголемувањето на нивната конкурентност.На денот на одбележувањето на 100-годишнината ги повикуваме сите комори да продолжиме да го славиме 14 јули како заеднички празник на сите наши комори, поточно на оние што сакаат да учествуваат во тие прослави. Со тоа даваме позитивен пример за тоа како треба да се однесуваме во иднина.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90319

**19.7.2022**

**100 ГОДИНИ КОМОРА**




Одбележавме 100 години Стопанска комора. Скромно, а сепак достојно. Во свечен амбиент со медиумите. Им испративме порака кон што ќе целиме наредните 100 години. Развој преку извоз и поддршка за компаниите кои создаваат додадена вредност. Оставаме делата зборуваат за нас...

2. М-р Антонета Манова-Ставреска беше задолжена за организацијата на прекрасниот цветен аранжман на денот на одбележувањето на 100-годишнината.

3.Во рамките на одбележувањето 100 години Комора, одржавме и седница на највисокиот орган на Комората – Собранието. Членовите ја усвоија Декларацијата за општествен консензус, економски реформи, политики и мерки, како единствен излез од мултикризата.

4. Искрени честитки од Ламбро Патче, член на УО на Стопанската комора, менаџер во „Пивара“ – Скопје. И писмена честитка од потпретседателката на Комората, д-р Драгана Чифлиганец, која го поздрави усвојувањето на Декларацијата.

5.На денот на одбележувањето на 100-годишнината ја промовиравме и Монографијата „100 години искуство“ за лицата и за настаните кои ги одбележаа последните 25 години од последната издадена Монографија по повод 75 години Комора. Благодарност до моите соработнички м-р Елена Милевска-Штрбевска и м-р Наташа Јаневска.

6. И додека со дел од тимот во Комората ги подготвував Монографијата и Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, други тимови, паралелно, работеа на следење на актуелните проблеми што го мачат бизнисот. Група од 10 лица од Стручната служба секој ден ротира со присуство на најфреквентниот граничен премин „Табановце“, со цел спроведување на Проектот „Следење на протокот на стоки на граничниот премин 'Табановце'“. Таму ќе бидат до 31 август за да ги согледаат потенцијалните проблеми во соработката со надлежните органи, по што ќе следуваат и соодветна анализа на состојбите и предлози од Стопанската комора за подобрување на состојбите во делот на олеснувањето на протокот на стоки на граничниот премин.

7. Трет тим во Комората работеше на воспоставување нова услуга за компаниите. Создадовме сертификатни марки „Македонски екстра квалитет“ и „Традиционален македонски квалитет“, како одговор на барањата на нашите компании.

8. И, секако, составен дел на секоја коморска репортажа се и прославите. Овојпат организирана од „Комерцијална банка“ АД Скопје по повод изборот на новите членови на Управниот одбор на Банката, Билјана Максимовска и Никола Џамбазовски. Во Винаријата „Камник“ со Хари Костов и со Илија Гечев, и двајцата дел од Клубот 100 на Комората, наздравувам и им посакувам успех.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90323

**20.7.2022**

## АЗЕСКИ ОД ТРСТ ВО ОХРИД ГО ДОНЕСЕ БОРДОТ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ

### Седница на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум во Охрид – дискусија за клучните прашања за опстанок на регионалната економија во 2022 година




На 21 и 22 јули во Охрид, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, во својство на копретседавач на Коморскиот инвестициски форум, ќе биде домаќин на членовите на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум, асоцијација на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан.Во рамки на дводневната посета, Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум, покрај своите работни состаноци на кои ќе се дискутира за прогресот во имплементација на активностите насочени кон воспоставувањето на Заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, ќе реализира и повеќе работни средби.Планирано е одржување на работен состанок со претседателот на Владата на Република Северна Македонија Димитар Ковачевски и членови на Владата, на кои ќе се дискутира за потенцијалите за унапредување на регионалната соработка во Западен Балкан и обезбедување на регионални одговори за предизвиците со кои се соочуваат македонските компании. Ќе биде одржана и работна средба со градоначалникот на општина Охрид, на која ќе се разговара за можностите за искористување на туристичките потенцијали, како и за зајакнување на регионалната туристичка соработка. Делегацијата на Коморскиот инвестициски форум ќе реализира и посета на компанијата „Костал Македонија“, водечка компанија од автомобилската индустрија во македонската економија и една од најголемите странски директни инвестиции во земјата.Како дел од тековните активности, КИФ ја воспостави Платформата Западен Балкан-ЕУ, во која членуваат Бизнис советот на КИФ и Европската комисија, ја предводи Регионалната програма за развој на добавувачи, во рамките на која беа мапирани повеќе од 2.000 компании од автомобилската, прехранбената и лесната преработувачка индустрија, беа изготвени Market Access и Market Intelligence датабазите и се обезбедува техничка помош за компании за пристап до финансии и за дигитализација, организираше заедничко саемско претставување за компании од регионот и регионални бизнис настани во Тирана, Мостар, Подгорица и Сараево, тренинзи и инфо-денови за компаниите, и го имплементира Регионалниот Фонд за предизвици, преку кој се достапни повеќе од 35 милиони евра грантови за имплементација на модели на дуално образование во Западен Балкан.Коморскиот инвестициски форум, со седиште во Трст е институција основана во 2015 година во рамките на Берлинскиот процес иницирал од канцеларката Ангела Меркел, и претставува глас на приватниот сектор од регионот, застапувајќи 350.000 компании од подрачјето на Западен Балкан. Коморскиот инвестициски форум е основан од страна на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан (Стопанската комора на Северна Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Надворешнотрговската комора на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Косово, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и) со цел да се интензивира соработката помеѓу коморите во насока на спроведување на заеднички активности кои се од интерес за бизнис-заедницата од регионот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90325

**21.7.2022**

**Азески – Чадеж: Отстранување на бариерите за водење бизнис до поголема конкурентност на регионот**



Отстранување на сите бариери за водење бизнис во регионот, како и меѓусебно признавање на дипломите, звањата и сертификатите, подобра инфраструктура и брзо преминување на границите ќе обезбедат поголема конкурентност на регионот, е заклучокот по денешната средба во компанијата „Костал“ во Охрид на претседателите на стопанските комори на Северна Македонија и на Србија Бранко Азески и Марко Чадеж во рамки на Коморскиот инвестициски форум.– Многу е важно да немаме пречки и тоа всушност е она што ја чини економската соработка во регионот. Одамна предлагаме да се признаваат квалификациите и да постојат заеднички работни дозволи во целиот регион. Така ќе има и многу стручњаци, тие слободно ќе можат да работат низ регионот, рече Чадеж.Коморскиот инвестициски форум, според Азески, е единствена институција која ги обединува интересите на приватниот капитал на Западен Балканима и има значајна улога во работењето на економиите.– За нас е битно ова, бидејќи претставувањето на привантиот сектор за нас е многу значајна работа во однос на политиките што ги води јавниот сектор. Кај нас на Балканот политиката секогаш се наметнува над бизнисот и тоа не става пред нови предизвици. Прв пат гледаме една друга приказна која се ободува да ја сврти позицијата на јавниот и приватниот сектор како на Запад. Тоа значи приватниот да стане доминантен во отворањето нови работни места. Работиме целосно на тој план, рече Азески.За генералниот менаџер на компоанијата „Костал Македонија“ Виктор Мизо, важно е да се зголеми соработката со локални, однсоно регионални добавувачи и да ги подигнат нивните знаење.– Секоја земја индивидуално е премногу мала да се концентрираме само на една. Ние сме една од ретките компании, која има и тим за соработка со локални добавувачи и подобување на нивните знаења можности и квлаификации. Веќе имаме од Босна и Херцеговина и Србија, планираме да ја прошируваме соработката и со други компании од Западен Балкан, а веќе работиме и со фирми од Хрватска, Словенија и Бугарија. Место да увезуваме работна сила тоа го правиме од регионот, но квалификуваме локални компании кои стануваат многу поконкурентни, истакна Мизо.Соработката во регионот, нагласи тој, подобрувањето на инфратруктурата и едукативниот систем, како и брзото преминување на границите ќе обезбеди поголема конкурентност на регионот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90326

**30.7.2022**

**АЗЕСКИ: ОПЕРАТИВЕН ТИМ СО ЧЛЕНОВИ ОД КОМОРАТА И ОД СЛУЖБИТЕ ПРИСУТЕН НА ГРАНИЦАТА ЗАРАДИ ПОБРЗ ПРОТОК НА СТОКИ**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, со делегација од Комората и со министерот за внатрешни работи во Владата на РСМ, Оливер Спасовски, во присуство на директорите на Царинската управа и на Агенцијата за храна и ветеринарство, Славица Кутиров и Николче Бабовски, реализираше работна посета на граничниот премин „Табановце“. Средбата се случи еден месец откако Комората од 1 јули 2022 година го започна двомесечниот проект за следење на протокот на стоки на граничниот премин „Табановце“, како дел од активностите во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“.Претседателот Азески на средбата посочи дека сите ние имаме заедничка цел, а тоа е да се овозможат што подобри услови за функционирање на секое ниво во државата. Конкретно, улогата на

Комората е во име на компаниите да помогне да се создадат услови за непречено функционирање на прекуграничниот проток на стоки. „Табановце“ е особено важен бидејќи тоа е најфреквентниот граничен прмеин во државава, порта за извоз и за транзит по Коридорот 10, за дел од земјите од регионот на Западен Балкан и речиси за цела Европа. „Овој проект“, вели Азески, „е иницијатива исклучиво на Стопанската комора на Северна Македонија за да се согледа како да се подигне нивото на соработка и за да се надминат пречките што го оспоруваат протокот на стоки. За нас како мала и отворена економија и како транзитна земја ефикасното преминување на границите е од суштинско значење, а во согласност со реакциите на нашите компании членки, и во делот на регулативата и во делот на постапките, веруваме дека постои простор за подобрување на состојбите. Сакаме колоните на границите да исчезнат и да го трасираме патот што го поддржува бизнисот, патот кон ЕУ-интеграциите, што подразбира почитување на европските правила и прописи“. Овој проект, кој ќе трае до 31 август 2022 година, со присуство на коморски луѓе секој работен ден на граничниот премин, покажува дека е потребно Комората со свои претставници континуирано да биде на линија со надлежните институции задолжени за протокот на стоки на граничните премини, за да се овозможи слободен проток, што е една од клучните заложби и во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“. Билјана Пеева-Ѓуриќ, оперативен директор во Комората, на состанокот ги образложи слабостите што ги констатирале вработените од Стопанската комора на Северна Македонија кои во текот на јули присуствувале на „Табановце“ секој работен ден, со цел следење на протокот на стоки и на услуги. Проблемите се лоцираат во следново:Секој ден просечно по 40-ина камиони чекаат на преминот.За товарните возила во функција е само една лента.Во екот на летната сезона и лентата за „Отворен Балкан“ е во функција за патничките возила, а камионите се оставени да чекаат.Секојдневните прекини во напојувањето со електрична енергија, без можност за автоматско вклучување на агрегатите, ги блокираат системите.На граничниот премин во колоната нема услови за одвојување на полните од празните камиони, кои непотребно се задржуваат.Затајува процесот на дигитализација, сè уште се користи многу хартија.Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, даде целосна поддршка за иницијатива на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, г. Бранко Азески, која е поврзана со иницијативата „Отворен Балкан“. Притоа укажа дека целта на средбата, заедно со првите луѓе и со претставниците на Стопанската комора, Царинската управа и на Агенцијата за храна и ветеринарство, е да се согледаат ефектите од мерките што беа преземени во рамките на оваа иницијатива, придобивките и потенцијалните проблеми од досега преземените мерки за олеснување на протокот на стока на најфреквентниот граничен премин. „Имајќи предвид дека на граничниот премин ’Табановце’ во првата половина од 2022 година има зголемување од 30 % на фреквенцијата, во однос на истиот период лани, му се дава примат на овој граничен премин како најфреквентен. Оттаму, неговото ефикасно функционирање е од клучно значење, особено ако се имаат предвид неговата местоположба на паневропскиот Коридор 10 и неговата улога во иницијативата ’Отворен Балкан’“, вели Спасовски.Директорката на Царинската управа на Република Северна Македонија, Славица Кутиров, информираше за инфраструктурата на царинскиот терминал и воопшто на граничниот премин, најавувајќи дека следува период на сериозна дигитализација на повеќе процеси, со цел олеснување и забрзување на протокот на стоки, но и на патници. Најави дека посебната лента за транспортните возила „Отворен Балкан“ ќе се користи за намената за која е предвидена, во најголем дел од времето, но во екот на летниот период се прават напори за растоварување на гужвите, што, сепак, остава простор за поминување автобуси и лесни возила по истата лента. „За да се надмине оваа состојба, во координација со колегите од Република Србија, од вчера се ставени во функција уште 2 нови ленти за патнички моторни возила за влез, кои пред воведувањето на One Stop Shop беа наменети за излез. Со тоа ќе се овозможи лентата за ’Отворен Балкан’, и покрај големиот наплив на патнички возила, да биде постојано слободна за проток на стоките на земјите од ’Отворен Балкан’“, изјави директорката на Царинската управа, Кутиров.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90334*

**31.7.2022**

## АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА МВР

### Брзи и ефикасни постапки за добивање дозволи, уверенија и документи потребни за бизнисот на странските лица



Забрзување на постапките за регулирање или продолжување на престојот на странците, дигитализација на постапките за издавање или обновување на дозволите за престој, one-stop-shop систем за да може повеќе различни документи странците да ги добијат од едно место, подобрување на функционалноста на МВР во делот на условите, работното време и бројот на стручни лица кои постапуваат по поднесените барања за работа и престој на странците се прашањата за кои, на 29 јули 2022 година, на иницијатива на Стопанската комора на Северна Македонија, се одржа работна средба со министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, како и претставници од сите надлежни сектори, агенции и институции кои се поврзани со администрирање на постапките за добивање на дозволите за работа и престој на странските државјани во земјава.Претседателот на СКСМ, Бранко Азески и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, се согласија дека решавањето на овие проблеми треба да бидат од особен приоритет, со цел создавање подобар деловен амбиент за работа во земјава, подобрување на перцепцијата на странските, но и домашните бизнисмени за она што им е најважно – а тоа се брзи и ефикасни административни постапки за добивање на потребните дозволи, уверенија и други документи потребни за нивниот престој и работа во земјава.Во анкетните истражувања на Комората, а посебно и на Советот на странските инвеститори при Комората, во континуитет се посочува потребата од реакција на надлежните институции (МВР, Агенција на вработување, МНР) за наоѓање соодветни решенија за правните и фактичките пречки кои ја отежнуваат постапката за регулирање на престојот на странци заради извршување на работните обврски во земјава, истакна д-р Елена Милевска Штрбевска, потпретседател на Комората. Таа посочи и конкретни примери кои компаниите често ги истакнуваат како проблем, а тоа се: нерепрезентативните услови во просториите кај што се поднесуваат и подигнуваат дозволите за престој на странци, ограниченото време од само неколку часа, во два дена во неделата за поднесување на документите во МВР, пречекорување на законските рокови од сите надлежни институции вклучени во овој процес (мислења од АВРМ, комплетирање на документација од подносителите, други дополнителни проверки), малиот број лица кои постапуваат по барањата, неможноста голем дел од овие прашања да се изведат дигитално, со користење електронски потпис, апликации за електронско фотографирање и слично . Надлежните институции, преку нивните началници, раководители и други надлежни лица кои беа присутни на состанокот (МВР, Агенција на вработување, МНР) отворено зборуваа за овие прашања на средбата, во конструктивна атмосфера која придонесе да се преземат конкретни активности за нивно решавање. Според кварталните извештаи на МВР, кај значаен дел од предметите се пречекоруваат законските рокови, делумно поради недоволната кадровска екипираност и нефункционалниот меѓуресорски информатички систем, а делумно и поради некомплетирана документација од подносителите.Агенцијата за вработување на РСМ, пак, ја посочи законската можност за сезонски работници во сите сектори, која, македонските бизнисмени многу малку ја користат, а е функционално и соодветно решение за многу случаи за кои во моментот имаат заглавени барања за регулирање на престојот и работата на нивните странски работници.Надлежните институции остануваат отворени за соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и во разговорите и изнесените предлози на Советот на странските инвеститори, но и забелешките на домашните производители, за соодветни измени и дополнувања на законската регулатива која ја регулира оваа материја, не отстапувајќи од веќе усогласените ЕУ практики, а притоа земајќи ги предвид и искуствата на бизнис-заедницата за унапредување на овие процеси по

примерите на западно-европските искуства од каде што тие доаѓаат или вршат трансфер на know-how.Процесот на взаемна координација и консултација за сите значајни прашања ќе продолжи поинтензивно во првата половина на септември оваа година.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90335

**09.8.2022**

**ЧЕТИРИ ПРАШАЊА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА РАСПРАВАТА ЗА НАЦРТ-КОНЦЕПТОТ ЗА ДАНОЧНИ РЕФОРМИ**

Деновиве во Комората пристигна нацрт-концептот за даночни реформи, кој треба да претставува основа за јавна расправа во наредниот период. Малку чудно, бидејќи очекував разговори околу нашите предлози за проблемот број еден, а тоа е цената на електричната енергија. Нормално, додека не пристигна нацрт-концептот за даночни реформи, разменив и мислења со одговорните луѓе во Комората, кои како договорени ми поставија четири прашања. Ценејќи дека тие прашања се од суштинска важност, пред да започне расправата одлучив јавно да ги изнесам, бидејќи самиот предлагач се залага за транспарентност на оваа расправа. Покрај нив, првичните реакции се однесуваа и на прашањата од даночната евазија и што се презема на тој план, сугерирајќи прво да се искористат внатрешните можности пред да се отвори расправата, која доаѓа во еден исклучително тежок момент за бизнисот. Но, да одиме по ред. Накратко, има четири прашања за кои реалниот сектор бара одговор пред да се пристапи кон расправа за нацрт-концептот за даночните реформи.  Поради инфлаторните движења, каматните стапки од ден на ден се зголемуваат на финансиските пазари. Република Северна Македонија пред неколку месеци упати барање за задолжување преку еврообврзница и барање до Меѓународниот монетарен фонд за користење линија за претпазливост и за ликвидност. До денес на бизнисот сè уште не му е познато до каде се постапките во врска со овие аранжмани за прибавување ликвидни средства, кои денес чинат многу повеќе. Што е со барањата и со предлозите на Стопанската комора на Северна Македонија кои во форма на иницијатива од МЕА ѝ беа понудени на државата како излезни решенија од енергетската криза? Предлозите беа конкретно наменети за компаниите, за стопанството, и бараат итна и одлучна реакција на носителите на економската политика за спас на реалниот сектор, кој е единствен кој создава додадена вредност во државата. А сите знаеме дека тоа прашање е во многу голема корелација со прашањето за новите даноци. Нели е нормално во нацрт-концепт за даночни реформи да се предвидат и прецизни рокови и услови на кои ќе се обврзе државата за понуда на поквалитетни услуги спрема приватниот сектор; рокови за дигитализација на нејзините процеси, за укинување на парафискалните давачки, како и за намалување на сивата економија и на корупцијата? Односно бизнисот очекува понуда на пинг-понг решение, што значи дека пред државата да одлучи да ги зголеми даноците треба да им докаже на даночните обврзници дека е ефикасна, ефективна, транспарентна и дека нуди квалитетни услуги. Низ овие прашања може да се види зошто на нашата држава ѝ е потребен рамковен економски договор, за кој Собранието на СКСМ, како највисок орган на најстарата и најмоќна бизнис-асоцијација во земјава, со усвојувањето на Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, повикува на консензус и на поддршка од сите субјекти во државава за нејзино што поскоро применување, како прв чекор кон нова страница во развојот на македонската економија за општо добро на сите граѓани на земјата. П.С. Можам да потврдам дека Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, усвоена точно на денот на 100-годишнината од коморското организирање во нашата држава (14.7.2022 година), досега ја потпишале и целосно се согласиле со нејзиниот текст 133 компании и 3 институции (МАНУ, Универзитетот „Американ колеџ – Скопје“ и Организацијата на работодавачи на Македонија), а активностите на тој план продолжуваат и натаму.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90338

**02.9.2022**

**АЗЕСКИ НА СРЕДБА СО МЕНАЏМЕНТОТ НА САСА**




Во просториите на Стопанската комора, претседателот Бранко Азески оствари средба со менаџментот на рудникот САСА, Македонска Каменица на која присуствуваа новиот генерален директор Крис Колбурн и директорот за одржливост Ивица Талевски, кој е и актуелен претседател на Македонската асоцијација на рударството (МАР).Азески на средбата даде краток осврт на македонската економија, посочувајќи дека во моментот бизнисот се соочува со сериозни предизвици како резултат на глобалните кризи, а во фокусот на проблемите се цената на електричната енергија, обезбедувањето на квалификуван кадар и неизвесниот деловен амбиент за што влијаат повеќе фактори. Стопанството изминатите години се чинеше дека е меѓу последните точки на државната агенда, но токму кризите ќе покажат дека без стопанството, нема да може да функционира ниту државата. Верувам дека компаниите се жилави и ќе ги пребродат кризите, а Комората со својот проект „комора на иднината“ и деценискoто искуство е максимално посветена и работи да ги поддржи во тоа – истакна тој.Азески дополни дека коморските активности во следниот период особено ќе бидат посветени на поддршка на извозно ориентираните компании, со оглед дека зголемувањето на извозот е единствена опција за развој на домашната економија која е мала и отворена. Рударството кое учествува со 3,5 % во извозот е значаен сегмент на индустријата и стопанска гранка која ужива долга традиција во нашата држава. САСА несомнено е еден од клучните играчи во рударството со оглед на резултатите кои ги остварува, но и на придонесот кој како општествено одговорна компанија го дава за развој на локалната самоуправа и регионот во кој делува.Раководството на САСА информираше за новите инвестициски циклуси што ги планира компанијата и што треба да се реализираат во текот на следната година, а кои имаат за цел поголема заштита на животната средина преку намалување на јаловиштата и ре-употреба на отпадните материи, поголема безбедност при работа како и продолжување на животниот век на рудникот. Дополнително, информираше и дека како резултат на кризите, САСА оваа година ги зголеми расходите за плати во однос на лани за околу 40 % со што се уште еднаш ја потврди грижата за вработените и одржување на нивниот животен стандард.

[https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90352](https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90352)

**05.9.2022**

**ЗАЕВ ДОБИ ГОЛЕМА ПЛАКЕТА ОД СТОПАНСКАТА КОМОРА ЗА ПРИДОНЕС ВО РЕГИОНАЛНАТА БИЗНИС ИНТЕГРАЦИЈА**



Поранешниот премиер Зоран Заев денеска, во рамки на саемот „Винска визија на Отвоен Балкан“ што се одржува во Белград, прими Голема плакета од Стопанската комора на Северна Македонија како признание за особен придонес во креирањето и продолжувањето на регионалната иницијатива Отворен Балкан, чија цел е промоција и развој на регионот, преку имплементирање на четирите слободи – слобода за движење на луѓето, стоките, услугите и капиталот.Плакетата е за личности кои најмногу придонеле за регионална бизнис интеграција, а Комората ја доделува по повод 100 години од формирањето.Со оваа награда на Заев му се оддава длабока почит за креирањето на регионалната иницијатива Отворен Балкан.– Благодарам на Стопанската комора за честа што ни ја

укажа на лидерите од овие три земји за Иницијативата „Отворен Балкан“, бидејќи само заедно сплотени регионално, можеме да направиме многу повеќе за економиите на сите земји дел од процесот, да обезбедиме поголема економска соработка, повеќекратно зголемување на размената што ќе придонесе за побрз развој на регионот и благосостојба за граѓаните, изјави Заев.Тој порача дека како бизнисмен ќе продолжи да ги поддржува сите иницијативи во рамки на процесот Отворен Балкан бидејќи истите влијаат на развојот на бизнисите, приходите во буџетите на државите и со тоа влијаат на економската перспектива на регионот на западен Балкан. Изрази и надеж дека и останатите земји од овие простори ќе се приклучат на Иницијативата за сите заедно да чекорат на зацртаниот пат кон Европската Унија.-Зоран Заев во својот мандат како претседател на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2017 – 2021 година, покренувајќи процеси од големо значење за нашата држава совршено добро разбра дека македонската економија без регионална димензија нема шанси за успех. Со тоа ги отвори видиците на нашите компании надвор од границите на државата, а пред се во соседните земји и остави аманет до сите нас, тој пристап да продолжи и понатаму водејќи сметка и за интересите на сопствената држава. Заев продолжува да ја развива и поддржува иницијативата „Отворен Балкан“, сега од другата страна, од страната на бизнис секторот, како двигател на економијата кој води напред, се друго останува на историјата, беше речено на доделувањето. Стопанската комора – „комора на иднината и консултант на компаниите во бизнисот“, одлучи наградата на Заев да му ја додели на овој прв меѓународен саем за вино, храна и туризам, како дел од активностите кои редовно се одвиваат во рамки на иницијативата Отворен Балкан во насока на подигнување на степенот на регионална соработка и бизнис интеграција.-Досега имало повеќе иницијативи за натамошен регионален развој на овие простори, но сите завршиле неуспешно и се надворешни иницијативи. Отворен Балкан е концепт кој е поддржан токму од внатре, од политичките лидери во земјите кои се дел од процесот, но уште повеќе од компаниите кои имаат нужна потреба за поблиска соработка, поврзување, заеднички настап на трети пазари, како интра-регионален процес од кој економски бенефит ќе има целиот регион. Искрените заложби како претседател на Владата на Република Северна Македонија со мандат од 2017 до 2021 година, заедно со претседателот на Република Србија Александар Вучиќ и премиерот на Република Албанија Еди Рама, за развивање и креирање на Иницијативата за единствен пазар преку создавање економска зона која дополнително ќе ги подобри политичките и економските односи и ќе ги зајакне врските меѓу народите и бизнисите, се препознаени и наградени од Стопанската комора и заслужуваат највисока почит, нагласија од Комората.Ваква награда во јуни, на самиот на Отворен Балкан во Охрид, им беше врачена и на српскиот претседател Александар Вучиќ, како и на македонскиот и на албанскиот премиер, Димитар Ковачевски и Еди Рама.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90354*

**06.9.2022**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА ЈА ПОЗДРАВУВА ОДЛУКАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ДРЖАВАТА ПЕНДАРОВСКИ ДА ГО СВИКА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА**

Енормниот раст на цената на струјата но и на останатите енергенси како клучна компонента во производствената цена е топ приоритетно прашање за бизнис секторот. Тоа прашање е отворено уште од септември 2021 година од наша страна. Укажувано, разработувано, предлагани се конкретни мерки, затоа што ова е прашање кое веќе одреден период нема компанија која не го става во приоритетните проблеми за кое бара итно решавање. Изминатата недела конечно се случи потребното свртување на надлежните органи кон справувањето со ова важно прашање. Владата максимално се ангажира за поддршка на компаниите. Во Комората се одржа важна средба со ЕВН за проблемите за инсталирање фотоволтаични централи. Во понеделник во Комората ќе дојде раководството на ВМРО-ДПМНЕ со нивните градоначалници на средба со компаниите, исто така со намера да помогнат околу разрешување на овие проблеми.Во таа насока се и дел од договорените одлуки вчера во Софија во рамки на официјалната посета на премиерот на Владата на РСМ Димитар

Ковачевски со министрите за надворешни работи Бујар Османи и за економија Крешник Бектеши, директорот на ЕСМ Васко Ковачевски, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески и Виктор Андонов, соработник за енергетика, на која со премиерот на Република Бугарија Галаб Донев и претседателот Радев е разговарано за состојбата во енергетскиот сектор и кризата на светско ниво, како и за начините за решавање на енергетската криза и недостигот на енергенси со акцент на потребите за стопанството кое во нашата државата е на слободниот пазар и не може да го издржи високиот раст на цената на електричната енергија на светските берзи. Во Софија вчера (5.9.2022 г.), на средбата на премиерот Димитар Ковачевски и неговиот бугарски колега Галаб Донев е договорено, Бугарија да испорачува 200 мегават-часа струја од почетокот на октомври до крајот на март идната година по поевтина цена на струја за стопанството, за да се ублажи енергетската криза во Северна Македонија, со што ќе се обезбеди непречено снабдување со струја за индустријата, што е едно од клучните барања на Стопанската комора на Северна Македонија. Договорено е заедно со Бугарија (која е земја извозник на електрична енергија, благодарение на капацитетите коишто ги има особено електрична енергија произведена од нуклеарна централа) да се формира веднаш во среда работна група составена од министерствата за економија на нашата држава, Министерството за енергетика на Бугарија, како и ЕСМ и другите компании во рамки на Бугарија каде што ќе се разговара за техничките параметри во однос на капацитетите и транспортот на електрична енергија, за снабдување со количини во износ од 200 мегават-часа струја за потребите на Северна Македонија заклучно со март, следната година.  И денешниот состанок на Советот за безбедност е уште еден чекор во градењето на национален консензус за поддршка на бизнисот кој е основата на која почиваат сите други работи во државата и плус тоа, тоа е единственото врзно ткиво во сите поделби кај нас и во регионот. Не знам дали е ова доволно јасно, но не би се осмелил да го проверувам затоа што реалноста може да биде многу сурова и да нема враќање назад.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90355*

**12.9.2022**

**АЗЕСКИ – МИЦКОСКИ: ВРЕМЕ Е ЗА НОВ ЕКОНОМСКИ ДОГОВОР ЗА ИДНИНАТА НА ДРЖАВАТА**



На работниот состанок што се одржа во Стопанската комора на Северна Македонија на претседателот Бранко Азески и престедарелот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски на кој присуствуваа бизнисмени, дел од раководната структура на Комора и дел од економскиот тим на партија со градоначалниците од неколку општини се разговараше за актуелната енергетска криза која го погодува стопанството и која се одразува врз вкупната економска состојба во државата како и за постапките за поставување на фотоволтаици а за кои надлежност има локалната самоуправа.По презентирање на тековните состојби во бизнис секторот и во компаниите предизвикани од континуираниот раст на цената на струјата но и на останатите енергенси од страна на претседателот Азески, претставниците на ВМРО ДПМНЕ и претседателот Мицкоски констатираа дека е време за обединување и голем договор значаен за иднината на државата. Двете страни констатираа дека соработката треба да продолжи на сите нивоа во државата во интерес на економскиот опстанок.  Претседателот на Стопанската комора Азески по средбата изјави дека во Комората се третираат сите прашања кои се од значење за бизнисот но во моментов енергетската криза е проблем број еден за секоја компании. Состојбата е неизвесна дотолку повеќе што сите најави се дека оваа криза ќе трае подолго време и за тоа треба да се подготви целокупното стопанство но и системот на функционирање во државата. Информираше и дека ставовите за економските проблеми на најголемата бизнис заедница, се потврдени и од опозициската ВМРО, односно се во иста насока и тоа треба да продолжи, да се зголеми и да се интензивира во

рамките на можностите.И двете страни се согласни дека проблемот со енергенсите не во тоа дали ќе има струја и други видови енергија, туку дали ние ќе имаме доволно пари да купиме.Мицкоски и економскиот тим претставници присутни на состанокот, укажаа дека од исклучителна важност е стопанството да генерира приходи, односно да го полни буџетот. Затоа од исклчучителна важност е фокусот да биде кон економијата и бинисот, бидејќи компаниите се тие каде работат повеќе од 680.000 во приватниот сектор и кои придонесуваат на приходната страна во буџетот.Стопанската комора подолг период алармира и укажува на економските последици кои може да се случат во земјата поради ненавремено обезбедување на енергенси во услови на огромна увозна зависност.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90360*

**13.9.2022**

**СТРУЈАТА НЀ ДРМА И НАД ОЧЕКУВАЊАТА**

**По долгите убедувања околу енергетската криза, компаниите во краток рок може да очекуваат поддршка од Владата**

1. Маратонот на СКСМ околу проблемите со електричната енергија продолжува. Вчера (12.9.2022 г.) во Стопанската комора дојдоа целосното раководство на најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ и десетина клучни градоначалници, кои се ставија на располагање на интересите на бизнисот околу брзото разрешување на проблемите со инсталирањето фотоволтаични централи од компаниите. Но за мене, покрај досегашните излегувања во пресрет од раководството на партијата околу изгласувањата на клучните закони во Парламентот што се од интерес на бизнисот, вистинско изненадување беше јасниот став на лидерот на партијата, Христијан Мицкоски, дека е потребно обединување на сите партии и субјекти во државата за поддршка на бизнисот. Тоа е она што ние го бараме цело време; тоа е она што ние го изнесовме во Декларацијата на 14 јули по повод 100-годишнината на Комората, во која бараме нов економски договор, како и враќање од партиските агенди на државната агенда. Државната агенда е една – зачувување на бизнисот и негов развој како единствен кохезиски фактор во државата. Пред нас е донесувањето на уште неколку закони во Собранието, како што е предлог-законот за гаранција на Република Северна Македонија за обврските според Договорот за заем во износ до 100 милиони евра за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД „ЕСМ“ – Скопје, во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија – Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, но и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење и две ратификации на договори од платформата „Отворен Балкан“. Ова е шанса тој нов консензус да се покаже на дело. Исто така, значајна е констатацијата дека мора уште денеска да се работи на подготовките за надминување на енергетската криза следната година, затоа што е јасно дека таа ќе потрае и натаму.СКСМ и натаму продолжува со потпишување на Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки од 14 јули. Денеска стигна известување дека ја потпишала и Занаетчиската комора на Македонија, во среда ќе ја потпише и Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија, како застапништво на Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) во Берлин, а во наредните денови тоа ќе го направат и ректорите на државните универзитети во Македонија. Контактите со фирмите околу енергетската криза продолжуваат и натаму, па така оваа недела ќе имам средба и со десетте најголеми потрошувачи на електрична енергија во Македонија, но и со компании, странски инвеститори. Оваа недела ќе профункционира и Кризниот штаб во Комората.

2.Синоќа имав чест да присуствувам на испраќањето на досегашната американска амбасадорка на САД во Македонија, Кејт Мери Брнз, што во нејзина чест го приреди претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски. Тоа беше можност да ѝ се заблагодарам за досегашната соработка, која се одвиваше на повеќе нивоа, особено за добивањето на Проектот на Комората од УСАИД за подигнување на трговската размена на земјите од Западен Балкан. На приемот имав

можност да се сретнам со повеќе лица кои ги делат истите грижи за енергетската криза, тема без која не се може, но и тема која сè повеќе прераснува во глобален проблем со значајни рефлексии врз нашата економија. Слушнав многу нови предлози, оцени, споредбени анализи, како и добронамерни укажувања и на сите лица сум им благодарен за тоа.

3.Денеска (13.9.2022 г.), заедно со делегација на Владата на Република Северна Македонија, предводена од претседателот Димитар Ковачевски, ќе бидам во работна посета на Хеленската Република на премиерот Кирјакос Мицотакис. Повторно, се разбира, средбата ќе биде поради енергетската криза, но сигурно и поради моменталната економска соработка, која во првото полугодие од оваа година изнесува 858 милиони американски долари, со раст од околу 80 % во споредба со истиот период од минатата година. Нашиот извоз пораснал за 30 %, а увозот скокнал на 95 %, со што е створен дефицит од 561 милион американски долари. Република Грција е наш трет трговски партнер. Извозот во Република Грција во вкупниот извоз учествува со 3,1 %, додека, пак, увозот со 10,86 %. Споредувајќи го периодот 2010 – 2020 се забележува постоење голем дефицит, за кој ќе стане збор и на утрешните разговори. Со сигурност може да се каже дека пандемијата остави силни траги врз економските релации, но се надеваме дека добрите бизнис-врски ќе нè вратат на бројките од пред пандемијата и дека на тој начин ќе се создадат услови и за нови инвестиции од двете страни на границите.П.С. Свесни сме дека неизвесноста околу поддршката на државата за компаниите е сè уште голема. Можам да ги известам членките дека работиме на организирање средба на сите засегнати компании кои се на слободниот пазар со премиерот и со економскиот тим на Владата, на која конечно ќе се изнесат прецизните ставови околу поддршката која ни е нужно потребна. За средбата ќе бидете наскоро известени.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90362*

**15.9.2022**

**И ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ГЕРМАНСКОТО СТОПАНСТВО ЈА ПОТПИША ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНЗУС ЗА ЕКОНОМСКИ РЕФОРМИ, ПОЛИТИКИ И МЕРКИ, УСВОЕНА ОД СОБРАНИЕТО НА СКСМ**



Патрик Мартенс, директор на Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија, како застапништво на Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) во Берлин, ја потпиша Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, што ја усвои Собранието на Комората на 14 јули по повод 100-годишнината, во која се бара нов економски договор, како и враќање од партиските агенди на државната агенда, бидејќи само државната агенда може да го зачувува бизнисот и неговиот развој како единствен кохезиски фактор во државата. Претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, изрази благодарност за довербата што Делегацијата на германското стопанство ја покажува со чинот на потпишување на Декларацијата, потенцирајќи дека во интерес на заедничката идна соработка е и одлуката Комората да учествува на манифестацијата што во ноември месец ја организира Германското бизнис здружение во државата. За северна Македонија, Република Германија има клучно значење бидејќи е најголемиот бизнис партнер на македонското стопанство. Директорот Мартенс, исто така акцентираше дека бизнис соработката на двете земји е од обостран интерес и дека има поле за проширување на истата. Во следниот период потенцијал за нови бизнис зделки гледа во повеќе сектори но особено во текстилот. И Азески и Мартенс заеднички констатираат дека енергетската криза останува приоритетен проблем за компаниите и дека ќе се одрази на ликвидноста на фирмите. Но дека останува и клучно прашањето за инвестирање во квалификувана работна сила како и вреднување на работникот согласно вложувањата. Досега Декларацијата ја потпишаа повеќе од 150 субјекти, компании членки на

Комората, а од надворешните институции прв потписник е Македонската академија на науките и уметностите.  Во наредните денови тоа ќе го направат и ректорите на државните универзитети во Македонија.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90365

**15.9.2022**

## АЗЕСКИ И БЕКТЕШИ СО НАЈГОЛЕМИТЕ 10 КОМПАНИИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА РАЗГОВАРАА ЗА ПРЕДЛОЗИТЕ КОИ БИ БИЛЕ ДЕЛ ОД ПАКЕТОТ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ




Во услови на актуелната енергетска криза, во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работен состанок на претседателот Бранко Азески со министерот за економија Крешник Бектеши, на која присуствуваа и 10-те компании кои се најголеми потрошувачи на енергија во РСМ.„Состанокот со ’Еуроникел’, ’Макстил’, ’Бучим’, ’Титан’, ’Сол’, ’ Булмак’, со ’Таб Мак’, ’Либерти’, „Технички Гасови“ и со ’Дојран стил’, кои се сериозни потрошувачи со 20 % учество во вкупната потрошувачка на енергија и значајни субјекти во државава, како и со министерот за економија Крешник Бектеши, беше искористен за да се слушне мислењето на компаниите, бидејќи дел од нив се странски компании и имаат информации и од своите централи“, истакна претседателот Азески по средбата во изјава за медиумите. „Состанокот“, вели Азески, „беше искористен за квалитетна размена на мислења и на информации и на тој начин се направија подготовки за конципирање на пакетот мерки за поддршка на бизнисот, на кој, како Стопанска комора, работиме повеќе месеци station наназад, со цел одржување на конкурентноста на домашната економија и на работните места во компаниите, во услови кога во регионот цените на струјата се многу пониски и гарантирани.“„Ваквите состаноци, кои во низа ги правиме со повеќе чинители кои имаат свое влијание во синџирот на обезбедување енергија за компаниите, се во пресрет на конечното креирање на пакетот мерки најавени за крајот на овој месец, во услови кога сметките за потрошена електрична енергија на фирмите се зголемени за 4 до 6-пати“. Азески посочи дека бизнисот очекува мерките што ќе се донесат да имаат предвидливост за стопанството, барем до крајот на годината, и укажа на континуираната соработка со надлежните институции за да се помогне таму каде што е тоа најпотребно. Шест од десетте компании кои се на отворениот пазар и кои можат слободно да набавуваат струја од каде што сакаат денеска изразиле желба да формулираат определени барања, кои ќе бидат разгледани, и да бидат директно вклучени во мерките што ги конципира Владата за 28 септември. Рокот за поднесување барања од овие компании спрема Владата е до вторник следната недела.Министерот Бектеши изјави дека за компаниите ќе се обезбеди доволно електрична енергија, но се прават максимални напори цената на струјата да биде што порационална. „Македонска делегација утре заминува во Софија за да ги заокружи преговорите со Бугарија околу обезбедувањето на потребните количини електрична енергија, а тимови од Србија денеска престојуваат во земјава и се прават последните договори за продлабочување на соработката“, соопшти министерот за економија.Отворениот пазар за снабдување работи во согласност со принципите на берзата. „Има одлука на Владата“, вели Бектеши, „дека ниеден трговец кој е лиценциран не може да има поголема маржа од 10 отсто од денешната референтна берзанска цена. Тоа е еден вид поддршка ако процентите на трговците биле поголеми. Сите напори што ги правиме се насочени кон тоа да има рационални цени, кои ќе можат да ги сносат нашите компании кои се на слободниот пазар. Не зборуваме само за обезбедување количини на електрична енергија зашто тие количини ги имаме од увоз и тоа не е проблем. Проблем е делот со цената кој

сакаме да го решиме билатерално со нашите соседи и тоа да биде за целата грејна сезона", нагласи министерот.Тој повтори дека ЕСМ ќе ги покрива сите потреби на регулираниот пазар, за сите домаќинства и за сите микро и мали компании, кои се вкупно 72.000.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90369

**27.9.2022**

**УНИВЕРЗИТЕТИТЕ СВ. "КИРИЛ И МЕТОДИЈ", "КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" И УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЈА ПОТПИША ДЕКЛАРАЦИЈАТА УСВОЕНА ОД СОБРАНИЕТО НА СКСМ**



Ректорите на трите универзитети, проф. д-р Никола Јанкуловски, Универзитет Св. "Кирил и Методиј" Скопје, проф. д-р Сашо Коруновски, Универзитет "Климент Охридски" Битола и академик проф. д-р Абдулменаф Беџети, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово кои во исто време се и членови на Собранието на Стопанската комора на Северна Македнија, ја потпишаа Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, што е уште една потврда на високо образовните институции за поврзаност кон вистинските вредности во државата, во клучниот момент кога кризите ја доживуваат својата кулминација. Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески по потпишувањето истакна дека е особено важно, бизнисот и образованието да станат доминантни прашања во државата во следите 10 години, бидејќи тоа не е прашање што се решава за една година, туку прашање за кое е потребен подолг период. Декларацијата усвоена од Собранието на Стопанската комора на 14 јули по повод 100-годишнината на Комората, во која се бара нов економски договор, како и враќање од партиските агенди на државната агенда, е од исклучително значење бидејќи само државната агенда може да го зачувува бизнисот и неговиот развој како единствен кохезиски фактор во државата.

Ректорите на трите Универзитети се едногласни дека економскиот договор е определба која ги поврзува заинтересираните страни, а улогата на високо образовните институции е да испорачаат квалитетни кадри со што стопанството ќе може да го оствари својот развој кој е во интерес на државата. Впрочем и нивната структура на делување се состои од три столба: образование, наука и поврзување со заедницата со што се потврдува нивната општествена одговорност особено сега во услови на криза.  Бизнисот и образованието упатуваат заедничка порака до државата дека градењето на нов економски договор е приоритетен интерес на сите во процесот на приклучување на земјата кон Европската Унија и особено во услови кога градиме стратешки прашања на меѓународен план. Декларацијата е веќе потпишана од повеќе од 130 компанија (30 големи, 40 средни и 61 мала компанија), и институциите: МАНУ, Универзитетот американ колеџ Скопје, Организацијата на работодавачи на РМ, Занаетчиска комора на РСМ, Сојузот на стопански комори на Македонија и Делегацијата на германското стопанство во Северна Македонија, како застапништво на Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) во Берлин.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90379

**10.10.2022**

**АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА „БУЧИМ“ И „БОРОВ ДОЛ“: НЕОПХОДНИ СЕ ЗАЕДНИЧКИ СИЛИ, РУДНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРАТАТ СО ПРОИЗВОДСТВОТО АКО ЦЕНАТА НА СТРУЈАТА Е ПОД 250 ЕВРА**



Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија, предводена од претседателот Бранко Азески ги посети рудниците „Бучим“ и „Боров дол“, кои поради енормниот пораст на цената на електричната енергија од 01 септември 2022 година привремено прекинаа со процесот на производство. На средбата со раководството на рудниците, Дмитриј Кудрјаков и Олег Чусовитин управители на „Бучим” и заменик управителот на „Боров дол“ Мануел Виана се разговараше за тековната состојба поврзана со енергетската криза и проблемите со кои се соочуваат два рудника. Од страна на раководството на рудниците беше истакнато дека доколку цената на електричната енергија биде под 250 евра за мегават час, во тој случај тие се подготвени за десетина дена повторно да го рестартираат производството и да ги вратат на работа сите работници. Во спротивно рудниците нема да почнат со производство до октомври следната година. Претседателот на Комората Бранко Азески истакна дека двата рудника кои влегуваат во групата на 10 те најголеми потрошувачи на електрична енергија и се наоѓаат на слободниот пазар, се значајни за македонската економија. Тие вработуваат вкупно 674 работници и се едни од најголемите работодавци во регионот кои придонесуваат за одржливиот економски и социјален развој на општини Конче, Штип и Радовиш. „Разговаравме за низа прашања коишто ги мачат, посебно во делот на цената на електричната енергија и инвестициите. Тие во последните три години инвестирале над 90 милиони евра. Во моментов се прави модернизација на производствениот процес во Бучим и изградба на фотонапонска централа за производство на електрична енергија, со што ќе се постигне намалување на зависноста од цената на електричната енергија на отворениот пазар. Разговаравме темелно за сите отворени прашања, кои што во оваа криза можат да обезбедат предвидливост и во рамките на Македонската асоцијација за рударство, со усогласени ставови и работејќи на политики кои што ќе го одржат овој сектор. Сите предлози ќе ги пренесеме до надлежното министерство и до Владата“, истакна Азески. На состанокот од страна на раководството на рудниците беше споделена загриженоста од кризната состојба со енергијата, при што беше нагласено дека државата има податоци за загубите на рудниците, но и за добивките што ги носат „Бучим“ и „Боров Дол“ кон државниот буџет и кое е значењето на рудниците за граѓаните и за државата. „Ние не се откажуваме, инвестираме во два капитални проекти. Направено е максимално намалување на трошоците. Специфичната потрошувачка на електрична енергија е намалена за 13%, но сепак не можеме да работиме профитабилно и покрај сите наши напори и без поддршка од владините институции нема да успееме. Покрај цената на струјата зголемени се и останатите трошоци. Неопходни се заеднички сили, со цел да опстанеме и да продолжиме да придонесуваме кон социјалниот и економскиот развој на регионот и државата”, изјави Олег Чусовитин, генерален директор на Бучим.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100394

**12.10.2022**

**АЗЕСКИ ВО ИНТЕРВЈУ ЗА ТЕЛМА – БИЗНИСОТ ДА БИДЕ ПОДДРЖАН ЗА ДА ЈА ЗАДРЖИ КОНКУРЕНТНОСТА**



Стопанството е во тешка состојба, треба темелно да се подготвивме, бидејќи оваа енергетска криза ќе потрае. Зборуваме за штетите што ги трпат компаниите не од аспект да го задржат нивното производство, туку да ја задржат конкурентноста (бидејќи државната поддршка доцни за разлика од земјите во регионот). Основата и суштината на бизнисот е во една фер и конкурентска борба да продадеш што повеќе и по подбра цена. Ние изгубивме непотребно многу време, тоа е прва констатација. Втората констатација е дека мора да го искористиме овој период до нова година, кој веројатно ќе биде стабилен, без сериозни рестрикции (ако не се случат големи хаварии во електро системот), за да се спремиме за тешкиот период по нова година и на таков начин да се преброди периодот до пролета, кога пак ќе мора да се подготвиме темелно за еден подолг период бидејќи многу јасно дека оваа криза ќе потрае подолго. Две работи се во игра. Едната е, нашиот предлог е долгорочно да се размисли да дел од капиталот на ЕСМ да биде отстапен, односно да се направи акционерска структура, тоа и така е акционерско друштво, да се дозволи влез на фирмите и граѓаните. Со тоа би се направила и контрола, со влез во органите на управување би се направила и контрола на тоталната партизација која што таму постои, а би се врзал и нашиот интерес за неговото работење. Второ, ние уште сега размислуваме како наредната година би можеле со некаков фонд, кој што може да интервенира во момент кога енергенсите ќе се на берзите најефтини, да се справиме со тоа. Да здружиме наши средства, да здружиме државни средства и да го направиме тоа. Многу повеќе за ова но и за негативните последици и ефекти по економијата што ги носи енергетската криза во интервјуто на линкот - https://www.youtube.com/watch?v=05aaebIyILg

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100396*

**12.10.2022**

**Азески од Пробиштип: РУДАРСТВОТО Е ЕДНА ОД ГРАНКИТЕ КОИ ШТО МОЖЕ ДА ДОНЕСЕ ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, ПОТРЕБНА Е ПОГОЛЕМА ПОДДРШКА НА ОВОЈ СЕКТОР**



“Булмак 2016“, како носител на концесии за експлоатација на метални руди од “Злетово“ – Пробиштип и “Тораница“ – Крива Паланка до овој момент работи непречено, но под вонредни мерки кои се преземени за да се ублажат секојдневните удари од кризата со енергенси и војната во Украина, информираше управителот на компанијата Гоце Мојсоски при денешната посета на делегацијата на Стопанската комора предводена од претседателот Бранко Азески. На работниот состанок од страна на претседателот на Комората беше потенцирано дека рударството е една од гранките кои што може да донесе додадена вредност и затоа Комората ќе го отвори прашањето за реорганизација на надлежните институции за овој сектор. „За да се подигне нивото и значење на рударскиот сектор, потребно е формирање на ново министерство за рударство и енергетика, да се изготви долго очекуваната стратегија за развој на рударството, како и преиспитување на законската регулатива која ги уредува издавањето на дозволите за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини“, потенцираше Азески. Од страна на управителот на рудниците Мојсоски беше нагласено дека во двата рудника работат 800 лица и во овој период целокупниот човечки потенцијал е максимално фокусиран во изнаоѓање решенија за рационализација на трошоците. „Во континуитет ги

следиме настаните и трендовите од кои ни зависи деловната активност и следствено на анализите кои ги правиме и од добиените резултати , креираме соодветни деловни политики за ублажување на штетите. Во таа смисла, секако дека очекуваме и националните органи и институции, во нивниот домен, да ја вршат улогата на креатори на национални политики и стратегии со кои на директен начин ќе биде поддржана гранката рударство која преставува еден од поголемите извори на приходи во државниот буџет“, информираше Мојсоски. Тој нагласи дека информациите и укажувањата од Комората се секогаш добредојдени, посебно во вакви специфични и екстремно сложни услови за работа и од таа гледна точка ги охрабрува сите нејзини чинители и авторитети уште поинтензивно да ја продолжат таа деловна мисија. Компанијата „Булмак 2016“ е меѓу 10-те најголеми потрошувачи на електрична енергија, кои се наоѓаат на слободниот пазар и кои учествуваат со 20 % во вкупната потрошувачка на енергија

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100399

**13.10.2022**

**Азески во „Еуроникел“: КОМПАНИИТЕ ЗАСТАНАА ЗАД КОМОРАТА ВО БАРАЊЕТО ЗА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА**




Еуроникел (поранешен Фени) веќе трет месец е без производство, а на 30 септември електропечката во целост беше изгасната. Компанијата која вработува околу 1000 луѓе, што ја прави еден од најголемите работодавачи во државата, од 15 септември ги испрати своите вработени на принуден одмор, при што 25% се на работа, по принципот на ротација. Генералниот директор Герасим Кујунџиев на денешната средба со претседателот на Стопанската Комора Бранко Азески информираше дека како компанијата се подготвени за еден месец повторно да ја вклучат електропечката, доколку добијат брза и ефикасна институционална поддршка. Во разговорот со Азески, Кујунџиев даде целосна поддршка на Комората во нејзините активности поврзани со барањата за нови мерки за стопанството кои ќе бидат преземени во следниот период. Од страна на „Еуроникел“ до сега се понудени повеќе решенија кои имаат за цел, како што рече Кујунџиев, единствено да обезбедат опстанок на компанијата, бидејќи профитабилност во моментов е мисловна именка за овој вид на индустрија. „И покрај тоа што веќе трет месец сме без производство, сите работни места се зачувани, сите трошоци се сервисираат, сето тоа со самофинансирање. Сметаме дека единствено коректно е да се распредели и теретот од кризата и помошта, соодветно. Во таа насока, до реализација и пуштање во работа на нашиот проект со генератори, кој оптимистички очекуваме да се реализира во следните четир месеци, сметаме дека би било во интерес на сите засегнати страни и државата да излезе во пресрет со електрична енергија во количина од 45-50мвч по цена од 150-180еур/мвч, имајќи предвид дека нашата индустрија е најенерго-интензивна“, нагласи Кујунџиев. „Еуроникел“ повеќе од една година работи на проекти за обновливи извори во кругот на фабриката, но се покажало дека за нив треба многу време. „Еуроникел“ се нуди и целосно или делумно да го финансира работењето на ТЕЦ Неготино, со единствена цел да добие електрична енергија по производна цена која е прифатлива за нивните производни трошоци. Паралелно со сите овие решенија од компанијата информираат дека работат и на инсталирање на соларни панели, но целата документација, според кажувањето на раководството, е заглавена по институциите.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100401

**14.10.2022**

**Комората со силна поддршка од компаниите: На стопанството му се потребни субвениции за да ги задржи вработените**



На работните средби со претседателот на Комората Бранко Азески, менаџментот на компаниите „Кожувчанка“ ДОО Кавадарци и Металопромет – Струмица ја споделија загриженоста за високите трошоци за електрична енергија кои се неколку кратно повисоки и најавуваат дека без поддршка од државата прашање е на време кога ќе затворат. И двете компании, на работните состаноци дадоа силна поддршка и застанаа зад Комората во нејзините барања стопанството да добие брза и ефикасна поддршка од државата. „Мора брзо да се дејствува, изгубивме многу време чекајќи ги мерките коишто треба да ги намалат негативните последици и ефекти по економијата што ги носи енергетската криза“, потенцираше Азески на средбите. Од „Кожувчанка“ нагласуваат дека скапата енергија ги зголеми цените и на репроматеријалите, во просек за 30%, и сето тоа придонесува за намалување на конкурентноста на домашниот пазар, во однос на увозните производи, кои имаат доста пониски трошоци за електрична енергија, а следствено на тоа и пониски трошоци за производство. „Следува зима кога за прв пат не знаеме ниту како да го испланираме производниот процес, а за начин на продажба и конкуренција на пазарот и остварување на приход не станува ниту збор. Ова е време кога е потребно да се задржиме како компанија на пазарот и да ги задржиме вработените сè со цел да се почекаат подобри времиња. Но без субвенции тоа ќе биде невозможно, ќе бидеме принудени да го прекинеме производството или да го сведеме на минимум и да го намалиме бројот на вработени“, информираше Јанинка Чупаркоска, управител и сопственик на „Кожувчанка“. И компанијата Металопромет – Струмица, која е на листата на големи потрошувачи на електрична енергија бара Владата итно да преземе мерки за ублажување на кризата предизвикана од високите цени на струјата. Во спротивно, велат од компанијата, прашање на време е уште колку долго можат така да издржат. „Нашата компанија е 95% извозно ориентирана, но сме целосно неконкурентни на пазарите на Европа затоа што конкуренти од регионот плаќаат многу поевтина цена на струјата“, вели Митко Шапковски, сопственик. Од компанијата, чија основна дејност е производство на заварени цефки и профили додаваат и дека продажбата сега, во споредба со првиот квартал од 2022 година, им е намалена за 80%.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100403

**14.10.2022**

**Раководството на Комората во посета на ТЕ-ТО: Ако централата работи со полн капацитет, компаниите нема да имаат проблем со набавка на електрична енергија**



Централата ТЕ-ТО е еден од клучните капацитети во решавањето на енергетската криза. Денеска имавме разговори со менаџментот за да се договориме како заеднички да настапиме пред државата, за да можеме да изнајдеме решение за компаниите коишто, ако овој капацитет работи со полна сила, сигурно нема да имаат проблем со набавка на електрична енергија, порача претседателот на Стопанската комора Бранко Азески при денешната посета на гасната централата ТЕ-ТО. На состанок, на кој присуствуваа и потпретседателот на Комората Зоран Јовановски и извршниот директор Антони Пешев, генералниот директор на ТЕ-ТО АД Скопје Димитар Кочовски информираше дека централата работела до 1 октомври, а во моментов се прави ремонт. Планот е да се набави гас на слободниот

пазар и веќе во ноември ТЕ-ТО да се стави во функција. Но очекуваат државата да ја компензира штетата што била предизвикана на почетокот на оваа година. „ТЕ-ТО АД Скопје во првиот квартал од годинава го помогна енергетскиот систем во државата со 37 милиони евра, кои компанијата ги претрпе како загуба (изгубена добивка), поради што драстично се намали ликвидноста за следниот период. Сега се надеваме дека државата барем делумно ќе ја компензира оваа штета со цел да ја обновиме ликвидноста за да може централата нормално да функционира", истакна Кочовски. Тој информираше и дека ТЕ-ТО минатата година покрила 20% од вкупната потрошувачка на струја во државата или 30% од домашното производство дошло од гасната централа. Центарала ТЕ-ТО е изградена во 2012 година, како приватна инвестиција. Основната дејност е когенеративно производство на електрична и топлинска енергија во таканаречен комбиниран циклус. Раководството на Стопанската комора денеска ја посети и ИТ компанијата „Ултра", која укажа на падот на ИТ индустријата оваа година. Во разговорот акцент беше ставен на даночната регулатива, потребата од дерегулација и поголемо вклучување на домашните ИТ компании во процесот на дигитална трансформација на општеството.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100404

**21.10.2022**

**АЗЕСКИ ВО СОБРАНИЕТО – МИСИЈА ЗА ДЕБЛОКАДА НА ЕКОНОМСКИТЕ ЗАКОНИ**



По законот за градење, итно да се ратификува панеуро медитеранската конвенција заради намалување на трошоците за извоз за поголема конкурентноста на компаниите во регионот и за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје преку заем од100 милиони евра, за да се обезбеди редовно снабдувањето со електрична енергија, што е клучен проблем во моментов. Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија предводена од претседателот Бранко Азески оствари работна средба со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, согласно алармот на компаниите кои имаат сериозни забелешки за блокадите на законските решенија во Собранието, а кои во услови на тешка енергатска криза дополнително го усложнуваат нивното работење. На средбата беше посочено дека покрај Законот за изменување и дополнување на Законот за градење со кој субјектите ќе можат на кровна конструкција на објект да постават фотонапонска електроцентрала без решение за поставување , согласно членот 74 на овој закон, со што ќе се олесни процесот на поставување на фотоволтаици, како мерка за справување во услови на енергетска криза, за бизнисот приоритет во моментов е итно да бидат изгласани уште две законски решенија, на собраниска седница на 25-26 октомври 2022 година, ако под услов се состанат Комисиите за надворешна политика и за финансирање и буџет. Законите кои чекаат на одобрување во Собранието се поврзани со намалување на трошоците на извозните компании што директно влијае на нивната конкурентност во услови кога скапата цена на електрична енергија ги стави во исклучително неповолна позиција во регионот и пошироко и обезбедување заем во износ од 100 милиони евра со државна гаранција за финансирање на АД ЕСМ – Скопје со цел обезбедување соодветно производство и набавка на струја за потребите на домашниот пазар.

1. Предлог на Закон за ратификација на изменувањето и дополнувањето на Анекс 4 на ЦЕФТА 2006 , кој сеуште не е поминат на Комисијата за надворешна политика, иако ние како земја членка на ЦЕФТА сме обврзани да ја преземеме ревидираната Конвенција, а за да може таа да се користи во меѓусебната трговија администрирана од ЦЕФТА, неопходно е да се ратификува во земјите потписнички на овој договор за слободна трговија, што како процес го немаме завршено само ние. За извозно ориентираните компании, е од особено значење процесот на ратификација да заврши час поскоро. Ова ќе им овозможи на компаниите да ги користат привилегиите од ревидираната ПЕМ

конвенција за извозот на пазарите на ЦЕФТА, со кој, меѓу другото, се укинува забраната за поврат на царина за суровини без потекло, со што се намалуваат трошоците на извозниците и со што стануваат поконкурентни на пазарите во регионот, а се олеснува и добивањето ЕУР 1 сертификат за потекло.

2. Предлог на Законот за гаранција на РСМ на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ – Скопје кој ќе се склучи меѓу ЕБОР и АД ЕСМ – Скопје, со доделување на заем во износ до 100 милиони евра, обезбеден со државна гаранција , е неопходно да се донесе за финансирање на АД ЕСМ – Скопје во услови на енергетска криза. Со овој проект ќе се надминат потешкотиите во снабдувањето со електрична енергија, што е клучен проблем во моментов. Најголем дел од заемот е наменет за оперативни трошоци во ХЕЦ Маврово, ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Треска, ХЕЦ Црн Дрим и Дирекција, како и за набавка на електрична енергија од лиценцирани трговци со електрична енергија и набавка од операторот на електропреносниот систем, АД МЕПСО. Заеднички заклучок од средбата меѓу Џафери и Азески е дека контактите со пратениците, пратеничките групи и бизнис заедницата неопходно е да бидат почести во интерес на стопанството а со тоа и на економскиот развој.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100420

**26.10.2022**

## ТРИЛИНГ ВО ПАРЛАМЕНТОТ, ТРИЛИНГ ВО БЕРЛИН



Комората овој пат директно и конкретно се стави во улога на мост помеѓу Владата (позицијата во Собранието) и опозицијата, бидејќи алармот на компаниите стана се погласен, дека во услови на глобална неизвесност, намалена ликвидност и криза која го менува обликот во континуитет, работењето им е дополнително усложнето поради не носењето на измените на Закони кои ќе го олеснат нивното работење, а бенефитот ќе биде повеќекратен. Компаниите ќе опстојат, ќе се зачуваат работни места, ќе се платата давачките во буџетот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100424

**31.10.2022**

## ПОРАКА ДО ЕВРОПСКИТЕ ЛИДЕРИ




Вие сте надеж за стотина илјада фирми на Балканот и вашата одговорност е на највисоко можно ниво. Многупати досега направивте преседани на штета на малите земји и нивните надежи. Повлечете вистински потези, одржете го бизнисот на Западен Балкан и отворете перспектива. Немојте да дозволите заклучоците да останат мртва буква на хартија. Конечно оваа недела Самитот на лидерите на ЕУ со Западен Балкан, таканаречен Берлински процес, се враќа во Берлин (3.11.2022 година). Изгубивме седум години вртејќи по европските метрополи, како да не знаеме дека одлуките се носат во Берлин. Затоа, минатата година на 1.11.2021 година, под наслов „ЕУ И НИЕ – БУГАРИЈА И ТИЕ“, јасно истакнавме барање да се врати Берлинскиот процес во Берлин, затоа што, како што беше тргнал, ќе завршеше во Ла Валета (Малта). А враќањето во Берлин веднаш донесе конкретни резултати.

Во најавата на Самитот е потпишување неколку спогодби, кои само продолжуваат да ја потврдуваат потребата од регионална поврзаност. Ќе се одобри патување со лични карти низ сиот регион на Западен Балкан; во рамките на регионот ќе се признаат професионалните квалификации на докторите по медицина и по стоматологија и на архитектите, во формат кој ќе ги отстрани пречките на

националното законодавство, а ќе се поедностави и процесот на нострификација на дипломите за високо образование во сите 6 земји на ЗБ. Во најава е и укинување на визниот режим меѓу Косово и Босна и Херцеговина. Европските лидери мора да разберат дека на балканскиот бизнис му е преку глава да биде понижуван, условуван и одложуван. Доста ни е од редицата камиони и од границите на секој чекор (јасните перспективи до 2030, 2040, 2050, 2060). Она што ние како бизнис треба да го направиме е највнимателно да ги прочитаме пораките и да ги прифатиме реалните забелешки, забрзувајќи ги процесите на економски развој, затоа што очигледно е дека сами не можеме да се справиме со овие предизвици и тој дел од патот мора да го поминеме под менторство на Европската комисија. Насоките на ЕУ се создавање регионален пазар на Западен Балкан, кој ИНТЕГРИРАНО треба да се поврзе со Европската Унија преку Европската економска заедница – ЕЕЗ. Ние, како држава, ги имаме исполнето минималните копенхашки критериуми, кои се основа за каков било почеток на преговорите со ЕУ, и упорно работиме на нивно започнување.

На 28.7.2021 година во интервју за МИА јасно кажав: „БАЛКАНОТ ДА СЕ ОТВОРИ, ИСТОРИЈАТА ДА СЕ ЗАТВОРИ, БИЗНИСОТ ДА СЕ ОБЕДИНИ“, со што укажуваме дека ни е доста од затвореност, корупција, сива економија и од евтина работна сила. Не сакаме повеќе понижувања дека сме неспособни да се интегрираме во меѓународната заедница и дека некој однадвор треба секогаш да ги решава нашите проблеми. Бараме да се отвори Балканот, да се затвори историјата, да се обедини бизнисот и да се истрае во примената, без оглед на отпорот на конзервативните сили. Неопходно е регионот што побргу да се апстрахира од деструктивниот процес на балканизација. Европските лидери кон овој процес треба да пристапат најодговорно и професионално, зашто трпението и наклонетоста на бизнисот кон европските вредности може да се доведе во прашање.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100437*

**04.11.2022**

**АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА ДИХК ВО БЕРЛИН**



Претседателот на СКСМ Бранко Азески и претседателот на Советот за унапредување на индустриското производство и за извоз при Комората, Виктор Мизо, се во дводневна, интензивна бизнис-активност во Германија. Денеска (4.11.2022 г.), во седиштето на Асоцијацијата на германски стопански и индустриски комори (ДИХК), Азески и Мизо ќе имаат средба со раководството на ДИХК. Во текот на денот ќе се реализираат средби и со постојните германски инвеститори во Македонија за продлабочување на соработката, а ќе остварат контакти и со нови потенцијални инвеститори.

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100453*

**22.11.2022**

**Азески - Ќура: Бизнисот е еден, имаме исти ставови за проблемите на стопанството**




**И двајцата претседатели се согласија дека во услови на енергетска криза енергетиката и натаму останува клучен проблем за стопанството, но не помалку важно е и немањето доволно човечки ресурси, односно квалификувана работна сила.**

На состанокот, на кој присуствуваше и дел од раководството на двете Комори беше оценето дека Коморите имаат исти ставови во однос на нивните заложби да го застапуваат бизнисот при што беше највено зацврстување на партнерските односи меѓу двете комори, како главни чинители во насока на креирање подобри бизнис услови во нашата земја.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110485

**23.11.2022**

**Азески на средба со амбасадорот на Австралија Данијел Емери**



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески, денес оствари средба со амбасадорот на Австралија во Република Северна Македонија со седиште во Белград, Н.Е. Данијел Емери, со кого разговараа за економската соработка помеѓу двете земји.

На состанокот беше потврден заедничкиот интерес за натамошно унапредување на билатералната соработка со Австралија при што претседателот Азески најави и инцијатива за засилување на економската соработка, преку Коморскиот инвестициски форум (КИФ), кој веќе има обезбедено заеднички настапи на компаниите од регионот на саемите во Мостар, Тирана и Дубаи со 100% платени трошоци.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110490

**25.11.2022**

**Азески на средба со Маричиќ: Бизнисот бара департизација на институциите за олеснување на преговарачкиот процес со ЕУ**



На средбата претседателот Азески потенцираше дека улогата на комората во процесот на преговорите со ЕУ има клучна улога имајќи предвид дека транспонирањето на регулативата и обврските кои ќе се преземат треба да ги имлементираат самите компании.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110494

**28.11.2022**

**Обраќање на претседателот на СКСМ**

Активностите започнати во 2019 година за создавање на Комора на иднината привршуваат. Новиот концепт е етаблиран (2022 год.), стратегијата поставена (2019 год.), приоритетите исто така (2020 год.), кадровските решенија се на маса. Останува само да им бидат врачени на луѓето и да започне функционирањето на една нова Комора која во својот профил е модерна, напредна и целосно посветена на една цел, а тоа се компаниите. Пандемијата, енергетската криза, а сега и инфлацијата, ја завршија и ја расчистија и последната дилема, кои се методите и алатките за функционирање на една современа и модерна бизнис заедница. Ако пред овие кризи се “занесувавме” дека е доволно да бидеме трансмисија помеѓу јавниот и приватниот сектор, сега е јасно дека на нашите компании, членки, треба да им помогнеме и со методи и алатки кои не се стандардни,  но се корисни, бидејќи јавниот сектор очигледно не може да си ги заврши своите обврски, како на пример набавка на вакцини, струја, суровини и репроматеријали.  Токму затоа, во овој нов концепт на работа, потребно е да се регулираат тие прашања. Никогаш повеќе нема да дозволиме да бидеме играчка во рацете на државата и да чекаме милост од нив затоа што тоа е големо понижување за нас, а ние имаме начин како да го разрешиме. Во изминативе 18 години, апаратот на Комората целосно се реконструира за може да ја остварува својата основна функција, но јас како претседател на Комората кој целиот период работев на изградба на кадарот, мора да кажам дека основната кадровска функција сè уште не е на потребното ниво. Отсуствува сегментот на доживотно учење, надградба на знаењата и вештините, но и висок степен на продуктивност во работењето. Затоа сум приморан од Управниот Одбор да побарам дозвола за преземање на определени мерки кои ќе го сменат правецот во нашето работење. Со сигурност можам да кажам дека тоа не се парите, бидејќи половина од платниот фонд се користи за платите на менаџерите, во прашање е, отсуството на одговорност на високите позиции и очекувањата од нив, во најголем дел и за непродуктивно работење. Сите тие личности се доволно предупредувани од мене, и јавно, и приватно, и затоа ова е последната шанса за две корекции: целосна посветеност на работата и креирање иновативност, а не градење позиции на прости извршители, прости извршители на Комората веќе не и се потребни. Иницијативност, иновативност, учење јазици и доживотна надградба се единствениот услов за останување на позициите, сите други да си бараат работа надвор од Комората.

Кадровскиот капацитет на Комората се покажа дека има определени слабости кои ќе мораат веднаш да се отстранат, иако довербата на членките не е изгубена. Стручната служба во наредниот период мора да ги организира компаниите по еснафски принцип како традиционален метод, но и преку Советите да го истакне највисокиот приоритет во наредните 10 години, а тоа е обезбедување кадар за потребите на бизнисот и проширување на основата на Комората преку компании и личности кои не се наши членки. Советите ќе бидат алатка за привлекување нови членки, нови приврзаници, нови симпатизери преку десетина модерни алатки како што се берзата на трудот, институтот за извоз, школа за бизнис лидери, суд на честа, дигитален клуб на извозници, асоцијација на старт-ап компании, годишна конференција на напредни технологии, денови на отворена врата, вмрежување на домашните и странските компании кои делуваат во државата, модули за поддршка на малите и средни претпријатија и преквалификациите. Она што треба да се истакне е дека индустријата и извозот остануваат базната компонента на СКСМ.

Интересот на членките ќе биде овозможен преку :

1. Delivery unit - алатка за учество во креирањето на законите пред нивното настанување;
2. ЕНЕР-от - алатка преку која ќе можат да го изнесат својот став за веќе конципираниот закон;
3. Лобирањето во Собранието на РСМ и искористување на можноста на претседателот на државата да не потпише закон кој е спротивен на интересите на компаниите и
4. Уставниот суд.



Новите советници на претседателот за индустрија и извоз, од Велика Британија и СР Германија: Кристофер Сандерс, потпретседател, КОСТАЛ Груп и Диетер Алтхаус, потпретседател, Магна Европа




*Комора на 21 век*

Комората на иднината мора да има значаен респект во државата, и пошироко, и заради тоа ќе бидат именувани советници во Кабинетот на претседателот кои ќе се занимаваат со најзначајните теми кои претставуваат темел на пазарната економија и водењето на приватниот бизнис. Но тие дејствија не можат да се преклопуваат со оние на Стручната служба, и главно ќе се однесуваат на градење стратегии, правење анализи и истражувања на високо професионално ниво, макроекономски политики и јавни финансии, човечки ресурси за целата организација, зелена агенда, дигитализација, итн. Ќе биде формиран и посебен тим за преговорите со ЕУ во кој ќе доминираат претставници на компании. Секој настап на наш претставник во јавноста, како и на стручните расправи, мора да биде поткрепен со анализи и истражувања, а не со барања изнесени во органите и телата на Комората, без притоа да се проанализираат. Доколку и на ваков начин не можат да се остварат интересите на компаниите, ќе бидат формирани фондови за здружување на средства со кои ќе се обезбедуваат енергенси, суровини и други потребни репроматеријали со пониска цена, исто така, во интерес на конкурентноста на компаниите. Врз основа на Одлуката на Собранието на Комората, ќе предложам Советот на странски инвеститори, во април 2023 година да се преточи во Советот за унапредување на индустриското производство и извозот, а Арбитражата таа година да се трансформира во претставништво на некоја од големите арбитражи. Со тоа ќе исчезнат институциите при Комората, кои во изминатиот период беа извор на контраверзии.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110497

**05.12.2022**

**КОНЕЧНО УСТАВНИОТ СУД ПРЕСЕЧЕ – РАЗГОВОРИТЕ ЗА СПОРНИОТ ЗАКОН ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖАТ**



Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за измените на Законот за работните односи во кој беше оспорено работењето во недела. Но, тоа не е причина да не ги продолжиме разговорите со Владата, со цел конципирање ново законско решение што ќе биде прифатливо за сите. Во моментов, законското решение што е во важност, нема бизнис-логика, а има многу можности за негово прилагодување, кои не се спротивни на Уставот. Притоа ги имаме предвид компаративните искуства од опкружувањето, па дури и од членките на ЕУ, каде што работата во недела не е ограничена на ваков начин како кај нас, а сепак не е спротивна на уставните принципи.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110510

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

**Преку проектите чија е воспоставување подобри услови за водење на бизнис, подобрување на конкурентноста и раст на извозниот потенцијал на компаниите, трансфер на знаења и вештини преку процесот на образование во функција на потребите на бизнисот, јакнење на институционалниот капацитет и други области кои се во интерес на бизнис заедницата и кои влијаат кон создавање подобар бизнис амбиент за делување**, реализирани се серија активности:

1. Проектот **"Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција"** (ПСРИСА), во партнерство со УСАИД, има за цел да придонесе за зајакнување на конкурентноста на економијата на Северна Македонија, овозможувајќи им на локалните компании полесно да се поврзат во регионалните трговски текови, како и за зајакнување на нивните капацитети за справување со конкурентскиот притисок и со пазарните сили во регионот и во ЕУ. Проектот започна во септември 2022 година, ќе трае до септември 2025 година, во тековната година и става фокус на повеќе активности.




**03.7.2022**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА И УСАИД ЗАПОЧНУВААТ ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90299



**29.9.2022**

**„ЈАКНЕЊЕ НА ИЗВОЗНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПОГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ РАСТ"**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90382



**7.12.2022**

**НОВИ АЛАТКИ И УСЛУГИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНО ОРИЕНТРАНИ КОМПАНИИ**

**СКСМ во рамки на Проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД, пред стопанственици од Пелагонискиот регион, организира презентација**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110513




**21.12.2022**

**ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ**

**Промоција на активностите во рамки на Проектот "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД пред стопанствениците од Тиквешкиот регион**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110535

2. Проектот **„Образование за вработување во Северна Македонија“ – Е4Е@мк** во Фаза 2 (период јуни 2022 – јуни 2026 година), има за цел да придонесе кон пристојно вработување на младите, со посебен акцент на ранливите групи, на социјално инклузивен и одржлив начин. Постигнувањето на зголемена вработеност се постигнува преку системски пристап кој се фокусира на пазарно-ориентирана понуда на неформални обуки за стручни вештини и формално стручно образование и обука (СОО), како и подобрена законска регулатива за формалното и неформалното СОО, како основа за зголемена можност за вработување на младите лица, а фокусот е кон спроведување на поеќе активности.



**15.3.2022**

**СОСТАНОК СО ХЕЛВЕТАС ОД ШВАЈЦАРИЈА, ЗАЕДНИЧКИ ПАРТНЕР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“**

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80137*




**06.4.2022**

**ИНВЕСТИЦИЈАТА ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ Е ИНВЕСТИЦИЈА ВО РЕАЛНИОТ СЕКТОР**

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80179*



**07.4.2022**

**РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „ВЕШТИНИ ЗА ИДНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА“**

**Стопанската комора и Министерството за образование и наука, домаќини на регионалната конференција**

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80183*




**13.4.2022**

**ДВЕ ТРЕТИНИ ОД РАБОТНИТЕ МЕСТА ЌЕ БАРААТ МЕКИ ВЕШТИНИ**

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80195*




**05.5.2022**

**ОБУКИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО КОМОРАТА**

*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80225*

**Активностите на Комората во делот на образованието се реализираат и паралелно со активностите на проектот Е4Е – Образование за вработување @мк продолжуваат**




**14.2.2022**

**СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ НЕ Е ПОВЕЌЕ СТИГМА ЗА МЛАДИТЕ ЛИЦА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80087



**17.2.2022**

**КОМОРАТА - МОСТ ПОМЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО И СТОПАНСТВОТО**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80089




**21.2.2022**

**УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА ВО ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА „ПЕКАБЕСКО“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80096



**21.2.2022**

**КВАЛИТЕТНИ НАСТАВНИЦИ - ПОДГОТВЕН СТРУЧЕН КАДАР**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80097



**22.2.2022**

**ГОЛЕМИТЕ МАРКЕТИ „КАМ МАРКЕТ“ И „ВЕРО“ КАДАРОТ ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДУВААТ ПРЕКУ ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80098




**07.3.2022**

**И ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СЕ ВКЛУЧУВААТ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА НА СТУДЕНТИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80120

**08.3.2022**

**ОПШТЕСТВЕНО-ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБРАЗОВНИТЕ ПРОЦЕСИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80122



**09.3.2022**

**ПРИФАТЕНА ИНИЦИЈАТИВАТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ЗА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВО БИТОЛА**

**АД Печатница „Киро Дандаро“, од Битола се вклучи во дуалното образование**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80125



**10.3.2022**

**ОДРЖАНА ПРВАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА РЕГИОНАЛНИОТ СТАНДАРД ЗА ЗАНИМАЊЕ - АГРОТЕХНИЧАР ЗА ТРАДИЦИОНАЛНО И ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80128




**15.3.2022**

**ОТВОРЕН ВТОРИОТ ПОВИК ЗА ГРАНТОТ ОД 150.000 ДО 600.000 ЕВРА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ВО КОМПАНИИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80136



**16.3.2022**

**РАСТЕ ИНТЕРЕСОТ НА КОМПАНИИТЕ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРНЕРСТВО СО СТРУЧНИТЕ УЧИЛИШТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80140



**21.3.2022**

**ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ – РЕШЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР ЗА УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ВЕЛЕС**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80149




**24.3.2022**

**ВЕРИФИКУВАНА КОМПАНИЈА ЗА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА – ПРЕДУСЛОВ ЗА СОЗДАВАЊЕ КВАЛИФИКУВАН СТРУЧЕН КАДАР**

**- Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица придонесува за подобрување на квалитетот на стручното образование-**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80156



**01.4.2022**

**КВАЛИФИКАЦИИТЕ ГОТВАЧ, ПЕКАР И СЛАТКАР НАЈБАРАНИ ВО УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80171




**08.4.2022**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД РЕГИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „ВЕШТИНИ ЗА ИДНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=80186&lng=1



**19.4.2022**

**ПЕХАР ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОУ „НАУМ НАУМОВСКИ-БОРЧЕ“ ОД КРУШЕВО НА ГАСТРОНОМСКИОТ ФЕСТИВАЛ „БИСЕР НА МОРЕТО“ ВО ХРВАТСКА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80206



**27.4.2022**

**КРЕИРАЊЕ РАМКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО СОГЛАСНОСТ СО ЕВРОПСКАТА РАМКА ЗА КВАЛИТЕТ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80212



**03.5.2022**

**ИДНИНА ЗА МЛАДИТЕ, НО И МЛАДИ ЗА ИДНИНАТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80219



**06.5.2022**

**ИДНИНА ЗА МЛАДИТЕ, НО И МЛАДИ ЗА ИДНИНАТА ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80226



**11.5.2022**

**СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ДО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО КАДАРОТ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80231




**13.5.2022**

**УСПЕХОТ НА ИНСТИТУЦИЈАТА ЗАВИСИ ОД СТРУЧНОСТА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80235




**20.5.2022**

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА ЗА СИСТЕМОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80246



**13.6.2022**

**КОНФЕРЕНЦИЈА „БЕНЕФИТОТ НА КОМПАНИИТЕ ДОКОЛКУ СЕ ВКЛУЧАТ ВО ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА И ПРАКТИЧНА РАБОТА ВО КОМПАНИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80274




**29.8.2022**

**НОВИ ФОРМИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО КОМОРАТА - ПОРТАЛ „ПРАКСА“**

**Брошура**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90351



**28.09.2022**

**ЗАПОЧНА ИЗРАБОТКА НА РЕГИОНАЛНИОТ СТАНДАРД НА ЗАНИМАЊЕ - БРАВАР**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90381



**17.11.2022**

**ЗА ЧЕТИРИ ГОДИНИ СКЛУЧЕНИ 92 МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100471



**17.11.2022**

**ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНКИТЕ НА КОМОРАТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100472

**КАМПАЊАТА "УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО" за зголемување на интересот на деветоодделенците во средите стручни училишта**




**17.2.2022**
**На 16.02.2022 година беше организиран отворен ден за стручните училишта и компаниите од општините Штип, Пробиштип и Свети Николе**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80088*

**19.2.2022**
**На 18 февруари 2022 година во Охрид и Струга се одржа трет ден од кампањата за промоција на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно".**
**https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80093**

**22.2.2022**
**Во рамките на кампањата за промоција на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно" во Кочани и Делчево (а во присуство и на градоначалниците од Виница, Берово Македонска Каменица) беа одржани деловни средби**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80099*

**24.2.2022**
**Социјалниот дијалог во рамките на кампањата „Учи паметно, работи стручно" за унапредување на стручното образование се реализираше во Куманово и Крива Паланка.**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80101*

**25.2.2022**
**Кампањата „Учи паметно, работи стручно",продолжи во Гостивар.**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80106*

**01.3.2022**
**Во рамките на кампањата за промоција на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно" во Велес и Кавадарци (со опфат и на Неготино) беа одржани средби.**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80110*

**03.3.2022**
**Кампањата „Учи паметно, работи стручно" продолжи во Прилеп и Битола.**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80115*

**05.3.2022**
**Во Кичево се одржа средба за кампањата „Учи паметно, работи стручно" во присуство и на градоначалникот на Македонски Брод.**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80117*

**16.3.2022**
**Во Струмица и Валандово, се одржа дијалогот за унапредување на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно".**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80139*

**18.5.2022**
**ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80241*

**06.12.2022**
**РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ ВО ПОДГОТОВКА НА КАМПАЊАТА „УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО"**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110512*

**15.12.2022**
**РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ ВО КАМПАЊАТА „УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО"**
*https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110530*

3. **Проектот: „Одржливи енергетски вештини во градежништвото: видливи, валидирани, вреднувани – SEEtheSkills“** има за цел да се постигне поголема видливост, пристап и препознавање на енергетските вештини меѓу партнерските земји, преку нивно вкрстено валидирање засновано врз резултатите од учењето, а притоа користејќи нов 3В пристап за директно стимулирање на побарувачката за енергетски вештини од градежниот сектор на пазарот.



**20.10.2022**

**Одржана тркалезна маса за идентификување на неопходните занимања поврзани со енергетската ефикасност и исполнување на целите од Зелената агенда**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100417

4. **Проектот: „Европска мрежа на претпријатија Северна Македонија / Enterprise Europe Network North Macedonia“ (ЕЕНОМА)** ги продолжува активностите во рамки на ЕЕН мрежа на бизнис можности која има за цел да ги понуди сите облици на деловна поддршка на МСП на нивниот пат кон европските пазари.

enterprise europe network
Business Support on Your Doorstep
European Commission



**16.5.2022**

**Успешна приказна во рамки на ЕЕН проект**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90357



**29.6.2022**

**Германското know-how, трансфер на технологија и потенцијални области на соработка од заемен интерес во рамки на ЕЕН мрежата**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90294



**31.10.2022**

**Македонско-турски деловни средби со жени претприемачи од Стопанската индустриска комора на Кочаели - ИНТЕНЗИВИРАНА БИЗНИС СОРАБОТКА МЕЃУ ЖЕНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ТУРЦИЈА И ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИ НА ЕЕН МРЕЖАТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100440

5. **Проектот „Стимулирање на зелени вработувања: Клучни точки за преку-гранични образовни и технолошки иновации (Г.Е.М.С.)“** има за цел да им помогне на регионалите учесници, да се придвижат - од сегашниот низок економски „кафеав“ пристап (со низок квалитет на работните места, ниско ниво на заштита на животната средина, несоодветни ниски вештини), кон „високо“ одржлива зелена економија (соодветни вештини на високо ниво, висока продуктивност, високо ниво на заштита на животната средина).

6. **Проектот „Дигиталната трансформација се пробива кон бизнисите – развој на клучни индикатори за перформанси за зголемување на продуктивноста на секторот – DIG-IN-KPI“** имплементиран во партнерство на СКСМ, Стопанската комора на Словенија и Стопанската комора на Хрватска има за цел утврдување на заедничките индикатори за обемот и нивото на дигитализација на градежните компании, градење на капацитетите на здруженијата за градежништво при Коморите партнери во проектот и поттикнување на дигиталната трансформација во градежништвото согласно со технолошките трендови на Градежништво 4.0.

# ОД РАБОТАТА НА СОВЕТИТЕ

Комората на иднината, како консултант на бизнисот ги таргетираше приоритетите кои треба да се реализираат преку Советите за унапредување на високото образование и стратешките истражувања; за развој на тренингот и обуките; за унапредување на индустриското производство и извоз и за напредни технологии.

## СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА




**18.1.2022**

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАПОЧНУВА ЧЕТИРИ МЕСЕЧНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СТАРТАП БИЗНИСИ – ПРИЈАВЕТЕ СЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80059



**25.1.2022**

**ДВА ФАКТОРИ СЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА СОПСТВЕН БИЗНИС – ЛИЧЕН РАЗВОЈ И ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ЗА ВОДЕЊЕ НА БИЗНИСОТ**

**Интервју на д-р Ристо Иванов, ментор на Програмата за развој на стартап бизниси**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80064



**28.1.2022**

**ОД УНИКАТНА ИДЕЈА ДО ИНОВАТИВЕН СТАРТАП БИЗНИС**

**Интервју со м-р Наде Богоевска и Михаела Поповиќ, мотивациони говорници на Програмата за развој на стартап бизниси**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80065




**01.2.2022**

**НЕ ПОСТОИ ПОДОБРО ВРЕМЕ ОД ДЕНЕС ЗА ЕДЕН ПРЕТПРИЕМАЧ**

**Интервју со Игор Маџов, предавач на Програмата за развој на Стартап бизниси**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80071



**08.2.2022**

**БИЗНИС ИДЕЈАТА Е САМО ЕДНА МАЛА КОЦКА ОД МОЗАИКОТ НА ЕДЕН СТАРТАП**

**Интервју со Софија Дацева, предавач на Програмата за развој на стартап бизниси**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80082




**09.3.2022**

**ОТПОЧНУВА ЧЕТИРИМЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СТАРТАП БИЗНИСИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80123



**11.3.2022**

**ПРОДОЛЖУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ШЕСТ МЕСЕЧНАТА ОБУКА ЗА МЕНАЏЕРИ И БИЗНИС ЛИДЕРИ-ОДРЖАН МОДУЛОТ ЗА КОРПОРАТИВНИ ВРЕДНОСТИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80133



**25.3.2022**

**РЕАЛИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊАТА ЗА „ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИТЕ ФИНАНСИИ“ ВО РАМКИТЕ НА ШЕСТ МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80159



**08.4.2022**

**УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊАТА НА МОДУЛОТ ЗА „ЛИДЕРСТВО: ПРИНЦИПИ, ТИПОВИ И ТЕОРИИ НА ЛИДЕРСТВО-УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ“, ДЕЛ ОД ШЕСТ МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80187



**06.5.2022**

**УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊАТА НА МОДУЛОТ ЗА ТЕХНИКИ НА ПРЕГОВАРАЊЕ, ДЕЛ ОД ШЕСТ-МЕСЕЧНАТА ПРОГРАМА ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80228



**07.6.2022**

**СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ШЕСТМЕСЕЧНИТЕ ШКОЛИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ**

**Школа за бизнис лидери и Школа за развој на мали и средни бизниси**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80268




**15.6.2022**

**"ПРОГРАМАТА ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ Е ОДЛИЧНО КОНЦИПИРАН ПРОЕКТ ЗА МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНА БИЗНИС ЕДУКАЦИЈА"**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80275




**31.10.2022**

**ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ НОВА ГЕНЕРЕАЦИЈА ПРЕТПРИЕМАЧИ**

Преку Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања, одговараме на барањата и потребите на бизнисите и ги поддржуваме процесите кои водат до раст и развој на македонското стопанство.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100438




**01.12.2022**

**ПРЕДИЗВИЦИ И УСЛОВИ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ ВО 2023 ГОДИНА – ШТО НЕ ОЧЕКУВА НА ЕКОНОМСКИ ПЛАН?**

**Годишна конференција на тема: „Економски предизвици во 2023: како да го одржиме економскиот раст и ја трансформираме економијата“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110505




**13.12.2022**

**ШТО НЕ ОЧЕКУВА НА ЕКОНОМСКИ ПЛАН ВО 2023 ГОДИНА**

**Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања организира годишна конференција на 16.12.2022 година (петок) на тема: „Економски предизвици во 2023: како да го одржиме економскиот раст и ја трансформираме економијата“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110524

## СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКИТЕ



**27.10.2022**

**КВАЛИФИКУВАН СТРУЧЕН КАДАР ВО БИЗИСОТ ЗА ОПШТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=100432



**30.11.2022**

**КОНЕЧНО ПРОФУНКЦИОНИРА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКИТЕ КАКО ДЕЛ ОД КОНЦЕПТОТ КОМОРА НА ИДНИНАТА!**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110504




**14.12.2022**

**СТРАТЕШКО И ДОЛГОРОЧНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР НА КОМПАНИИТЕ**

**Од седницата на Советот за развој на тренингот и обуките**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110527

## СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДУСТРИСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ИЗВОЗ

### 1. СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ



**25.2.2022**

**Почнува програмата „Млади менаџери и деловни лидери“ - Претседателот Пендаровски: „Да излеземе во пресрет на младите за да се намали одливот на стручни кадри “**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=80105&lng=1



**07.4.2022**

**Непредвидливата деловна криза и последиците од економската криза на дневен ред на седницата на Управен одбор на Советот на странски инвеститори**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=80181&lng=1



**02.6.2022**

**Доделени сертификатите на учесниците во програмата „Млади менаџери и бизнис лидери“ на Советот на странски инвеститори под покровителство на претседателот на државата**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=80262&lng=1

## 2. АСОЦИЈАЦИЈА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО




**02.3.2022**

**Дебата за новата методологија за државна поддршка за поттикнување инвестиции**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=80114&lng=1



**11.7.2022**

**ВИКТОР МИЗО РЕИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА СТРАНСКИ КОМПАНИИ СО ТЕХНОЛОШКО НАПРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=90314&lng=1




**05.10.2022**

**Странските компании со технолошко напредно производство на средба со вицепремиерот Битиќи и економски владин тим**

**– Најактуелните предизвици предмет на заедничка дискусија за нивно ургентно решавање**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110532




**20.12.2022**

**Покрај предизвиците од глобалните економски движења, странските инвеститори го задржаа бројот на вработени во 2022 година**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=110533&lng=1

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ И ВМРЕЖУВАЊЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА



**13.1.2022**

**ВОНРЕДНИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРВ СЛУЧАЈ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80053



**17.1.2022**

**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ КОЕ ГИ ЗАСЕГА СИРОМАШНИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80058



**28.1.2022**

**ДЕФИНИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ КОИ ЌЕ БИДАТ ВО ФОКУСОТ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ВО 2022 ГОДИНА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80067




**07.2.2022**

**ИНТЕНЗИВНИ АКТИВНОСТИТЕ ЗА ИЗНАОЃАЊЕ ПОДОБРИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРИМЕНА НА "НЕДЕЛА-НЕРАБОТЕН ДЕН"**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80081



**1.3.2022 година**

**ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА РУДАРСТВОТО**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80111



**18.3.2022**

**ПРОФ. Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЕНЕРГЕТСКА АСОЦИЈАЦИЈА (МЕА) ВО РАМКИТЕ НА КОМОРАТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80144



**21.3.2022**

**ГРАДЕЖНИШТВОТО НЕ МОЖЕ ПОВЕЌЕ ДА ЧЕКА**

**ИТНИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЦЕНОВНИТЕ ПОСКАПУВАЊА НА ГРАДЕЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГЕНСИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80152



**22.3.2022**

**ТЕКСТИЛНИТЕ КОМПАНИИ ИМААТ ЗГОЛЕМЕНИ НАРАЧКИ ОД СТРАНСКИТЕ ПАРТНЕРИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80154




**31.3.2022**

**МЕРКИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ ЗНАЧАТ ПОДРШКА НА ДОМАШНАТА ЕКОНОМИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80167



**01.4.2022**

**ШЕСТ ЧЕКОРИ ДО ФОТОВОЛТАИЦИ НА ПОКРИВ И РЕШАВАЊЕ НА ЧЕТИРИТЕ ПРАШАЊА ЗА ФОТОВОЛТАИЦИ НА ЗЕМЈА**

**„Инвеститорите на фотоволтаици за сопствени потреби треба да се охрабрат, а оние што инвестираат за продажба на струја да бидат повнимателни. И едните и другите да ги следат процедурите за реализација на инвестицијата“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80169



**21.4.2022**

**ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ БЕЛЕЖАТ ОГРОМНИ ЗАГУБИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ВЛАДИНАТА МЕРКА ЗА ЗАМРЗНАТИ ЦЕНИ НА ОДРЕДЕНИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80209



**19.5.2022**

**АНА ТАНЕВСКА ЃОРЃИЕВСКА: ХОТЕЛИЕРСТВОТО НЕ ПАМЕТИ ВАКВА КРИЗА ОД КРАЈОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА**

**претседателката на Здружението на угостителството и туризмот при Комората во интревју за неделникот Фокус**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80244




**27.5.2022**

**МЕСНИТЕ ИНДУСТРИИ ПРЕД КОЛАПС – ПРЕДЛОЗИ ЗА ОПСТАНОК**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80251




**09.6.2022**

**„Отворен Балкан“, и регионалната туристичка соработка создаваат можност за економски развој на регионот но и на секоја земја посебно.**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80270



**14.6.2022**

**МЕСНИТЕ ИНДУСТРИИ БАРААТ ИТНА СРЕДНА СО ЗАМЕНИК-ПРЕМИЕРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА, ВО СПРОТИВНО СЛЕДУВА НОВ ЦЕНОВЕН ШОК, ОТПУШТАЊА И ЗАТВАРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80279



**16.6.2022**

**ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ЗА КВАЛИТЕТ И НАДЗОРОТ ВО ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈАТА ДО БЕЗБЕДНИ И КВАЛИТЕТНИ ПРОИЗВОДИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mId=3&evid=90281&lng=1




**7.7.2022**

**КАКО ДО ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА РУДАРСКИОТ СЕКТОР ВО ЗЕМЈАВА?**

**- ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАР, ИВИЦА ТАЛЕВСКИ, УЧЕСНИК НА ШЕСТИОТ ФОРУМ MINEX ЗА РУДАРСТВО И ИСТРАЖУВАЊЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90308




**07.7.2022**

**ПРЕЗЕНТИРАН НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ НА ФИТР-КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА СТАРТ-АП И СПИН-ОФ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90309




**14.7.2022**

**ПРЕЗЕНТИРАН НОВИОТ ПОВИК НА ФИТР ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ 2022**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90318




**18.7.2022**

**ПОГОЛЕМО ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ДА НЕМА РЕСТРИКЦИИ НА ЗИМА**

**МЕА бара итна средба со Владата и Регулаторната комисија за енергетика за да се обезбеди сигурна и поевтина електрична енергија за стопанството за спас на економија и државата**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90320



**19.7.2022**

**ГРАДЕЖНИШТВОТО ГО ПЛАТИ ДАНОКОТ НА МУЛТИ КРИЗАТА И ОТСУСТВОТО НА МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДЕЖНИТЕ КОМПАНИИ – ЗНАЧИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА ВО СЕКТОРОТ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90321




**28.7.2022**

**АКО НЕ ИМ СЕ ПОМОГНЕ НА КОМПАНИИТЕ ВО ДЕЛОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЌЕ ДОЈДЕ ДО ЗАТВОРАЊЕ НА РАБОТИТЕ МЕСТА, А СО ТОА, КОЛКУ И ДА СЕ МАЛИ СМЕТКИТЕ ЗА СТРУЈА НА ДОМАЌИНСТАВАТА Е НЕМА КОЈ ДА ГИ ПЛАТИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90331

**22.08.2022**

**СЕРТИФИКАТНА МАРКА - Посебен идентитет за македонските производи и услуги**

Вклучува и дигитален QR-код, преку кој се проверува веродостојноста директно на веб-страницата на СКСМ, а преку посебен линк кој води до каталогот на производи на „ГС1 Македонија“, како издавач на глобален број на трговската единица, бар кодот, може да се проверат и карактеристиките на производот.

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90343




**26.08.2022**

**Компанијата „Џонсон Мети“ додели грант од 23.000 евра за модернизација на лабораторијата на Институтот за хемија**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90347



**29.8.2022**

**ЧЕСТИТКА ОД МАР ПО ПОВОД 28МИ АВГУСТ, ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90349




**26.9.2022**

**ТУРИЗМОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ИНТЕНЗИВЕН ЕКОНОМСКИ РАСТ**

**Здружението на угостотителство и туризам изготви План за интензивен економски раст и унапредување на извозот преку туризмот.**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90378



**6.10.2022**

**СПРАВУВАЊЕТО СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА Е НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК И ЗА РУДАРСКИОТ СЕКТОР**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&evid=90390&lng=1



**14.10.2022**

**РАБОТНА СРЕДБА НА ТЕМА „ОДРЖУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛАДЕН ЛАНЕЦ ВО УСЛОВИ НА КРИЗА“**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=100402&lng=1




**01.12.2022**

**КАМПАЊА ДОМАШНО-КВАЛИТЕТНО-ЕВТИНО, ЗА ЦЕЛОСНО УКИНУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ ЗА СУРОВИНИТЕ ВО МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА КОИ НЕ СЕ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110506



**02.12.2022**

**КОМОРАТА ДЕЛ ОД „ПАНЕЛ ДИСКУСИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ СО ЗЕЛЕНИТЕ ВЕШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110507

## ТАБАНОВЦЕ

Комората реализираше **уникатен коморски проект летото 2022 година,** според кој тим од вработени во Комората два месеци (во јули и август) беа постојано присутни на најфреквентниот граничен премин „Табановце–Прешево“, (околу 60.000 транспортни возила поминуваат во овој период од годината, без евиденција на товарните возила кои транзитираат). Во рамки на оваа уникатна коморска активноста која ја реализираше единствено Стопанската комора на Северна Македонија во однос на останатите Комори од регионот на Западен Балкан, преку комуникацијата со фирмите, институциите и директно од нашето присуство на граничниот премин констатиравме серија системски слабости. Како крајна цел проблемите ги систематизиравме во насока истите да иницираат преземање активности и да се понудат предлози/препораки за подобрување на состојбите во насока на олеснување на протокот на стоки како еден од основните предуслови за извозна поддршка на компаниите, на кои активно се работи и во моментов од страна на институциите.



**21.3.2022**

**На Табановце поставена првата табла за Зелена лента за Отворен Балкан**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80147



**29.6.2022**

**ПОВИК ДО КОМПАНИИТЕ ЗА ПРЕДЛОЗИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРОТОКОТ НА СТОКИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН „ТАБАНОВЦЕ“ – ПРОЕКТ НА КОМОРАТА ВО РАМКИТЕ НА „ОТВОРЕН БАЛКАН“**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=80102&lng=1




**30.6.2022**

**ТИМОВИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ОД УТРЕ НА „ТАБАНОВЦЕ“ – ЌЕ ГИ СЛЕДАТ ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ВЛЕЗ И ЗА ИЗЛЕЗ НА СТОКИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90296



**29.7.2022**

**КОМОРАТА И ВЛАДАТА НА „ТАБАНОВЦЕ“, ЗАЕДНИЧКИ ВО КОНТРАЛА НА ПРОТОКОТ НА СТОКИ ВО РАМКИТЕ НА ОТВОРЕН БАЛКАН**

**За нас како отворена економија и активна транзитна земја ефикасното преминување на границите е суштинско, а во согласност со реакциите на компаниите членки, во делот на регулативата и постапките, веруваме дека има простор за подобрување на состојбите**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=90332&lng=1




**06.10.2022**

**ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОБРЗ ПРОТОК НА СТОКИ НА НАЈФРЕКВЕНТНИОТ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН „ТАБАНОВЦЕ“** *(по следењето на протокот од службите на Комората во јули и во август 2022 г.)*

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90389

# КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ)

Во 2022 година повеќе од 6500 компании од Западен Балкан беа опфатени од разните настани или иницијативи отпочнати од КИФ ЗБ6 – бесплатни виртуелни семинари и обуки, конференции, бизнис-форуми, консултативни средби, промотивни настани, анкети, итн.

Во текот на минатата година, КИФ ЗБ6 спроведе разни активности во следните области:

1. Спроведување на Програмата за развој на регионалните снабдувачи

Фокусирајќи се на поддршка за создавањето на Заеднички регионален пазар (ЗРП) на Западен Балкан, КИФ ја подготви Програмата за развој на снабдувачи за да овозможи учество на МСП во регионалните и мултинационалните синџири на снабдување и да воспостави нови регионални партнерства меѓу компаниите од ЗБ6.

За олеснување на спроведувањето на заедничките активности од акциониот план на ЗРП, 2600 мали и средни претпријатија беа опфатени со трговската промоција, а 950 МСП добија поддршка според нивните индивидуални потреби за да побараат деловни можности и можности за финансирање надвор од границите.

Спроведувањето на програмата ги содржи следните активности:




- Мапирање снабдувачи во Западен Балкан; 1. Мапирани се повеќе од 2100 компании од ЗБ – инвеститори и потенцијални снабдувачи и се вклучени во Базата со податоци за пристапување пазари (https://www.market-access.wb6cif.eu/) со цел да се потпомогне создавањето на нови регионални синџири на снабдување и да се вклучат во активностите на КИФ ЗБ6 поврзани со Програмата за развој на регионалните снабдувачи.
- База со податоци за пристапување пазари; 2. Сите податоци што беа собрани во рамки на активноста „Мапирање на снабдувачи од ЗБ6“ беа ставени во Базата со податоци за пристапување пазари https://www.market-access.wb6cif.eu/. Платформата претставува виртуелен пазар каде што регистрираните компании може да ги препознаат производите, услугите или партнерите што им требаат, или што можат да ги понудат, олеснувајќи го процесот на снабдување со регионални стоки и услуги. Таа претставува уникатна локација за отпочнување деловни разговори.
- Базата со податоци за целните пазари (http://market-info.wb6cif.eu/) прави резиме од збир од релевантни информации за пазарот, за економијата на земјата, или на повеќе земји, нивните компании, информации за трендовите, конкуренцијата, следење на клиентите (постојни, целни, поранешни), коишто конкретно се прибираат и анализираат за точно и сигурно носење одлуки и утврдување стратегии во области како: пазарни можности, стратегии за навлегување во пазарот и развојот на пазарот. Главната цел на оваа база со податоци е да им помогне на компаниите со истражувањето на пазарот во време кога ја проценуваат оправданоста на влегувањето во нови пазари или на проширувањето на постојните.



- Техничка помош за МСП од ЗБ за обезбедување пристап до финансии

КИФ објави јавен повик до ММСП за учество во проект што обезбедува техничка помош, олеснувајќи го пристапот до програми финансирани од ЕУ и од државата – беше понудена поддршка за пристап до финансии на 60 ММСП, по 10 од секоја економија на ЗБ.

За време на 2022 г., ММСП поднесоа вкупно 36 апликации, а 5 проекти беа одобрени (2 компании од Северна Македонија, 3 компании од Србија) со 773.580 евра вкупна вредност на одобреното финансирање за успешните компании.

- Во текот на годината организирани се повеќе настани за вмрежување на МСП:
  - Три регионални деловни настани – заедничко учество на компании од ЗБ6 на меѓународни/регионални настани и заедничко претставување на штандови од ЗБ6.
  - Три регионални Б2Б-средби.
  - Две заеднички инвестициски конференции на ЗБ6.
  - Седумнаесет информативни денови со фокус на спроведувањето на АП ЗРП и придобивките и предизвиците што ги носи за бизнисите од ЗБ.
  - Петнаесет обуки скроени според потребите, организирани низ шесте економии од ЗБ за да се поддржи деловната заедница во искористувањето на придобивките од регионалната економска интеграција.

2. Изготвување извештај за надгледувањето на спроведувањето на Акцискиот план за Заедничкиот регионален пазар



Регионалниот центар за економски анализи на КИФ го изготви третиот извештај „Надгледување на спроведувањето на Акцискиот план за Заедничкиот регионален пазар (2021-2024 г.) – клучен деловен увид во приоритетните насоки на дејствување“, којшто е составен од четири посебни делови:

- Економска анализа на последниот развој на настаните на Западен Балкан, заснована врз статистичките податоци (државни статистики и базата со податоци на Виенскиот институт). Економската анализа содржи државни сметки, индустриско производство, меѓународна трговија, пазар на трудот, инвестиции, услуги (вклучувајќи и туризам).
- Клучни показатели за успешноста (КПИ) на спроведувањето на Акцискиот план за ЗРП (2021-2024 г.), засновани врз анкета спроведена со повеќе од 1000 регионални компании на репрезентативен примерок што ги опфати сите регионални економии, водечките стопански гранки (во земјоделството, индустријата и услугите).
- Кратки интервјуа со водечките претприемачи од регионот околу нивните мислења за процесот на регионална економска интеграција во споредба со претходната година.
- Поопширно истражување во однос на процесот на регионална интеграција, коешто ќе биде мошне полезно за да се разбере локалната доверба во поглед на идните чекори кон единствениот пазар на Западен Балкан.

3. Учество на КИФ ЗБ6 на Самитот на Западен Балкан во Берлин




По повод Самитот на Берлинскиот процес во 2022 г., КИФ во соработка со Здружението на германското стопанство за источна Европа, мрежата на Германските стопански комори во странство (АХК), со поддршка од ДИХК и Советот за регионална соработка (РСС), ја поддржа организацијата на деловниот форум меѓу Германија и Западен Балкан „Кон отпорен заеднички регионален пазар“ што се одржа на 25 октомври 2022 г. во Берлин, Германија.

4. Учество на КИФ ЗБ6 во активности поврзани со ЗРП
   a. Бизнис-форум во Копаоник 2022 г.

Членовите на Управниот одбор на КИФ, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија, Нина Дракиќ, претседател на Стопанската комора на Црна Гора и директорот Михаило Весовиќ од Стопанската комора на Србија, учествуваа на бизнис-форумот во Копаоник во рамки на панел-дискусијата „Регионална соработка како предуслов за одржлив раст“, од 6 до 9 март 2022 г. Претседателот Азески спомна дека во рамките на регионалниот економски развој, КИФ се повеќе ја зајакнува клучната улога во процесот, насочувајќи активности кон подобрување на конкурентноста на економиите во регионот, поврзување на деловните заедници, подобрување на деловната клима во регионот и зголемување на трговијата меѓу земјите од Западен Балкан.

5. Организирање на информативни денови со фокус на спроведувањето на АП ЗРП и придобивките и предизвиците што ги носи за бизнисите од ЗБ

Во организација на Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 февруари 2022 година, се одржа виртуелна информативен настан со цел да се информираат повеќе од 40 извозни компании од Северна Македонија околу актуелните активности на КИФ поврзани со мапирањето на снабдувачи од Западен Балкан и алатките што се развиени за да се поддржи воспоставувањето на нови синџири на снабдување, за што информираше Билјана Пеева-Ѓуриќ, оперативен директор во Комората, која ги претстави и двете дигитални платформи (Market Access Database и Market Intelligence Database) коишто ќе го олеснат наоѓањето на информации на компаниите за пристап до некој од другите пазари од регионот и можностите за вмрежување со нови трговски и бизнис-партнери.

6. Застапување на интересите на компаниите од ЗБ6

- На 28 април 2022 година се одржа средба во Брисел насловена „Заеднички регионален пазар – катализатор за подлабока регионална економска интеграција и отскочна штица кон единствениот пазар на ЕУ – 1,5 година од спроведувањето на Market Access Database за Заедничкиот регионален пазар“ во присуство на претставници на Европската комисија и директоратите (DG NEAR, DG TAXUD, DG AGRI, DG GROW, DG TRADE, DG MOVE, DG SANTE), претставници на Бизнис совет на КИФ ЗБ6, претседатели на коморите членки на КИФ, како и претставници на Европските стопански комори (Eurochambres), ЦЕФТА, РСС, Транспортната заедница и ЕДИФ за ЗБ. Главните теми начнати на тркалезната маса беа поврзани со очекувањата на деловната заедница од ЗБ во однос на спроведувањето на АП ЗРП, како и со нивните погледи за како да се овозможи побрза интеграција на регионот во единствениот пазар на ЕУ, коешто мислиме дека мошне доцни како процес.
- Копретседателот на Управниот одбор на КИФ, Бранко Азески, на 18 април 2022 година во Подгорица се сретна со претседателот на Црна Гора, Мило Ѓукановиќ, на работен ручек. Соговорниците дискутираа за отворените прашања и главните насоки поврзани со регионалната соработка и перспективите за понатамошното спроведување на Заедничкиот регионален пазар на ЗБ6.
- Копретседателот на Управниот одбор на КИФ, Бранко Азески и претседателот на Сојузот на стопански комори на Турција (ТОББ), Рифад Хисарџиклиоглу на 19 април 2022 година во

Анкара, договорија неколку долгорочни заеднички деловни активности на работната средба. Се согласија да потпишат спогодба за долгорочна соработка меѓу КИФ ЗБ6 и Сојузот на стопански комори на Турција (ТОББ), највисокото правно лице во Турција коешто има 365 членки, вклучувајќи локални стопански комори, трговско-индустриски комори, поморска трговија и стоковни берзи од 81 провинција и 160 окрузи во Турција, со цел да се развијат и продлабочат деловните активности меѓу двете бизнис-асоцијации.

7. Поддршка скроена според потребите на компаниите од ЗБ6



- Заедничко учество на 23. Меѓународен стопански саем во Мостар 2022 г. (4-7 април 2022 г.)

Повеќе од 30 одбрани МСП од ЗБ6 со земјоделска или прехранбена дејност ги претставија нивните производи, истражија нови извозни можности, ги зајакнаа постојните деловни односи и воспоставија нови деловни односи со партнери од Босна и Херцеговина, Западен Балкан и од други земји.

- Организирање конференција во Требиње „Потпомагање на регионалните туристички производи“ (17 мај 2022 г.)

Учесниците на панел-дискусијата имаа можност да ги споделат своите погледи за актуелната состојба во полето на туризмот, пречките со коишто се соочуваат секојдневно, како и да предложат одредени решенија во тој однос. Со цел да се подигне туристичката дејност на повисоко ниво, стопанствениците и инвеститорите во туризмот сметаат дека е неопходно да се изменат некои закони и да се земе предвид укинување на ДДВ-то за туристичките услуги или да се воведе различна стапка, или пак значително да се намали ДДВ за туристичките услуги поради важноста на забрзаниот развој на оваа дејност.




- „Академија за дигитални услуги на ЕУ и коморите од ЗБ6“ – настан на маргините од 5. Дигитален самит на Западен Балкан организиран во Приштина (20-23 септември 2022 г., Брезовица, Косово)

Со цел да се зајакне улогата на стопанските комори како даватели на деловна поддршка на локалните претпријатија во однос на важни прашања поврзани со конкурентноста на МСП, академијата понуди размена на најдобрите практики развиени од стопанските комори во земјите-членки на ЕУ со релевантни експерти за разни услуги, фокусирајќи се на дигиталните услуги како алатка и сервис за компаниите/клиентите. Низ 4 дена и 5 сесии, академијата понуди говорници на високо ниво од Европската комисија, земјите-членки на ЕУ, РСС, претставници од земјите на ЗБ, меѓународни финансиски институции, истакнати експерти во полето на информатичката технологија и комуникациите и претставници на приватниот сектор.



- Самит за извршни директори „Интерконект“ (28-29 септември 2022 г., Белград, Србија)

Самитот обедини претставници од мултинационални компании чијшто вкупен годишен обрт надминува 50 милијарди евра со речиси 200 компании од Западен Балкан што извезуваат во 124

пазари низ светот. За време на двата дена од самитот, учесниците дискутираа за светските деловни предизвици, дигитализацијата и вклучувањето на компаниите од Западен Балкан во глобалните синџири на снабдување.

- Организирање регионална конференција на Западен Балкан и Б2Б-настан (2 ноември 2022 г., Белград, Србија)

Настанот беше еден од најголемите собири од секторот ИКТ, енергетика и зелени технологии што некогаш се одржал во Белград, а поврзан со соработката меѓу регионот ЗБ6 и САД. Повеќе од 160 компании од ЗБ учествуваа на настанот, од Белград, Скопје, Приштина и Пеќ, до Бања Лука и Сараево, а беа закажани 260 Б2Б-средби со американски компании.

- Инвестициска конференција на Западен Балкан 2022 г. (22 ноември 2022 г., Љубљана, Словенија)

КИФ и Советот за регионална соработка собраа европски инвеститори од Австрија, Хрватска, Италија и Словенија, агенции за привлекување инвестиции, министри надлежни за инвестициски политики и привлекување инвестиции, регионални организации и меѓународни финансиски институции за да им ги претстават можностите и придобивките од инвестирањето во регионот во рамки на Инвестициската конференција на Западен Балкан. На конференцијата беа претставени инвестициските потенцијали на ЗБ6, како и сведоштва од водечките инвеститори како што се групацијата НЛБ, Колектор ЦЦЛ, Атлантик група, групација Сол/ТГС Технички гасови, групација Сигал Јуниква Австрија, Микроелектроника и многу други, со фокус на стекнатото искуство, како и клучните проблеми на владите од ЗБ6 во однос на последниот развој на глобално и регионално ниво.

- Церемонии за доделување средства од Регионалниот фонд за предизвици се одржаа низ шесте земји на Западен Балкан



Конзорциумите составени од образовни институции и претпријатија што воспоставија партнерство во насока на развој и спроведување на дуално или практично образование беа предложени за финансирање во рамки на првата фаза од проектот на Регионалниот фонд за предизвици, доделено за вложување во опрема и инфраструктурни зафати во образовните институции, како и за финансирање обука на вработените во училиштата и претпријатијата. Домаќин на церемонијата во Скопје беше г. Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Северна Македонија, придружуван од високиот претставник од германската амбасада Ото Граф и директорот на германската развојна банка КфВ Рене Ешеман.

# МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ



**30.3.2022**

**ГОЛЕМИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО ЗЕМЈАВА СЕ ОД ИНТЕРЕС НА АВСТРИСКИ КОМПАНИИ**

**Македонско-австриски бизнис-форум со компании од областа на патната и железничката инфраструктура**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80166



**13.4.2022**

**ПОДГОРИЦА- БИЗНИС ФОРУМ КАКО ПОДДРШКА НА СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80199



**30.5.2022**

**ОДЖАН МАКЕДОНСКО-РОМАНСКИ БИЗНИС ФОРУМИ БИЛАТЕРЛАНИ СРЕДБИ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РОМАНИЈА ЈА ЈАКНАТ БИЗНИС СОРАБОТКАТА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80253



**13.6.2022**

**КОМОРАТА ДЕЛ ОД БИЗНИС ФОРУМИ ВО ТРЕВИЗО И ВЕНЕЦИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=80273



**28.6.2022**

**ОСТВАРЕНА РАБОТНА СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА АРГЕНТИНСКАТА РЕПУБЛИКА ВО НАШАТА ЗЕМЈА СО СЕДИШТЕ ВО СОФИЈА**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90290

**05.9.2022**

**ЗАЕДНИЧКО ПРИВЛЕКУВАЊЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО БЕЛГРАД, А ЗА ЗАЕДНИЧКО СПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА ВО СОФИЈА**








https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90353




**26.9.2022**

**ДАУТИ БИЗНИС ФОРУМ**

**Од општи формулации кон конкретни разговори**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=90377



**07.12.2022**

**ОДРЖАН МАКЕДОНСКО-БУГАРСКИ БИЗНИС ФОРУМ**

**„До една милијарда и понатаму“**

https://www.mchamber.mk/default.aspx?mid=3&lng=1&evId=110515

# АКТИВНОСТИ НА КРИЗНИОТ ШТАБ НА СКСМ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Кризен штаб на Стопанската комора на Северна Македонија за справување со енергетската криза

За спроведување на активностите поврзани со оперативното работење во Комората на година а предизвикани пред се влошената енергетска состојба поради енормното зголемување на цената на електричната енергија, **п**ретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија донесе одлука со која се прогласи **кризна состојба во работењето на Комората, со траење од 15 септември 2022 година до 15 април 2023 година.** За таа цел се формираше Кризен штаб на Комората чија задача беше да им даде максимална поддршка на компаниите во кризната ситуација, преку обезбедување на континуирана достапност до информации и преземање на активности врзани за полесно поминување низ кризниот период. Кризниот штаб на Комората кој стои на располагање на компаниите членки на Комората 24/7 беше во следниот состав: д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, шеф на Кризниот штаб; м-р Анета Трајковска, заменик-шеф на Кризниот штаб; м-р Антонета Манова Ставреска, секретар на Кризниот штаб.
Поради релаксирање на состојбата со растот на цената на електричната енергија за стопанството, Кризниот штаб на СКСМ во овој состав заврши со своите активности на 10 јануари 2023 година.

Резиме од преземените активности во периодот на негово функционирање:

- Реализирани состаноци и средби со повеќе од 50 компании;
- Објавени 60-тина информации на сајт и социјални медиуми;
- Организација и подготовка на соопштенија за јавнот и изјави за медиуми;
- Реализирани повеќе средби со министерот за економија, Крешник Бектеши, средба со вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Бесими и секојдневна комуникација со претставници од релевантни државни институции во врска со прашањата и иницијативите поврзани за електричната енергија. Организирани средби и со меѓународни институции;
- Подготвени десетина мислења, иницијативи и предлози поврзани со прашањата за енергетската криза.

***ЛИНК ДО ИЗВЕШТАЈ ОД КРИЗЕН ШТАБ***

# УСЛУГИ НА КОМОРАТА

Структурата на Комората е така формулирана да покрај активностите со Здруженијата, Асоцијациите, Групациите, Клубовите, Советите, се нудат и серија услуги на комерцијална основа кои се од интерес на фирмите членки но и на компании кои не се членки.

## ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

**Центарот за едукација во текот на 2022 година организираше 85 едукативни настани на кои учествуваа 1.304 посетители.** Истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор. Водени од се она што го научивме за време на пандемијата, како и од позитивните искуства и коментари на нашите учесници, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси одлучи и во 2022 година да продолжи со онлајн едукација. Дополнително, како и во изминатиот период Центарот за едукација и развој на човечки ресурси ќе продолжи да ги следи Протоколите за организација на едукативни настани со физичко присуство, обезбедувајќи соодветни просторни услови, запазувајќи ги сите мерки за непречено одвивање на семинари, обуки и советувања за кои неминовно е физичко присуство, прилагодувајќи се на ситуацијата и потребите на пазарот.

Центарот за едукација активно ги следеше барањата кои произлегуваа од промените во Законската регулатива, како и барањата и потребите на компаниите во доменот на меки вештини и користење на ИКТ алатки.

Во диркетна комуникација со компаниите беа реализирани и неколку in-house обуки на тема: Деловно комуницирање и комуникација на работно место и ефикасна организациска комуникација-улога на лидерот при вертикална,хоризонтална и асертивна комуникација на работно место.

Помеѓу останатите семинари кои беа од особен интерес за компаниите беа и оние кои се однесуваат на јавните набавки, канцелариско и архивско работење, управување со отпад, Законот за заштита на личните податоци, безбедност и заштита при работа, дигитален маркетинг, електронска продажба и напреден Ексел.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за членство, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 511 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 4905 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 696 дигитални сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 2156 дигитални сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 455 АТА-карнети;
- 2 потврди за ексклузивитет;
- 11 потврди за слободна продажба;
- / потврда за единствен производител
- 2 потврди за производител;
- 6 потврди за членство во Комората;
- 162 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 29 мислења за исполнување на економските услови.

**ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ**

И покрај продолжените ограничувања предизвикани од глобалната пандемија, Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите според утврдените работни и програмски задачи, ги реализира следниве активности во 2022 година:

1. Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015, се завршени во една, а се во тек во друга компанија;
2. Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001:2018, се во тек во една компанија;
3. Обуки за интерни проверувачи согласно водичот за интерни проверки ISO 19011:2018 се извршени во компании во кои се имплементирале менаџмент системи;
4. Активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитација на ИСРСМ:
    - ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРСМ;
    - ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРСМ;
    - ТК 13 за безбедност на храна при ИСРСМ
5. Активно учество во процесот на континуиран надзор на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Северна Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на TUV NORD;
6. Активно учество во континуирано одржување и проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Северна Македонија, согласно ISO 9001:2015, како и ISO 19011:2018, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;
7. Активен допринос во анимирање/посети и запознавање на фирмите за проблематиката од областа на стандардите;
8. Активно учество во коморски проекти преку изработка на брошури, остварување контакти и реализирање на survey-и во компании и Комората, во зависност од проблематиката на проектот;
9. Учество во активностите на Советот за странски инвеститори при Комората;
10. Реализирање на обука за консултант за IFS ( International Food Standard) во Нови Сад;
11. Одржување на лиценцата за овластен Lead auditor во IRCA ( International Register of Certified Auditors) во Лондон;

**ПРОЕКТОТ EXCELLENT-SME МОЖНОСТ ДА СЕ НАПРАВИ РАЗЛИКА МЕЃУ УСПЕШНИТЕ И ПОМАЛКУ УСПЕШНИТЕ КОМПАНИИ**

Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Главната цел на сертификатот, се совпаѓа со ЕУ-директивите, да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Сертификатот им овозможи на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет. Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот постојните и идните деловни партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.

Овој проект Стопанската комора на Македонија го започна во април 2013 година, а од година во година се е поголем е бројот на компании кои ја препознаа потребата од Excellent, односно ги увидоа бенефитите како сопственици на сертификатот Excellent-SME.

Проектот Excellent SME е застапен во девет држави ,земјите кои произлегоа од поранешните југословенски републики : Словенија, Србија, Македонија, Хрватска, Црна Гора, но и: Романија, Унгарија, Бугарија, и Словачка .

Од особена  важност е соработката меѓу компаниите носители на Excellent SME сертификатот од сите земји од регионот како одговор на глобализацијата на големите компании, а Стопанските комори имаат голема улога во развојот на овие релациите помеѓу компаниите.

Исклучително важно за проектот е дека истиот се зголемува, а со тоа се зголемува  и белата листа на компании. На овој начин ќе се зголеми и регионалната поврзаност помеѓу компаниите  и заедничкиот настап на Excellent SME компаниите на трети пазари.

Во Македонија компании кои се здобија со сертификатот Excellent SME се триесетина  успешни компании кои и во услови на криза успеаја да се здобија со овој сертификат. Најголем број на Excellent SME компании во Македонија се во дејноста трговија, производство и градежништво.

**ЦЕНТАР ЗА ПОКРОВИТЕЛИ**

„ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА - КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС"

Стопанската комора на Македонија, во интерес на членките да им понуди ексклузивни услови преку проширен асортиманот на услугите, веќе неколку години го практикува  Проектот: Покровителство на Стопанската комора на  Северна Македонија. Целта е во пакет преку повеќе видови на услуги кои ги користат континуирано подолг временски период со што на располагање е ставена расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

**Според планираната програма за 2022 година:**

- обновени се договорите за Премиум Покровителство  со сите досегашни  компании;
- обновени се договорите за Стандард Покровителство со сите досегашни компании;
- обновени се договори за Силвер Покровителство со  сите досегашни компании
- воведен уште еден тип на покровителство- Стандард плус покровителство;
- Беше зголемен  и подобрен  квалитетот на услугите вклучени   во  содржината на секое покровителство;
- продолжување и одржување на постојните контакти и заеднички активности  по однос на договорите за покровителства;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на ТВ екрани на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат и на 5- ти кат сала 4;
- брендирани се: сала 3 на 3-ти кат и сала 53 на 4-ти кат;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, 5-ти кат сала 4 и во лифтот во Комората;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- беа реализирани поинтензивни контакти и работни активности со покровителите;
- објавување на огласи на добиени од покровителите на веб страната на Комората;
- организација на тематски презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на  покровителите и осмислени од страна на нашите експерти;
- повеќе заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Северна Македонија, и со владините институции во државата;
- реализирани сите тековни барања доставени до Комората од страна на покровителите кои произлегуваат од нивните деловни активности;
- рекламирање на производи/услуги на веб страната на Комората;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;

- објавени информации за успешните деловни резултати на покровителот и неговите нови услуги/производ до сите фирми членки на Стопанската комора на Македонија;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите) за промоција, на барање на покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- зголемени на бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Северна Македонија кон покровителите;
- целосно се исполнети одредбите од договорите за покровителство кон покровителите;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање;
- можност за склучување на договорите за подолг временски период со одреден попуст во зависност од типот на покровителството.

Бр. 02-387/5
12.4.2023 година
С к о п ј е

Претседавач,
д-р Ристо Јаневски

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1